Република Македонија

Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје
Филозофски факултет
Институт за социологија

# Влијанието на екстерните испити од државната матура врз квалитетот на образовниот процес во Р. Македонија

Ментор:
Проф. д-р Зоран Матевски

Кандидат:
Гордана Трајкова- Костовска

Скопје, јануари 2013

## СОДРЖИНА

**Прв дел**
**Вовед**

1.1 Општествена и научна оправданост на истражувањето... 8
1.2 Предмет на истражувањето ..... 14
1.3 Цели и задачи на истражувањето ..... 17
1.4 Општествено-практична цел на истражувањето ..... 24

**Втор дел**
**Теориски и методолошки приод**

2.1 Теоретска рамка и појмовно категоријален апарат на истражувањето ..... 29
2.2 Хипотетичка рамка на истражувањето ..... 46
2.3 Методолошка поставеност на истражувањето ..... 48
2.4 Примерок на истражувањето ..... 50
2.5 Методолошка постапка за анализа на податоци ..... 53

**Трет дел**
**Евалвација на образовните постигања и нејзините функции**

3.1. Потреба од евалуација и видови..... 55
3.2. За и против следење и оценување ..... 60
3.3. Екстерните испити од државната матура како механизам за следење и контрола на квалитетот во образованието ..... 63
3.4. Зошто беа потребни реформи во системот на проверување и оценување во Р.Македонија (краток осврт) ..... 68
3.5. Државна матура во Република Македонија ..... 71
3.6. Државна матура во некои европски земји..... 72
3.7. Обезбедување на квалитет на образованието во Р. Македонија ..... 76

**Четврти дел**
Анализа на резултатите од истражувањето

4.1 Анализа на резултатите од прашалникот за ученици-матуранти ..... 79
4.2 Анализа на резултатите од прашалникот за студенти ..... 90
4.3 Анализа на резултатите од прашалникот со наставници. 103
4.4 Анализа на резултатите од прашалникот со директори... 115
4.5 Анализа на резултатите од интервју со инспектори ..... 126

**Петти дел**
Заклучни согледувања и препораки ..... 130

**Прилози** ..... 137

**Користена литература** ..... 163

# 1. ВОВЕД

Основен предуслов кој ќе ја претвори Европа во општество на знаење, а ќе ја направи европската економија подинамична и покомпетитивна во светот до 2010 година е постоењето на квалитетно образование за сите. Ова се парафразираните зборови на Вивијан Ридинг (Viviane Reading), европскиот комесар за образование и култура, искажани во предговорот на студијата под наслов "Евалуацијата во задолжителното образование во Европа" издадена од Европската комисија во 2004 година.

Обезбедување на квалитет во задолжителното образование во Европа е всушност едно од барањата содржано и во Лисабонската стратегија, но и обврска на земјите од Европската Унијата која произлегува од препораките на Европскиот парламент усвоени во 2001 година. Согласно овие, препораки, земјите членки на Унијата треба да развијат методологија за следење на квалитетот на своите образовни системи, да стават посебен нагласок на поделбата на одговорноста помеѓу образовните власти и училиштата и да воспостават меѓусебна соработка во оваа област. Со други зборови, обезбедувањето на квалитет во образованието е еден од најважните приоритети на земјите членки на Унијата, кој подразбира подобрување на квалитетот на образовните услуги и создавање култура на оценување (кој оценува, што се оценува, со каква цел се оценува и како се користат резултатите од оценувањето). И не само во земјите од Унијата. Обезбедување на квалитетно образование е приоритет на владите во голем број држави во светот (особено во новосоздадените демократии) и затоа тие прават чести проверки на квалитетот на своите образовни системи (Quality assurance).

Клучна улога во тој процес има евалуацијата. Преку неа се откриваат слабостите во образованието, кои пак се индикатори за потребата од преземање реформски зафати за изнаоѓање на логични решенија за нивно надминување. Речиси не постои образовен систем во светот кој не содржи барем неколку модели на евалвација. Тие се користат со различна цел, се спроведуваат на различни нивоа од

образовниот систем. За спроведување на овие мерења се ангажираат различни евалуатори, но, сите се во функција на подобрување на квалитетот во образованието. Всушност резултатите од секоја евалуација се користат за различни анализи и истражувања кои најчесто завршуваат со препораки, иницијативи, реформи во насока на подобрување на квалитетот на образовните услуги.

Од Информативната мрежа за образование при Европската унија (EURYDICE), се дознава дека најголем број европски образовни системи имаат развиено модели за двојна евалвација на образовните постигања и поделба на одговорностите на различни нивоа на власт. Со нив се оценуваат постигањата на учениците, но и училишната клима. Ваквите модели за евалвација овозможуваат големи дострели во образованието. Тие се во надлежност на училиштата, локалната, централната власт или на независни експерти и најчесто се регулирани со закон. Така на пример, во австрискиот, бугарскиот, малтешкиот образовен систем постои модел за евалвација кој е фокусиран исклучиво на работата на наставниците, бидејќи се смета дека само добри наставници можат да понудат квалитетни образовни услуги. Во португалскиот систем на образование постои модел на екстерна евалуација во надлежност на просветната инспекција и има за цел да повери дали училишната организација и менаџмент се во согласност со пропишаните национални стандарди. Во шведскиот образовен систем, состојбата е променлива. За евалуација на постигањата на учениците надлежна е локалната власт, а супервизија во образованието ја спроведува Националната агенција за образование по барање на родителите, кога кај нив постојат сомнежи дека училиштето не ги почитува образовните стандарди. Во данскиот образовен систем оваа задача е во надлежност на локалните образовни власти. Моделот за евалвација на работата на училиштата во Франција во нижото средно образование се оценува преку работата на директорите. Во Холандија, за евалуација на образовните цели и задачи задолженени се инспектори. Во фокусот на вреднувањето се менаџерските способности на директорите, нивниот однос со јавноста, финансиското работење, бидејќи сметаат дека од нив највеќе зависи квалитетот на наставата во училиштата.

Карактеристичен е моделот за евалвација на образовните постигања во Р.Чешка, бидејќи евалуацијата е во надлежност на основачите на училиштата. Во Естонија, државната супервизорска агенција е активно вклучена во сите аспекти на евалуацијата во училиштата, па дури и оние од здравствевен и од безбедносен карактер. Во Полска инспекторатот (кураториум) е задолжен за евалвација на образовните постигања, а експертите од локалната самоуправа се одговорни за административно-финансиската и менаџментската евалуација. Во Романија инспектори ја оценуваат работата во училиштата, но тие, исто така, имаат и советодавна улога. Даваат препораки како училиштата да го подобрат квалитетот на образовните услуги. Постои и национална комисија која има задача да оцени дали тие ги исполнуваат условите за акредитација. Во Англија и Велс, постојат инспектори, кои законски се обврзани да ја контролираат работата на јавните училишта (секое училиште го посетуваат еднаш годишно). Секоја шеста година тие подготвуваат извештаи за квалитетот на работата во училиштата и ги доставуваат до централните образовни власти. Локалните образовни власти имаат ограничена моќ на планот на евалуацијата, но се вклучени во анализата на резултатите и давањето препораки кои произлегуваат од нив.

Р. Македонија, иако не е членка на Унијата, таа постојано покажува интерес за подобрување на квалитетот на сопственото образование и се грижи за зајакнување на вербата во вредноста на образованието. Од осамостојувањето до денес, македонските образовни власти речиси и не престанаа да спроведуваат реформи во таа насока. Но, со право може да се каже дека од укинувањето на Законот за организирање на дејноста за унапредување на воспитанието и образованието во 1991 година, во основните и средните училишта во Македонија нередовно се врши стручен надзор над нивната работа од низа причини. Во голема мера тој е редуциран, проретчен. Во моментот постојат неколку механизми за следење и вреднување на квалитетот на македонското образование.

Така на пример, Просветната инспекција со Законот од 2005 година, доби овластување да врши инспекциски надзор и да се грижи за

промоција и подигање на стандардите, квалитетот и постигањата во образованието, но тој надзор се сведува, главно, на нормативно-правните аспекти од работењето на училиштата.

Бирото за развој на образованието, е исто така, институција која врши советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот во воспитно-образовните установи. Изработува образовни стандарди и стандарди на постигањата на учениците и спроведува активности за вреднување. Слабоста на овие две надлежни институции е тоа што тие не ги спроведуваат систематски своите надлежности и што не постои јасна методологија за вреднување на квалитетот на работата на училиштата.

Освен тоа, училиштата не се оспособени за самоконтрола и самовреднување на квалитетот на сопствената работа и тоа ја прави состојбата уште понеповолна. Исклучок од оваа неповолна состојба во врска со следењето и вреднувањето на квалитетот на образованието се екстерните проверки, кој ги организира и спроведува Државниот испитен центар. Но,тие се со ограничен обем затоа што се однесуваат само на наставните предмети кои се дел од листата во Концепцијата за државна матура и завршни испити и не можат да бидат целосна замена за континуирано и сеопфатно следење и вреднување на работата на училиштата, односно на квалитетот на постигањата на учениците.

Според тоа, може да се каже дека надлежните државни органи за образование, како и самите училишта, како носители на воспитно-образовната работа, не располагаат со систематски и навремено прибрани, целосни повратни информации за квалитетот на основното и средното образование во нашата земја. Поради тоа, тие не се во состојба да донесуваат соодветни одлуки, ниту да преземаат конкретни активности во насока на негово подобрување.

Екстерните испити од државната матура кои се спроведуваат во средното четиригодишно образование во Р.Македонија всушност се дел од системот за следење и контрола на квалитетот во образованието. Државниот испитен центар ги организира и реализира овие испити веќе 5 години, но, за жал, резултатите од овие испити Министерството за образование и наука не ги користи како индикатор за креирање на нови

образовни политики и стратегии во насока на подобрување на квалитетот на образованието, што е редовна практика во голем број европски земји.

Како советник во Државниот испитен центар задолжен за координација на дел од активностите поврзани со матурските испити, одлучив, со помош на ова истражување, да утврдам дали и во кој мера, екстерните испити, влијаат во насока на подобрување на квалитетот на средното образование.

Исто така, преку ова истражување, ќе се обезбедат информации за тоа како е прифатена идејата за воведување на државната матура во Р.Македонија од страна на давателите, примателите на образовни услуги и од пошироката јавност, но ќе се откријат и евентуалните недостатоци на Концепцијата за државната матура, особено нејзиниот екстерен дел.

Очекувам ова истражување да ја потврди филозофската, општествената и финансиска оправданост на концепцијата за воведување на екстерните (централизирани) испити на крајот од четиригодишното средно обрзование, но и да ја зацврсти идејата за неопходноста од следење и контрола на квалитетот на македонското образование преку екстерни проверки.

## *1.1. Општествена и научна оправданост на истражувањето*

Прашањето за оценувањето (евалвацијата) на луѓето, нивните знаења и способности кои реализираат одредени работни задачи и извршуваат одредени општествени улоги е многу старо и има своја историја. Уште во најстарите општествени заедници луѓето меѓусебно се споредувале, се оценувала зрелоста и подготвеноста на младите за извршување на одредени работни задачи.

Во Спарта им се проверувале и вреднувале способностите на момчињата за изведување на воените вештини, а во Атина и вештините за гимнастика, поезија, говорништво и сл. (Mirković, Đjorđjević, Ernjaković,1967:7).

Уште во 200-та година пред нашата ера, во Кина се спроведувани одредени испитувања за компетенциите кои треба да ги има еден јавен службеник.

Во средниот век постоеле проверки преку кои се оценувало дали некој е подготвен да стане витез, свештеник или мајстор. Причина за ваквите проверки и оценување на способностите и вештините на луѓето била желбата за наградување според вложениот труд.

Во периодот на мануфактурното производство, вештите мајстори се здружувале и редовно го проверувале и вреднувале квалитетот на сé она што го произведувале со сопствени раце. Квалитетното производство им ги зајакнувало чувствата на гордост, самодоверба и припадноста кон сопствениот еснаф.

Подоцна, со развојот на индустриското производство, сопствениците на фабриките, за да го намалат процентот на произведена стока со грешка, назначувале инспектори, така наречени контролори на квалитетот. Нивната задача била да ја контролираат секоја фаза на производниот процес, односно да пронаоѓаат механизми како да се превенираат грешките уште во процесот на создавање на производите.

И денес, сите ние сме во ситуација да оценуваме нешто или некого, да бидеме во улога на оценувачи или да бидеме предмет на оценување. Оценуваме настани, појави, производи, ги оценуваме сопствение и туѓите постапки. Оценуваме и не оценуваат во текот на целиот живот. И тоа е сосема логично. Секоја човекова иницијатива и активност, која претендира да стане општествено признаена, почитувана и ценета мора да биде вреднувана, оценувана.

И образовните постигања, исто така, се проверуваат и оценуваат. Всушност се вреднуваат ефектите од воспитно-образовниот процес, со цел тој да биде поуспешно насочуван и раководен. Но, при вреднувањето мошне важно е да се знае кој вреднува, што се вреднува,

и со каква цел. Така на пример, според современото сфаќање на вреднувањето не е доволно само да се проверат и оценат знаењата, умеењата и сфаќањата на учениците, туку и нивните способности за критичко мислење, заклучување, формирање на ставови, за лично и социјално прилагодување, бидејќи од нив зависи нивниот севкупен развој. Нема сомнение дека учителот кој реализира одреден вид наставна програма е задолжен и да изврши проверка и оценување на резултатите од неа, меѓутоа, ваквото сфаќање денес се смета за еднострано. Според современото сфаќање на вреднувањето не е доволно само наставниците да ги оценуваат знаењата и способностите на учениците. Наставата не е само работен процес во кој се оценува кој колку работи и каков придонес дал за негов успех или неуспех. Наставата е и општествена категорија за чии ефекти е заинтересирана и државата. Таа преку одредени институции и механизми има право да провери како се остваруваат образовните цели во наставата.

Од тие причини голем број држави во светот се обидуваат да воспостават механизми за редовно следење и вреднување на прогресот кој го постигнуваат нивните ученици и наставници во процесот на учење и поучување. Земјите од Европската унија одат до таму што преку мрежи за меѓусебна соработка се обидуваат да воспостават заеднички (европски) стандарди за вреднување на квалитетот на образованието со кои би го зацврстиле своето единство. Тие сфатија дека опстанокот на европската заедница во голема мера зависи од квалитетот на знаењата и способностите кои ги поседуваат нејзините граѓани и затоа се обидуваат да им обезбедат квалитетно образование. Еден таков обид е програмата " Socrates" на Европската комисија во 2003/04 година со која беа опфатени стотина училишта од различни европски земји. Преку оваа програма се воспоставија стандарди за евалуација во задолжителното образование во Европа и нив ги применуваат најголем број земји – членки на Унијата. На овој начин тие докажаа дека во Унијата "созреано е сфаќањето дека човечкиот капацитет е основа за прогрес на државите и народите и дека човекот со својот интелектуален, емоционален, социјален и работен капацитет претставува најзначаен извор на моќ и богатство на една нација или држава".(Suzić, 2003:119). Дека без учење,

проверување и постојано усовршување човекот не може да стане почитуван професионалец, ниту врвен стручњак.

Но, следењето и вреднувањето на образовните цели е мошне сложена и одговорна задача. Станува збор за еден вид на мерење засновано на постапки и мерни инструменти, кое ако не е соодветно осмислено може да предизвика сериозни последици во образовниот систем. Доколку мерењето се изведува со соодветни инструменти и покажува незадоволителни ефекти, тогаш може навреме да се преземаат соодветни активности за надминување на слабостите во образовниот процес. Значи, целта на следењето и вреднувањето во образовниот процес е во насока на подобрување на квалитетот на образовните услуги, контрола на процесот на поучување и резултатите од него. Само добро планиран, организиран и следен (контролиран) воспитнообразовен процес може да биде квалитетен. Сите овие активности се поврзани и се заемно условени.

Во Р. Македонија евидентни се напорите на државата да го подобри квалитетот на образованието. Самоувереноста на македонските образовни власти за квалитетот на македонското образование беше доведено во прашање повеќе пати и тоа беше поттикот да се зголемат вложувањата во образованието. Образовните власти обезбедија бесплатен пристап до интернет и компјутер за секое дете, бесплатни учебници, но презема и низа активности во насока на зајакнување на контролата врз резултатите од постигањата на учениците во наставата. Слабите постигања на учениците во основните училишта на неколкуте спроведени национални и меѓународни тестирања беа доволно цврсти докази дека на македонското образование му недостасува подобар квалитет. "Квалитетот на македонското образование се доведе во прашање и со извештаите на странските експерти за оценување кои во нив истакнуваа дека македонската држава нема докази за квалитетот на постигањата на учениците на сите степени на образование".[1]

---

[1] Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, Скопје: Министерство за образование и наука на Р.Македонија, 2005: 373.

Државната матура во Р. Македонија е еден вид евалвација, (проверка и оценување) на постигањата на учениците на крајот од средното четиригодишно образование. Се воведе со цел да се подигне квалитетот на наставата и учењето и да се надмине субјетивизмот во оценувањето. Државната матура (особено нејзиниот екстерен дел), е модел на испит за претходна проверка на можностите на матурантите за успех во идното образование. Според резултатите (постигањата) на матурските испити, учениците – матуранти или продолжуваат со академско образование на повисоко ниво или се вклучуваат на пазарот на трудот. Екстерните испити на државната матура треба да бидат основа за стекнување на поквалитетни и трајни знаења кај учениците. "Особена придобивка за учениците што го продолжуваат образованието е тоа што тие нема да полагаат посебен испит за влез на универзитетите и ќе биде олеснета нивната професионална ориентација. А предложените наставни предмети кои влегуваат во листата за државна матура добро ќе го прогнозираат успехот на учениците на студиите."[2]

Во ова истражување ќе се анализира државната матура како модел за следење, проверување и оценувањето на постигањата на учениците, а во фокусот на вниманието ќе бидат промените, ефектите во средно образование предизвикани од екстерните испити на државната матура во Р. Македонија. Со истражувањето треба да се утврди, дали екстерното проверување и оценување на знаењата на учениците во рамките на државната матура ги мотивира учениците повеќе да учат и да стекнуваат поквалитетни знаења; дали се подобрил квалитетот на наставата, дали се зголемила одговорноста на субјектите вклучени во наставата, дали се подобрила климата и културата во училиштата, односно дали се подобрил квалитетот на средното образование. Со истражувањето ќе се откријат и евентуалните недостатоци на Концепцијата за државна матура и за завршен испит во јавното средно образование во Р.Македонија според која во моментот се реализираат завршните испити во четиригодишното средно образование.

---

[2] Концепција за матура и завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Р. Македонија, Скопје: Државен испитен центар, 2009:10.

Се очекува резултатите од истражувањето да побудат интерес кај компетентните образовни институции во Македонија (Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Просветниот инспекторат, Државниот испитен центар, универзитетите) за понатамошни истражувања и анализи, чија цел би била утврдување на корелацијата помеѓу постигањата на учениците на крајот од средното образование и идните академски постигања. На тој начин би се проверила една многу важна цел на државната матура: дали таа навистина им обезбедува на учениците сертификат за завршено средно образование кој е истовремено и влезница за високото образование. Од компетентните институции се очекува резултатите од ова истражување, да ги употребат како индикатори за понатамошни предвидувања за развој на образованието и истите да ги имаат пред вид при креирањето на идните образовни реформи.

Резултатите од истражувањето треба да бидат предизвик за голем број училишни социолози и педагози. Тие треба да поттикнат кај нив активности во насока на подигање на свeта кај младите луѓе за тоа колку е важна улогата на образованието и завршните испити при формирањето на нивните способности, вештини, ставови, вредности. Да сфатат дека (како вели Диркем), “образованието го учи поединецот на специјални умеења и вештини кои му се потребни во неговото идно занимање или професија”...дека ”ние не можеме, а и не треба да се подготвуваме за ист начин на живот; секој од нас според своите наклоности, ќе извршува посебни функции, па затоа треба соодветно да се подготвиме за функцијата која ќе биде наша обврска”. (Жоглев, 2002: 107).

Истражувањето е прво од ваков вид. Вработените во Државниот испитен центар, одговорни за подготовка и реализација на државната матура во Р.Македонија, изработуваат анализи, извештаи за резултатите од државната матура, но тие никогаш не биле искористени како индикатори во насока на подобрување на квалитетот на наставата во средното образование. Извештајот на ова истражување содржи споредбена анализа на постигањата на учениците-матуранти за период од 5 години (период во кој се реализира државната матура), и од неа ќе

може да се согледа дали екстерните испити влијаеле да се подобри квалитетот на стекнатите знаења кај учениците, што е цел која треба да се постигне со воведувањето на државната матура.

Се очекува истражувањата од ваков тип да станат практика во Државниот испитен центар, а екстерните испити од државната матура да станат рутински модел за следење и контрола на квалитетот во образованието, што е случај во најголем број држави во Европа и во светот.

За многумина социолози на образованието, истражувањето би можело да биде извор на информации за научни истражувања во функција на проучување на идиосинкратската црта на образованието во Р.Македонија. И заради сите горе наведени аргументи, се очекува истражувањето да обезбеди своја научна и општествена оправданост.

## *1.2. Предмет на истражувањето*

Во Европа во 90-те години на 20 век се почувствува зголемен интерес за оценувањето во образованието и за завршните испити. Причина за тоа беа општествените, политичките и економските промени кои се случуваа во Европа во овој период. Една од нив беше транзицијата кој ги опфати поранешните припаднички на југословенката и руската федерација: Украина, Полска, Киргизстан, Словенија, Литванија Ерменија, Молдавија, Русија, Естонија, Црна Гора, Таџикистан, Азербеџан. Пред сите овие земји беше поставен нов национален инператив – “образованието да се претвори во место за создавање на работна сила со знаења и способности која ќе одговара на економскиот развој на земјата и ќе биде конкурентна на технолошкиот напредок и глобалната економија“ (George Bethell, 2003: 3). Преку образованието овие земји требаше да ја зајакнат вербата во сопствената нација и културните вредности; да развијат систем за оценување кој ќе им овозможи на училиштата и на високообразовните институции да работат

поефективно, а на поединците стекнување на квалификации за активно учење и можности за вработување во земјата и странство.

Од тие причини, во периодот од 2004 до 2006 година, овие пост комунистички земји започнаа мрежен проект чија цел беше да се воспостави граѓанска платформа за оценување на постигањата на учениците. Проектот беше финансиски поддржан од Европскиот фонд за иновации и умрежување, Институтот Отворено општество и Програмата за поддршка во образованието, а беше раководен од Центарот за тестирање на технологии во Украина. Земјите учеснички во проектот требаше да утврдат како влијаат завршните испити и другите форми на оценување врз квалитетот, правичноста, одговорноста во средното образование.

Од извештајот подготвен во рамките на проектот може да се заклучи дека во земјите учеснички во проектот, воведувањето на завршните испити на крајот од средното образование претставуваат инструмент за воспоставување корелација, помеѓу знењата на учениците по завршувањето на средното училиште и академските постигања. И денес, во овие земји, цели тимови работат на анализи на испитните процедури, составот на тестовите, квалитетот на прашањата, се изготвуваат студии за утврдување на нивото на знаење пред и по тестирањето на учениците. Тие сакаат резултатите од матурата, како завршен испит, да бидат вистинска потврда дека матурантите стекнале минимум потребни компетенции за да можат да се вклучат во економскиот, културниот и политичкиот живот на земјата. На тој начин сѐ повеќе ја стекнуваат доверба кај претставниците од високото образование и од целокупната јавност.

Во Р. Македонија новите модели на завршни испити во четиригодишното средно образование се реализираат согласно “Националната програма за развој на образованието на Р. Македонија 2005-2015” и “Концепцијата за матура и завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Р. Македонија”. Двата документи се од стратешки карактер и во нив е јасно забележлива определбата на Р. Македонија за воведување на државната матура и завршните испити како еден сегмент од системот за следење и контрола

на квалитетот во образованието. Одговорните за македонското образование очекуваат дека со воведувањето на државната матура и завршните испити ќе се следи и контролира квалитетот со кој се реализираат наставните програми во средните училишта; дека преку резултатите од екстерните испити ќе се надмине субјективизмот во оценувањето и ќе се создаде нова култура на оценување. Со зголемувањето на екстерноста на завршните испити, тие очекуваат да се создаде база на валидни и објективни податоци за постигањата на учениците кои ќе можат да се користат за анализи на состојбите во средното образование во насока на подобрување на неговиот квалитет. Со можноста од постоење изборен дел на државната матура се очекува да се олесни професионалната ориентација на средношколците, односно да им го олесни влезот во високото образование. Како посебна придобивка од воведувањето на екстерните испити се предочува зголемувањето на кредибилитетот на дипломите за завршено средно образование како во земјата така и во странство.

Воведувањето на државната матура во Македонија се смета за многу важен, комплексен, концепциски и стратешки втемелен реформски потфат во македонското образование одобрен и прифатен на национално ниво. За негова подготовка и реализација вложени се огромни материјални средства, ангажирани се голем број луѓе, предвидени се големи очекувања и радикални промени во насока на подобрување на квалитетот во средното образование.

Токму затоа *предмет на ова истражување е меѓузависноста на екстерното оценување во рамките на државната матура и промените во средното образование предизвикани од него.*

## *1.3. Цели и задачи на истражувањето*

"Ниту еден образовен процес не може да биде успешно насочуван, раководен ако не се проверуваат континуирано ефектите од него..." (Попоски, 1996:68). А тоа се прави преку евалуативни мерења. Целта на секоја образовна евалвацијата (вреднување) е прибирање на податоци за тоа какви резултати постигнуваат субјектите вклучени во образовниот процес, односно колку квалитетно си ја извршува секој од нив својата работа и колку е квалитетно учењето и поучувањето.

И кога се спроведуваат образовни реформи, исто така, неопходно е да се согледа текот и резултатите од реформата, односно да се вреднуваат ефектите во образовниот систем предизвикани од неа. Затоа креаторите на образовните реформи, (најчесто се тоа државните образовни органи) треба преку евалуативни истражувања да го утврдат: видот и квалитетот на промените предизвикани од реформата од содржински и организациски аспект; да собираат искуства, да ги проучат процесите, да ги согледуваат спецификите и ефектите од промените. Истите ќе помогнат да се надминат евентуалните дилеми и доколку е потребно да внесат промени во насока на усовршување на образовната реформа.

Со помош на евалуативните истражувања тие всушност имаат можност да ја проверат концептуализацијата на реформскиот потфат, но и континуирано да го следат и вреднуваат квалитетот на образованието. Без нив тие не би можеле да го насочуват реформскиот процес, ниту пак можат да бидат сигурни дали започнатата реформа ги предизвикала посакуваните промени.

Овие истражувања добиваат уште поголемо значење во услови кога одлуката за прифаќање на некоја образовна реформа се базира на политички ставови, а не на научно искуствена евиденција, што е чест случај во земјите во транзиција, а и во Македонија. Значи, "за секоја реформа во образованието, како и во други дејности, неопходни се евалуациски истражувања преку кои се откриваат докази на сите нивоа

на анализа (индивидуална, групна, институционална) врз кои се спроведува реформата". (Kundačina, 2003: 47).

Голем број научни трудови од домашната и странската педагошка периодика потврдуваат дека непостоењето на евалуативни истражувања се причина за неуспешни образовни реформи и причина за хаотични состојби во образованието. Така на пример, без евалуативно истражување, Министертво за образование во Хрватска немаше да ги открие недостатоците на концепцијата за државната матура, ниту пак ќе можеа чешкото и полското министерство за образование да ги избегнат образовните ризици предизвикани од новите модели на државна матура.

Евалуативното истражување во Хрватска го предводеше професорот д-р Петар Безиновиќ, виш научен соработник во Институтот за развој на образованието и еден од креаторите на моделот на државна матура во Хрватска. Со истражувањето тој ја откри подготвеноста на училиштата, наставниците и учениците за воведување на државна матура; ги идентификува условите во кои таа се реализира; ја провери валидноста на содржина на државната матура, ги утврди ставовите на директорите, наставниците, родителите и учениците кон државната матура и нивните очекувања од неа.

Резултатите од истражувањето тој ги објави во неделното, априлско издание на списанието "Новости са свеучилишта" од 2010 година. Според нив, државната матура во Хрватска, онаква како што е конципирана и онака како што се спроведува во училиштата претставува голем збир на промашувања. Таа не ги постигнува целите заради кои е воведена, туку таа е цел сама за себе. Според д-р Безиновиќ државната матура во Хрватска е димна завеса зад која се крие отсуството на визија и потребните компетенции на најодговорните за образованието и служи како средство да се увери јавноста дека креаторите на образовната политика спроведуваат сериозни образовни реформи. Тој тврди дека државната матура изворно била замислена како развоен проект. Екстерните испити требале да бидат во функција на идентификување на образовните постигања (образовни излези) во гимназиите и средните стручни училишта и да предизвикаат позитивни промени, кои ќе го унапредат квалитетот на средното образование. Од нив се очекувало

повратно да влијаат во насока на усовршување на наставните програми, методи на учење и поучување, да го унапредат начинот на следење и оценување на постигањата на учениците и сето тоа да допринесе за создавање на нова култура на квалитет во училиштата. Според негово убедување, “од почетните иницијативи, емпириски анализи и предлози вградени во Концепцијата за матура уште во 2003-та година, денес се останати само траги кои се употребуваат во некои формулации и научени фрази од страна на одговорните за образованието”.[3]

Резултатите од истражувањето покажуваат дека на хрватската државна матура и недостасува развојна визија, дека целта е промашена, дека создава дискриминација помеѓу стучното, уметничкото и гимназиското образование, дека ги крши стандардите и начелата на образовните мерења и како таква не претставува механизам за селекција на студентите за упис на факултет и има негативно повратно влијание врз учењето и поучувањето. Недостатоците на државната матура, откриени преку евалуативно истражување, според мислењето на професорот Безиновиќ, јасно сугерираат дека е крајно време, образовната јавност во Хрватска да отпочне сериозен дијалог на еден отворен, јасен аргументиран и научно заснован начин, за тоа како одговорните ја водат образовната политика во Хрватска, а образовните власти да започнат со ново преструктуирање на образовниот систем во Р. Хрватска.

И чешкото министерство за образование успеа преку резултатите од евалуативните истражувања да ги надмине недоследностите во моделот за државна матура кој беше развиван со проектот “Матурат 2001”. Резултатите од евалуативното истражување упатуваа на заклучокот дека треба да се направи сондажа на сознанијата и искуствата од проектот “Матурант 2001”, да се редефинираат целите на државната матура, да се открие поврзаноста помеѓу учењето и оценувањето како гаранција за квалитетот во образованието, а потоа со тоа да се запознае општествената и политичката јавност. Исто така,

[3] (Novosti sa Sveučilišta, 2010,nedelja, 25 Travanj)

преку евалуативни истражувања, чешкото министерство утврди дека преку екстерните испити не може објективно да се измери квалитетот на стекнатите знаења кај учениците, бидејќи на моделот за државна матура му недостасува квалитетна банка на задачи. Министерството оцени дека за имплементација на моделот за државна матура е потребна засилена поддршка, особено методолошка асистенција. Од тие причини во овој процес беа вклучени голем број државни и приватни институции задолжени за развој, следење и евалуација на образовните постигања во средното образование. Заради сите овие недоследности, министерството за образование на Чешка одлучи проектот “Матурант 2001” да продожи во следна фаза во која беше развиена финална верзија на моделот на завршни испити. Ризиците од програмата “Матуран 2001” беа минимални, особено оние кои се однесуваа на екстерните испити. Евалуативните истражувања беа во функција на точно и навремено откривање на недостатоците на секоја фаза од воведувањето на државната матура во Чешка.

И денес државната матура во Р. Чешка е предмет на јавна расправа. Постојано се водат расправи за тоа колку се потребни дополнителни анализи на искуствената евиденција поврзани со државната матура. Се планира да се воведат нивоа на барања во испитните задачи, се размислува како да се намалат разликите во посебностите на средните училишта и како моделот на матура освен знаења да мери и клучни компетенции кај учениците. Одговорните во образованието истражуваат дали завршните испити на крајот од средното образование навистина имаат двојна улога. Дали се тие навистина потврда за заокружување на одреден образовен циклус и карта за влез во високото образование. За решавање на сите овие дилеми одговорите ги бараат во евалуативни истражувања.

Воведувањето на матурските испити во Полска исто така беше проследено со голем број анализи и евалуативни истражувања. За полските образовни власти, евалуативните истражувања се редовна практика. Тоа може да се заклучи од извештаите на Институтот за односи со јавноста. По барање на МЕНИС (Министерство за национално образование и спорт), во списанието “ Analyses and Options”, Институтот

постојано ги објавува резултатите од истражувањата во областа на оценувањето и завршните испити. Од еден таков извештај под наслов: “Промени во оценувањето на матурските испити и препораки” евидентна е грижата на образовните авторитети, да ги согледаат првичните ефекти од воведувањето на завршните испити во средното образование во Полска. Во извештајот се вели: “На полскиот народ му треба добро образование”...”новата матура, која на почетокот беше планирана за 2002 година, се премести за 2005”... “Каква лекција беа за нас искуствата од матурските испити во 2002 година? Што нè научија? Какви подготовки, промени треба да се направат да за се осовременат матурските испити? Што треба да се направи за наредните матурски испити за да се реализира целосно основната цел - за да се усоврши полскиот образовен систем?”...”Процедурите за развој на испитните средства мора да се менуваат”...”Истражувањата покажуваат многу ниска релијабилност на постојниот систем.”

Извештаите говорат дека колку да им изгледа добра некоја алтернатива, полските образовни власти никогаш не ја прифаќаат како образовна реформа сè додека таа не биде прифатена од оние кои неа треба да ја имплементираат. Доказ за тоа се истражувањата на ставовите на средните и високите училишта околу новите матурски испити од кои највеќе зависи судбината на матурските испити. Преку нив тие ја проценуваат структура и функцијата на матурските испити, институционалните предуслови за нивно успешно спроведување и го проверуваат квалитетот на испитните алатки и процедури.

Свесни дека популаризацијата на задолжителното средно образование може да предизвика опасни и драматични импликации во образованието (како на пример, намалување на средната вредност на образовните постигања), со цел намалувањето да биде сведено на минимум, а драматичните импликации избегнати, полското Министерство за образоваие постојано прави анализа на фактите од истражувањата.

Со цел да се надмине сомнежот на академските кругови за селективната природа на матурските испити, полското Министеството за образование и спорт планира долгогодишни емпириски истражувања кои

имаат за цел креирање на модел на испити со кој ќе се воспостави корелација помеѓу резултатите од матурските испити и академските постигања. Тие планираат и проширување на листата на матурските испити, но свесни се дека и таа активност треба да се базира на прецизни анализи и истражувања.

И денес Министерствата за образование на Чешка, Полска и Хрватска, непрекинато спроведуваат евалуативни истражувања со цел усовршување на моделите на завршните испити. Ваквиот тип на истражувања им овозможуваат изнаоѓање на одговори на прашања од типот: дали моделите на завршните испити ги остваруваат целите и функциите за кои се создадени, дали тие допринесуваат за промена на состојбите во образовната практика согласно проектираните очекувања и сл.

Во нашата држава, учениците на крај од средното образование со четиригодишно траење веќе 5 години полагаат државна матура. Државниот испитен центар, кој е задолжен за организација и реализација на екстерните проверки на знаењата на учениците, располага со податоци за бројот на матуранти кои годишно ги положуваат екстерните испити, има сознанија за квалитетот на знаењата и способностите кои ги постигаат матурантите на екстерните испити. Но, досега не реализирал ниту едно севкупно евалуативно истражување со кое би се проверило дали моделите на завршните испити ги остваруваат целите и функциите за кои се создадени. Со други зборови, ниту нарачателите, ниту реализаторите на државната матура не располагаат со целосни информации за тоа дали екстерните испити од матурата предизвикале позитивни промени во средното образование согласно проектираните очекувања во Концепцијата.

Концепцијата за државна матура и за завршен испит во средното образование пак е документ според кој се реализираат завршните испити во средното образование. Во неа се појаснети причините, појдовните основи, визијата за воведување на новите модели на завршни испити, дефинирани се целите и очекуваните придобивки од нив, начинот на оценување, критериумите за полагање на испитите, но никој досега не проверил како таа се применува во практиката. Речиси и не постојат сознанија за тоа што е добро, позитивно во Концепцијата, а

што треба да се менува и усовршува. Вработените во Државниот испитен центар немаат сознанија за прифатеноста на Концепцијата од страна на образовната и поширока јавност. Недостасуваат информации за тоа каков е ставот на директорите, наставниците, учениците, нивните родители во врска со завршните испити и колку се тие подготвени да одговорат на барањата кои ги поставува еден ваков реформски зафат.

Ова истражување е насочено кон промените во средното образование предизвикани од екстерниот дел на матурата и затоа на истражувањето му се наметнуваат неколку задачи:

- да открие дали екстерните испити од матурата придонеле за поквалитетна реализација на наставните програми во средното образование;
- да утврди дали екстерните испити влијаеле врз начинот на наставна работа во средните училишта;
- да утврди дали екстерните испити од матурата се причина за стекнување на поквалитетни и потрајни знаења и способности кај учениците;
- да утвди дали екстерните испити од државната матура обезбедуваат објективни податоци за постигањата на учениците;
- да открие дали учениците кои положиле државна матура се поподготвени да го продолжат своето образование на високообразовните институции;
- да утврди дали со воведувањето на државната матура учениците се помотивирани за учење и дали се поредовни на настава;
- да ги идентификува промените во училишната клима поттикнати со воведувањето на државната матура, формите на интеракција кои се остваруваат во училиштата и пошироко, степенот на ангажираност и одговорност на субјектите директно или индиректно вклучени во наставата (меѓу учениците, наставниците, родителите, менаџерскиот тим на улилиштето, инспекторите);
- да потврди дали со воведувањето на екстерните испити на крајот од четиригодишното средно образование во Р.Македонија се прави вистинска селекција на учениците при упис на факултетите.

Анализата на резултатите од ова истражување ќе даде одговор и на прашањето дали државната матура е квалитетен концепт за екстерно проверување на постигањата на учениците во Р.Македонија и дали таа може да се смета за дел од системот за следење и обезбедување за контрола на квалитетот на образование во Р.Македонија.

Се очекува истражувањето да ја актуелизира потребата од користење на резултатите од екстерните испити при оценување на квалитетот на работата на наставниците, нивната стручна и методско-дидактичка оспособеност за изведување на настава. Тоа значи дека преку постигањата на учениците на државната матура, индиректно може да се оцени и квалитетот на наставничката работа, стручната подготвеност на наставниците, но и на училиштата.

Истражувањето треба да ги поттикне креаторите на образовната политика во Р. Македонија мудро да ги користат резултатите од државната матура во насока на унапредување и развој на образовниот систем. Така на пример, од Бирото за развој на образованието, од Министертвото за образование и наука, се очекува да се престане со спроведување на анегдотски реформи, туку овие институции да пристапат кон систематска примена на процедури и техники за проверка, вреднување на секој отпочнат реформски процес во образованието, врз основа на која ќе може да се креираат конечни одлуки дали реформата треба да се прифати или не.

## *1.4. Општествено-практична цел на истражувањето*

Моделот на завршни испити во Р.Македонија е во функција на контрола на квалитетот на образованието, но сè уште никој не знае дали со него се остваруваат поставените цели и проектираните ефекти во средното образование. Одговорните за следење на квалитетот на македонското образование имаат сознанија за квалитетот на знаењата и способностите кои ги постигнуваат учениците на екстерните испити од

матурата, но сеуште не располагаат со емпириски податоци за функционалноста и успешноста на моделот. Тоа значи дека никој во државата (вклучувајќи ги нарачателите, креаторите и реализаторите на моделите на завршни испити), не преземал одговорност да ги измери и да ги вреднува ефектите од еден толку сложен реформски зафат какви што се завршните испити.

Се очекува резултатите од истражувањето да бидат причина за некои нови промени во наставните планови и програми во средното образование. Така на пример, резултатите од екстерните испити од државната матура (македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, странските јазици и математика) треба да бидат индикатор за квалитетот на наставата по овие наставни предмети. Повисокиот успех на матурантите по овие наставни предмети упатува на заклучокот дека и целите на наставата по овие предмети успешно се реализираат. Спротивно, слабиот успех на матурантите по овие наставни предмети би значело дека во наставата има одредени слабости кои треба да се надминат.

Се претпоставува дека анализата на резултатите од ова истражување ќе биде доволно јака причина заради која ќе настанат промени во динамиката на реализација на Концепцијата за државна матура и завршен испит во јавното средно образование во Р.Македонија. Имено, во Концепцијата предложена од Државниот матурски одбор и усвоена со решение на министерот за образование и наука број 11-6099/2 од 10.10.2005 година, беше утврдена динамика според која требаше да се реализираат моделите на завршни испити. Според таа динамика, до крајот на календарската 2011/12 година, сите наставни предмети предвидени во моделот на државната матура требаше да станат екстерни испити. Тоа на учениците ќе им овозможеше поголема изборност, а оценувањето на постигањата учениците на испитите ќе беше пообјективно,со што ќе се направеше проверка на поставените цели во Концепцијата. Државната матура се реализира петта година, но не според предвидената динамика. Изборноста на учениците во екстерниот дел на матурата сè уште е ограничена на два предмети (учениците избираат помеѓу математика и странски јазик). Полагањето и

оценувањето на најголем број матурски испити сè уште се реализира на интерно ниво (во училиштата) што се коси со целите на моделот за државна матура.

Ова истражување во облик на магистерски труд, содржи информации, податоци, размислувања, ставови, заклучоци изведени од емпиријата. Тие за прв пат јавно ќе бидат презентирани, објавени и веројатно ќе бидат и причина за понатамошни анализи, јавни расправи и дебати. Од тие причини се очекува резултатите од истражувањето да предизвикаат интерес и кај образовните власти, за тоа колку успешно се имплементира проектот Државна матура, колку тој кореспондира со реформите во наставните планови и програми во средното образование.

Според Концепцијата за матура и завршен испит, државната матура треба да им обезбеди на младите луѓе стекнување на диплома со која тие можат да студираат и на факултетите надвор од државата. Резултатите од ова истражување се добра основа да се утврди каква е прифатеноста на дипломата за завршена државна матура на домашните и странските универзитети, но и да се утврди дали таа е причина да се зголеми бројот на млади луѓе кои ја напуштаат земјата.

Образованието е еден вид услужна дејност. Во процесот на давање и примање на услугите се создаваат голем број интеракции помеѓу давателите (наставниците) и корисниците (учениците, нивните родители). Станува збор за планирани, целно насочени, педагошки организирани активности и затоа е мошне значајно како се тие регулирани. Резултатите од истражувањето треба да покажат дали со воведувањето на екстерните испити на крајот од средното образование позитивно се променил и квалитетот на услугите во училишта. Како тие позитивни промени да се сочуваат и да се унапредат? Ова е особено важно затоа што работата на средните училиштата како воспитно образовни институции е регилирана со закон, правилници, наставни планови и програми и други нормативни акти донесени од државните институции кои треба да се менуваат согласно промените на образовните услуги.

Општо е познато дека училиштето не е само место за учење. Тоа е и социјален, животен простор во кој освен образовни се задоволуваат

друг вид на потреби и желби. Во него учениците освен што стекнуваат знаења и способности тие се социјализираат, формираат ставови, развиваат социјални емоции и етички вредности со цел успешно да го продолжат образованието. Наставниците пак се членови на наставнички колективи засновани врз чувството на заедништво, доверба, самопочит, статуси, внимание, стручност, наградување и сл. Од друга страна, тие мора да се запознаени со потребите на учениците за да можат да им понудат квалитетни образовни услуги. Со други зборови и учениците и наставниците треба да се чувствуваат како припадници на училишен колектив заснован на реални потреби и квалитетни односи. Истражувањето има за цел да утврди дали екстерните матурски испити предизвикале промени во потребите на учениците и на наставниците и дали таквите потреби се во согласност со очекувањата и предвидувањата на државните органи кои се грижат за образованието во Р.Македонија. Всушност, со истражувањето треба да се потврди дали со воведувањето на екстерните матурски испити државата обезбедила стандардизирани или антропоцентрични образовни услуги.

Ваквите сознанија од истражувањето ќе им бидат корисни на образовните власти за планирање и организација на други активности во образованието во насока на:

- преиспитување на вложувањата во образованието (дали државата е подготвена да финансира еден ваков гломазен проект каков што е државната матура и завршните испити во средното образование);
- утврдување на степенот на демократизацијата на училиштата во Р.Македонија како фактор за обезбедување на квалитет во образованието;
- проверување дали државата обезбедила доволно предуслови за реализација на квалитетна настава (соодветен училиштен простор, опрема, наставни средства и помагала согласно утврдени стандарди) бидејќи од нив во голема мера зависи успешната реализација на завршните испити;
- да се определи видот на обуките кои им се потребни на наставниците за нивно стручно и педагошко оспособување;

- да се преиспита методологијата за изготвување на учебници и друг дидактички материјал во наставата и сл.;
- да се преиспита системот на подготвување на наставнички кадри во Р. Македонија, особено системот за подготвување на раководните кадри во образованието.

Добиените резултати од истражувањето ќе бидат и показател за тоа колку Р.Македонија социјално, политички и економски созреала и колку успеала да се приближи кон европските образовни стандарди во 21 век. Истражувањето ќе го проблематизира прашањето за односот на општеството (државата) и образовните институции во Македонија кон државната матура, како и прашањето за либерализација во образованието која како филозофска, политичка и социјална концепција во Македонија изврши силно влијание во 60-те и 70-те години на минатиот век.

# 2. ТЕОРЕТСКИ И МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД

## 2.1. Теоретска рамка и појмовно категоријален апарат на истражувањето

Следењето и оценувањето во европските земји се третира како сложено и сериозно прашање за кое е надлежна државата, односно централната власт. Од тие причини државите развиваат различни модели за следење и оценување на образовните постигања.

Согласно сложеноста на истражувачкото прашање, но и поради комплексноста на поимите кои се доведуваат во корелација во ова истражување (екстерната евалвација и квалитетот во образование),се наметнува потребата од подетално определување на следниве неколку клучни поими: настава, вреднување (евалуација), докимологија, екстерни испити, интерни испити, државна матура, стандардизирани тестови на знаења, квалитет во образованието, контрола на квалитетот.

**Настава**

Да поучуваш некого значи да му покажеш како нешто да направи сам, да го воведеш како да научи нешто, а колку ќе научи, пак, зависи од тоа како бил поучуван. Поучувањето и учењето се активни и меѓусебно зависни процеси кои се среќаваат насекаде во секојдневниот живот. Наставата е типичен процес на поучување и учење. За ергодидактичарот Петанчиќ наставата е"... организирано меѓусебно испреплетено поучување и учење, поврзано ...во еден единствен процес" (Попоски, 1996: 28). Носители на овие активности во наставата се наставникот (кој е квалификуван стручњак за поучување) и учениците (кои учат). Улогата на наставникот како поучувач се состои во тоа да им помогне на учениците во учењето, да ги заинтересира, мотивира, да им помогне да усвојат знаења и да ги развијат своите потенцијални способности. Значи наставниот процес е пред сé, психички сознаен процес, процес на учење, односно процес на поучување и учење под раководство на наставникот.

Но, наставата е и контролиран процес. Нема настава, поучување без проверување и оценување. Какво ќе биде поучувањето најмногу зависи од оценувањето. Ако оценките на постигањата на учениците се позитивни, тогаш се планираат нови активности во процесот на поучување, односно се оди напред, кон усвојување на нови или повисоки цели. Ако оценките на постигањата на учениците се негативни, неопходно е да се направи анализа на процесот на поучување, односно да се преиспита соодветноста на планираните активности, форми, методи на поучување. Оценувањето е индикатор дека во процесот на подучување треба нешто да се промени, усоврши, што на некој начин претставува враќање назад.

Постојат и други определби на поимот настава. Според ергодидактичарот Василески, "наставата е специфичен, рационално организиран, работен, биполарен, управувачки процес на пренесување и усвојување генерациско искуство, развивање на способности и формирање на ставови на генерациите што доаѓаат". (Василески,1997: 10). Според оваа дефиниција наставата е механизам за пренесување на "културното наследство" на едно општество од припадниците на повозрасната генерација, на припадниците на помладата генерација.

## Докимологија

Во педагошките речници докимологијата се дефинира како научна дисциплина од понов датум која има за цел, да ги проучува техниката и организацијата на испитите, како и прашањата поврзани со објективното и адекватно оценување во училиштата. Битни одредници за овој поим се содржани во сфаќањето на Гргин според кое "докимологијата е млада научна дисциплина која има за цел да ги проучува, пронаоѓа и да и понуди на практиката добри начини и постапки за проценување, оценување и мерење на ученичките знаења и останатите воспитно-образовни постигања". (Gojkov, 2003:5).

Не постои општа согласност околу стастусот на оваа дисциплина. Психолозите, односно оние кои го нагласуваат значењето на психометријата, оценувањето преку тестови на знаења и важноста на мерењата во образованието, докимологијата ја сметаат за психолошка

дисциплина. Педагозите, пак, во неа гледаат научно засновани техники и организација за следење, оценување, вреднување на работата во училиштата и затоа ја сметаат за педагошка дисциплина. Дидактичарите ја нагласуваат нејзината улога во целосното вреднување на постигањата на учениците и за нив таа претставува потесна дисциплина на дидактиката. Ниту една од овие определби на докимологијата не е ниту спорна, ниту неточна, бидејќи и самиот поим - оценување, кој е суштински поим на докимологијата е комплексен, повеќеслоен, повеќедимензионален и дозволува да биде анализиран од повеќе аспекти.

Поимот докимологија има грчко потекло и потекнува од зборот "dokime", "dokimazo" што во превод значи обид, проверување, испитување и зборот "logos" во значење на вистина, наука. Ова го докажува фактот дека постапките за проверување, испрашување им биле познати уште на старите Грци. Така на пример, кандидати за одредени државни функции во стара Грција биле избирани по пат на посебна проверка наречена докимасија.

**Евалвација (вреднување, оценување) во образованието**

Модерното време е период кое бара постојано вреднување. Како членови на општествени заедници нам постојано ни се потребни информации за тоа колку е нешто квалитетно (работата, програмата, политиката) и за тоа се користат разни методи. Вреднувањето укажува, на критички начин, во кој правец да го насочуваме нашиот живот, што да направиме во услови на сиромаштија, како да го подобриме нарушеното здравје, како да ја заштитиме околината од понатамошна деградација, како да се справиме со глобалното затоплување, како да се справиме со етничките и религиски конфликти, како да обезбедиме правилна дистрибуција на ресурсите како да им се овозможи на луѓето пристап до образованието и сл.

Евалвација или вреднување доаѓа од францускиот збор "value" со значење на нешто што е вредно за почит, достоинствено. Вредно и достоинствено се зборови со повеќе значења, но најчесто тие се употребуваат како синоними за статус, лично богатство, проценка за

некого, одлука за нешто важно, внатрешно богатство и сл. “вреднувањето е дисциплина која за свој предмет на истражување ги има вредностите,постигањата, цената, третманот, карактеристиките, угледот на некој ентитет со цел тој постојано да се усовршува, да се подобри следењето или да се оценат постигањата“. (Lincoln and Guba, 1986: 550). Постојат најразлични определби на поимот вреднување во зависност од тоа дали како критериум се зема содржината, целта или функцијата на вреднувањето.

Според Скривен (Scriven), “евалвацијата нè известува за процесот на определување на вредноста, односно за продуктот од тој процес. Процесот на евалвација нормално вклучува и идентификување на соодветни стандарди за вреднување, вредности, карактеристики, истражувања на карактеристиките на стандардите и синтетизирање на резултатите од евалвацијата, односно претставува комплет на синтетизирани вреднувања” ( Scriven, 1991, 139).

Патон (Patton) тврди дека определбата на поимот вреднување во голема мера зависи од намерата на оној кој вреднува ( дали тој преку вреднувањето треба да донесе некоја одлука или да усоврши некоја програма).“Евалвацијата содржи систематско прибирање на информации за одредени активности, карактеристики и резултати со цел да се направи проценка, усовршување со цел да се постигне поголема ефективност или да се донесат одлуки за идното програмирање”. (Patton,1997,23).

Според Тилер (Tyler) вреднувањето е процес на определување на постигнатите (остварените) образовни цели. Според Кронбек (Cronbac) и Аликин (Alikin) вреднувањето обезбедува информации за тоа какви одлуки се донесени. Според Нево (Nevo) вреднувањето е чин на собирање на статистички информации за природата и квалитетот на образовните цели. Во последно време постои консензус за тоа што е вреднување и според него “вреднувањето е наградување според заслуги, односно активност која истовремено опфаќа опис и проценка“. (Shaw, Greene, Mark, 2006: 442).

Во Р. Македонија знаењата и способностите на учениците се оценуваат согласно претходно утврдени стандарди за оценување.

Според нив терминот оценување претставува “процес на собирање и интерпретирање на информации за учењето и постигањата на учениците кои се користат:(1) За да ги информираат учениците и нивните родители за напредокот во стекнувањето на знаења, вештини и ставови; 2. Да им помогнат на наставниците за да ја модификуваат наставата и активностите за учење на учениците;(3) да ги информираат другите субјекти кои донесуваат одлуки во образованието што ги засегаат учениците (на пр. одлуки за напредувањето на учениците,одлуки за нивно вклучување во одделни наставни програми и форми на работа”).[4]

**Екстерно вреднување (евалуација)**

Екстерното вреднување (проверување и оценување) во образованието претставува следење на реализацијата на целта и задачите и одредување на квалитетот на резултатите од образовниот процес. Го спроведува специјализирана и овластена институција, која преку стандардизирани инструменти, техники и методи обезбедува висок степен на објективност на образовните постигања. Евалватори (вреднувачи, оценувачи) по правило се образовни авторитети (експерти) од локалната и централната власт. Тие ги воспоставуваат стандардите и процедурите за вреднување и врз таа основа проценуваат, односно даваат оценка за квалитетот на она што се вреднува. Оценките, наодите од вреднувањето во форма на препораки, совети ги предаваат на некое тело, институција задолжена за тоа, а потоа таа ги употребува за одредени цели.

Под екстерно вреднување, оценување најчесто се подразбира решавање на задачи во тест, што е погрешно мислење. Екстерното вреднување е повеќе од тестирање. Преку него не се вреднуваат и оценуваат само постигањата на учениците, туку и на наставниците, наставните програми, раководењето и управувањето со училиштата. Секое екстерно вреднување во образованието треба да се реализира под одредени услови кои треба:

---

[4] Стандарди за оценување на учениците во основното образование, стр.1. Стандардите ги изготви работна група за оценување во рамките на подпроектот: Унапредување на оценувањето на учениците, во УСАИД проект за основно образование во соработка со Македонскиот центар за граѓанско образование.

- да бидат со однапред јасно определени стандарди според кои ќе се реализира вреднувањето и истите да бидат претходно соопштени на оние кои ќе бидат оценувани;
- да воспостават стандарди според кои ќе се класифицираат добиените резултати;
- да се осмисли организацијата и техничката реализација на екстерното вреднување;
- да се обезбеди доволно време за информирање и темелни подготовки на оние чиј труд, работа ќе виде вреднувана;
- да се обезбеди редовно, тековно следење на работата пред реализацијата на екстерното вреднување;

Екстерното вреднување во образованието е јавно, па од тука и резултатите од него треба да бидат јавни и достапни за сите заинтересирани субјекти (учениците, наставниците, родителите, надлежните државни образовни институции, факултетите).

**Интерно вреднување (евалуација)**

Оценувањето е составен елемент на секој образовен систем. Секогаш кога постојат процеси на поучување и учење, по правило постои и систем на проверување и оценување на ефектите од нив. Интерно вреднување се реализира на ниво на училиште и за него по правило се задолжени наставниците. Во нашата образовна практика, под интерното вреднување најчесто се подразбира оценување на постигањата на учениците, степенот на нивната заинтересираност и ангажираност во процесот на учење, нивниот однос кон училишните активности, поведението. Се смета дека со интерното вреднување се утврдуваат резултатите од образовниот процес. Ваквото сфаќање за вреднувањето е погрешно бидејќи освен резултатите (знаења, а многу помалку умеењата и ставовите) на учениците, треба да се вреднуваат и процесите преку кои учениците ги постигнуваат образовните резултати, односно условите во кои се реализира процесот на поучување и учење.

Интерното (училишното) вреднување служи за постигнување на две заемно поврзани и зависни цели:

1. Унапредување на училиштето и

2. Зајакнување на одговорноста на сите субјекти вклучени во образовниот процес.

Интерното вреднување, чија цел е унапредувањето на севкупната дејност во наставата се однесува на напорите на училиштето да им обезбеди на учениците еднаков пристап до образованието, но и да ги намалат разликите во постигањата помеѓу училиштата со послаби резултати и оние со добри резултати. Исто така, интерното вреднување има за цел да им обезбеди на креаторите на образовната политика и на јавноста информации за тоа каков е квалитетот на образовните услуги што ги нудат училиштата и дали ги задоволуваат образовните стандарди.

Интерното вреднување се реализира со цел јакнење на одговорноста на сите оние кои се грижат за реализација на воспитно образовниот процес, односно за јакнење на професионалната етика.

Интерното вреднување вообичаено се користи за вреднување на индивидуалните постигања на учениците, за вреднување на работниот процес на ниво на паралелка (она што се случува во училницата), за вреднување на наставата и училишната клима. Кога се вреднуваат постигањата на учениците всушност се утврдува нивниот успех во учењето, нивниот личен, социјален развој. Со интерното оценување може да се определи и нивната професионална ориентација. Кога се вреднува интерно работата на ниво на паралелка всушност се утврдува квалитетот на поучувањето и учењето, а кога се вреднува наставата тогаш всушност се оценуваат образовните услуги што ги нуди училиштетео. Интерно вреднување на училишната клима се изведува со цел да се оцени амбиентот, атмосферата во кој се реализира воспитно-образовниот процес (материјално техничките услови, меѓусебните односи на сите вклучени субјекти во училиштето). Преку интерното вреднување всушност се утврдува колку едно училиште навистина претставува место за учење и поучување. Голем недостаток на интерното вреднување е тоа што преку него не може да се оценат мошне значајни состојби во образованието. Така на пример, не може да се оценува работата на наставниците, интеракцијата во паралеките,

образовната технологија, раководењето со часот, реализацијата на целите на часот и сл.

Резултатите од интерните вреднувања се користат за различни цели. За училиштето тие се инструмент за утврдување на квалитетот на образовните услуги, а директорите ги користат при донесувањето на одлуки: како да ја подобрат наставата, како најрационално да ги употребат образовните ресурси, како да ја водат образовната политика во училиштето и сл. Образовните власти, пак, резултатите од интерното вреднување ги користат за рангирање на училиштата со цел да утврдат кое училиште е најдобро во државата. Во пазарно ориентираните образовни системи, резултатите од интерното вреднување се критериум според кој родителите одлучуваат каде да ги запишат своите деца.

Интерното вреднување вообичаено не е регулирано со закон, но во земји каде тоа е случај, тоа се реализира според претходно утврдени критериуми и препораки изготвени од екстерни вреднувачи (евалватори). Најголемата корист од интерното вреднување е тоа што резултатите од него во голем број образовни системи се користат како основа за спроведување на екстерното вреднување.

**Стандардизирани тестови на знаења**

Екстерното оценување најчесто се реализира со помош на тестови на знаења. Зборот тест потекнува од латинскиот глагол "testor, testari" што значи сведочење, докажување. Во нашиот јазик овој збор е преземен од англиската лексика и значи испрашување. "Тестот е стандардизирана постапка со чија помош се предизвикува некоја одредена активност, а потоа се вреднува и ефектот од неа. При тоа, резултатот на еден поединец се споредува со резултатите на другите поединци кои се добиени под исти услови (околности)". (Bujas,1959:96). Според оваа дефиниција може да се заклучи дека тестот има ограничена функција во образовната практика.

"Со тестот се предизвикува одредена активност од која не може да се добие целосна слика за сите аспекти на личноста. Напротив, тестот служи таа слика да се усоврши..." (Mužić,1961:9). Во науката за оценување и мерења на постигањата на учениците се вели дека само со

примена на  стандардизирани тестови не може да се измери и вреднува ученичкото знаење.

“Тестирањето на знаењето на учениците е посебен метод на оценување кој помага во остварувањето на сите функции на процесот на оценувањето. Методот на тестирање се употребува за потребите на сите четири вида оценување. Основна причина зошто се инсистира на примена на тестирањето е да се добијат пообјективни податоци, кои заедно со посубјективните импресии стекнати преку другите методи на оценување ќе придонесат за посоодвено одлучување во образовниот процес” (Бешка, 2007:4).

Првите обиди за објективно мерење на постигањата на учениците во училишната практика се врзуваат со името на Фишер (Fisher). Тој уште во 1864 година, во едно училиште во Англија употребил постапка “Scale book, (степенување) со која се обидел да ги вреднува постигањата на учениците. Во САД за развој на образовните мерења значајно е и името на Рик (J.M.Ric). Десет години подоцна, Торндајк (Thorndike) објавил книга чија содржина се однесува на тестови на знаења. Прв вистински тест на знаење создаден е во 1908 година, а негов автор е Стоун ( C.W. Stone).

Денес, во училиштата се употребуваат разни видови на тестови: тестови на знаења, тестови за мерење на способности и тестови на личноста. Со тестовите на знаења се утврдува степенот на усвоените знаења, вештини и навики кај ученикот, односно се утврдуваат знаењата кои ученикот ги стекнал со учење и вежбање. Со тестовите за способност се проверуваат одредени особини на ученикот кои се предуслов за успех во одредено подрачје. Со тестовите на личност се проверуваат некои посложени особини на личноста како што се: ставот кон работата, интресите, емоциите, ставовите кон себе и кон другите и сл.

Најчесто практикувани во училиштата се тестовите на знаења. Уште се нарекуваат и наставни тестови, тестови на училишен успех, образовни тестови. Содржат поголем број прашања кои ја “покриваат “ содржината која се проверува. Со помош на овие тестови оценувањето е пообјективно.

Тестовите на знаења можат да се поделат според неколку критериуми. Според тоа дали мерат меморирани факти или способност за примена на стекнати знаења, тестовите на знаења се делат на *тестови на знаења во потесна смисла* и *тестови на способности*. Според тоа какви нивоа на барања се мерат и со која брзина се решаваат, тестовите на знаења можат да бидат *тестови според тежински нивоа* и *тестови на брзина*. Според намената која ја имаат во наставата, тестовите на знаење се делат на *ревизиски* и *дијагностички*. Ревизиските вообичаено се спроведуваат на крајот на полугодието или на крај на учебната година со цел да се согледа како учениците го совладале предвидениот наставен материјал. Дијагностичките тестови на знаење се користат кога треба да се утврди во која мера учениците совладале некои посебности од некое помало образовно подрачје (наставни единици, тематска целина и сл). Со нив се проверува што учениците најмалку знаат и умеат да направат, односно во што се најдобри. На пример, дијагностички тест по социологија е оној со кој се проверува колку учениците знаат за темата -социјализација и во која мера умеат тие знаења да ги прменат во практиката. Тестовите на знаење не се применуваат исклучиво во наставата. Тие можат да послужат за прогнозирање на успехот на учениците во некоја идна дејност и овие тестови се нарекуваат *прогностички* тестови на знаење. Задачите во тестовите на знаење најчесто се поставуват писмено.

Како и секој друг инструмент со кој треба да се измери некоја величина, така и тестот на знаење, со кој се одредува нивото на знаење на учениците треба да има мерни карактеристики. Тие се гаранција дека резултатите од тестирањето се веродостојни. Такви се валидноста, релијабилноста, објективноста, чувствителноста, практичноста и економичноста. Тестот е *валиден* доколку го мери токму тоа што треба да го измери. Така на пример, тестот со кој треба да се проверат знаењата за етиката кај учениците ќе биде валиден доколку прашањата во тестот се поставувани согласно целите и содржините во наставната програма по етика. *Релијабилен* е оној тест на знаење од кој и кога ќе се повтори на истите испитаници, се добиваат исти резултати, односно тест чиј коефициент на корелација изнесува 0,80. Тестот на знаење треба да

биде и *објективен*, односно да содржи тип на задачи отпорни на субјективни влијанија. Нивото на објективност се пресметува како корелација помеѓу резултатите добиени од различни оценувачи на тестот. Тестот на знаење треба да биде и *чувствителен*. Тој треба да може да ги измери и најмалите разлики во нивоата на постигања на учениците, а предуслов за тоа е тестот да не биде ниту претежок, ниту прелесен. Чувствителноста на тестот се определува и преку дискриминативната вредност на прашањата во него. Задачите имаат поголема дискриминативна вредност кога добрите ученици успешно го решаваат тестот, а послабите не успеваат во тоа. Секој тест кој ги поседува овие мерни карактеристики се нарекува стандардизиран тест на знаење. Стандардизираните тестови се применуваат и во државната матура.

Многу важна карактеристика која треба да ја поседува еден тест на знаење е неговата *практичност*. Тој треба да биде едноставен и брз за реализација, да заштедува време во наставната работа, да не трае подолго од еден училишен час. Но, постојат и тестови за чие решавање е потребно подолго време и ја немаат карактеристиката на практичност. Тестот треба да биде и *економичен*, а тоа значи трошоците за неговата подготовка да не бидат преголеми. Уште по економични се оние тестови на знаење кои се применуваат во завршните циклуси на основното и средното образование бидејќи задачите не се решаваат директно во тестот, туку на посебни листи за одговори. На тој начин истите примероци на тестови можат да се употребат повеќе пати.

**Матура**

"Matur, Maturita, Maturità, Maturität, матура" се термини кои се употребуваат во значење на испит кој учениците го полагаат на крајот од средното образование, на возраст помеѓу 18 и 19 години. Овие термини се употребуваат во Албанија, Босна, Бугарија, Хрватска, Чешка, Италија, Линхенштајн, Црна Гора, Македонија, Полска, Србија, Словачка, Словенија, Швајцарија и Украина. Негови еквиваленти се термините: "Brandos egzaminai" (Литванија), "Baccalaureate/le bac" (Франција), "Abitur/Abi", (Германија), "A-level" (Британија), "Leaving Certifikate" (Ирска),

"Bacalaureat" (Романија). “Во Унгарија се користи терминот érettségi (vizsga), во Израел терминот “bargut”, во Бугарија “държавни зрелостни изпити”, во Австрија “Reifeprüfung” кои преведени значат матура, испит на зрелоста.

Матурата е државен испит кој се полага под еднакви услови. Сите кандидати полагаат истовремено, според исти правила и продецури, а знаењата им се оценуваат според однапред јасно дефинирани критериуми за оценување. Се полага после 12-тата односно 13-тата година од образованието. Кандидатите со положена матура стекнуваат диплома за завршено средно образование. Таа е доказ дека во текот на средното образование тие ги стекнале потребните знаења и способности предвидени за тој степен на образование. Матурата е еден вид на тест преку кој се проверуваат академските способности на кандидатите. Оние што ја положиле матурата всушност докажале дека поседуваат основни знаења и способности потреби за студирање.

**Квалитет во образованието/квалитетно образование**

“За квалитетно образование треба повеќе работа. Квалитетното образование бара да се работи поинаку, подобро одколку во минатото. Квалитетното образование е поскапо. Традиционаланата училишна клима е најголема опасност за квалитетот”. Овие реченици се наслови и поднаслови на секоја поголема студија која го проучува проблемот на квалитетот во образованието. Нивното значење јасно упатува на заклучокот дека за да се постигне квалитет во образованието потребни се поголеми материјални и интелектуални вложувања, однапред добро испланирана и организирана работа, како и надминување на стереотипите во воспитно образовниот процес.

“Обезбедувањето на квалитетот во образованието е релативно нов поим, но со голема брзина се шири и станува актуелна тема во скоро сите обрзовни системи во светот” (Allais, 2009:12). Тоа станува приоритет во секоја владина агенда. Квалитет во образованието е динамичен поим и тешко се мери. Зависи од повеќе фактори: културата, традицијата, условите во кои се реализира образовниот процес, стручната компетентност на наставниците, но најмногу зависи од способноста на

евалуаторите да препознаваат квалитет и од вредносниот систем според кој го мерат квалитетот. "Квалитетот на образованието во училиштата може да се обезбеди само доколку се базира на два типа мерења: 1. мерења според однапред утврдена спецификација (стандарди) и 2. мерења за утврдување на степенот на задоволени потреби на корисниците на образовни услуги". (Поповски, 2002,18-19).

Со првото се мери нешто што е општо прифатено, заедничко за сите училишта, според стандарди, бидејќи стандардите се нешто што е општествено прифатливио, очекувано и достижно за сите или за најголем број ученици и се утврдува според нивните возрасни карактеристики. Со вториот вид мерење треба да се утврдуваат индивидуалните цели на образованието. Дали тоа ги задоволува индивидуалните потреби, можности и очекувања на учениците.

Во суштина квалитетното образованието треба да поттикнува, да го помага и да го насочува напредокот и развојот на личноста, да создава нови вредности. Квалитетно образование е она кое се менува согласно развојот на потребите на корисниците на образовни услуги и кое ги развива образовните и други потреби кај оние што учат (иницира, поттикнува, поддржува, помага и насочува промени кај учениците и тоа не било какви туку оние, развојните). Оттука и заклучокот дека квалитетот во образованието е дотолку поголем колку што неговата содржина и методите на поучување и учење се развојно приспособени на возрасните и на индивидуалните потреби и очекувања, способности на секоја единка.

Подобрување на квалитетот на образованието е процес кој никогаш не завршува. Во таа смисла В.Ткалец е во право кога вели: "Квалитетот во образованието може да се дефинира како образование за сегашните и идните потреби на одделните ученици и општествени групи со оглед на околностите и натамошните можности". (Поповски, 2002:17).

Квалитетно образование е она на кое во еден момент поучувањето му станува непотребно. Секое образование кое ќе им помагне на учениците да се осамостојат во секој поглед, особено ако ги оспособи за самообразование (самостојно да го планираат и

организираат сопственото учење во текот на целиот живот), може со право да се нарече квалитетно образование.

Од тие причини големи се заложбите на голем број земји во светот да обезбедат квалитетни образовни системи.

**Обезбедувањето на квалитет - фактори од кои зависи квалитетот на образованието**

Квалитетно образование подразбира квалитетна настава која:

- им овозможува на учениците да стекнуваат знаења, способности и да формираат ставови;
- ги задоволува различните потреби и интереси на учениците;
- се реализира преку соодветно избрани наставни методи и форми на работа;
- редовно информира за постигањата на учениците (формативно оценување);
- ја зголемува мотивацијата за учење кај учениците.

Квалитеното образование не подразбира реализација на настава во темни, студени и неуредни училници, училишта во кои владеат строги и авторитарни односи, ученици кои учат заради награди, признанија или за да избегнат укор и исмејување. Квалитетно е она образование во кое ученикот (корисникот на образовни услуги) е позадоволен, радосен, се чувствува помоќен, повеќе соработува со останатите ученици, трпелив е, не се досадува, помалку се заморува, полесно се снаоѓа во животот и “открива дека учењето му го подобрува квалитетот на неговото живеење”. (Поповски, 2002,18).

Поимот квалитет секогаш е поврзан со одредени системи, процеси и организации. Организацијата УНИЦЕФ промовираше неколку фактори/ стандарди без кои не е возможно да се обезбеди квалитет во образованието, а тоа се: условите во кои се одвива процесот на учење, индивидуалниот капацитет на поединецот (претходно стекнатите знаења и вештини), како и средината во која растела и се воспитувала индивидуата.

Според УНИЦЕФ, учениците имаат квалитетно образование ако учат во здрава, безбедна, заштитена, стимулативна и родово сензитивна

средина; ако секој нареден степен на образование го започнуваат со големи предзнаења и тоа што го учат претставува предизвик за нив; ако наставните програми содржат адекватна образовна содржина и поттикнуваат формирање на основни знаења и способности (описменуваат) и развиваат кај учениците животни вештини. Доколку во процесот на учење, учениците се во центарот на вниманието, а наставникот успешно раководи со наставата, и применува методи и техники на поучување кои го засилуваат успехот во учењето, тогаш исто така станува збор за квалитетно образование.

Индикатор за квалитетното образование според УНИЦЕФ се и постигањата на учениците во образовниот процес.Целите на квалитетното образование треба да произлегуваат од целите на националната образовна политика кои се во функција на оспособување на учениците-идни граѓани за активно учество во општеството во кое ќе работат и живеат. Според УНИЦЕФ квалитетното образование е основа на човековата безбедност, родовата еднаквост, основа за развој на општествената заедница, за опстанок и прогрес на нацијата. Квалитетното образование е огромен предизвик за секого и дава големи шанси за успех. Квалитетното образование може да се спореди со моторот на автомобилот или пак со крилјата на авионот. Тие го овозможуваат движењето напред кон иднината.

**Контрола на квалитетот во образованието**

“Современите светски трендови во образованието, како одговор на големите општествено економски промени и брзиот техничко - технолошки развој, ја наметнаа потребата од соодветни промени во организациската поставеност и начинот на работа во образовните институции. Целта на овие промени е да се воспостави процес на континуирано подобрување на работата во училиштата ( School improvement) што ќе доведе до обезбедување на квалитет во образованието. За таа цел потребно е да се воспостави систем на перманентно следење и вреднување на работата на училиштата, поддржан од соодветно поставени институции“. (Петковски, Ламева, Миленковска, 2004: 65).

Контролата на квалитетот во образованието подразбира меѓусебно поврзани активности за планирање, координирање и организирање на работата на училиштето во целина, согласно пропишани стандарди и други нормативни акти. Следењето на квалитетот во образованието има за цел создавање на услови за работа на училиштата согласно потребите и очекувањата на корисниците на образовните услуги. Всушност преку контролата се проверува дали се постигнуваат стандардите за квалитет во сите подрачја на воспитнообразовната работа.

Историски гледано, почетоците на контролата на квалитет се поврзува со развојот на мануфактурното производство. Уште тогаш занаетчиите биле заинтересирани за квалитетот на своите производи. Назначувале луѓе кои имале задача да го следат производството. Квалитетните производи биле доказ дека тие ги почитуваат стандардите на својот еснаф, за што биле многу горди. И во периодот на индустриското производство, сопствениците на фабриките исто така биле заинтересирани да произведуваат стока без грешки. Назначувале контролори на квалитетот кои имале превентивна функција- да го спречуваат настанувањето на грешките уште во процесот на производството. Се користело и знаењето на инженерите кои имале задача да развиваат контролни механизми за квалитетно раководење. Така настанала и ISO 9000 ( Internation organization for standardization). Оваа организација нуди еден од најпознатите системи за обезбедување на квалитет во раководењето кој е основа за добивање на акредитација и сертификација. Квалитетот во системот на менаџирањето брзо се проширил и во другите области во економијата. Денес обезбедувањето на квалитет е обврска во скоро сите работни области, особено во бизнис сферата.

Во образовните системи отсекогаш постоеле некакви видови на проверки, сондажи преку кои се утврдувал квалитетот на образовните постигања. Мониторингот (следењето) се смета за најстара постапка за подобрување на квалитетот. Го спроведувале и сè уште го спроведуваат училишни инспектори. Затоа најчесто кога се зборува за обезбедување на квалитет во образованието најчесто се поврзува со мониторингот кој е

само заменет со современ термин – квалитет во образованието (Quality Assurance in Education).

**Образовни стандарди**

Тоа се барања кои општеството (државата) ги поставува пред секое образование. "Со нив се дефинираат целите и содржините на образованието, условите за реализација на аставниците програми, системот на оценување на постигањата на учениците и сл. Со нив се утврдува нивото на подготовка на учениците согласно развојните потреби на општеството, но и на личноста на ученикот. Се смета дека образовните стандарди го претставуваат минималното ниво на знаења, умеења и способности кај учениците од одредена возраст" (Поповски, 1996: 178,179).

Речиси не постои образовен систем во кој не постојат образовни стандарди (нормативи). Во најголем број држави во светот тие се изработуваат како посебни документи. Во нив јасно се дефинирани условите под кои треба да се реализира воспитно-образовната работа и тоа: кој вид и степен на образованието треба да го имаат наставниците за да можат да реализираат одреден вид настава; во какви простории, со какви нагледни средства и со колкав фонд на часови треба да се изведува наставата; колку време трае наставата, како да се организира, колкав да биде бројот на ученици по паралелки, како да се оценуваат учениците. Во таа смисла се говори за стандарди (нормативи) за наставен кадар, стандарди за простор и опрема, стандарди за организација на воспитнообразовната работа, стандарди за оценување на постигањата на учениците и сл.

Изработката на образовните стандарди е многу тешка и одговорна работа, особено стандардите со кои се дефинира содржината на образованието во една држава. Нив по правило ги изработуваат експерти кои добро ги познаваат образовната традиција и култура на општествената заедница за која треба да важат стандардите, условите во кои треба да се реализираат стандардите, развојните тенденции на општеството, образовните потреби на младите луѓе и сл. Образовните стандарди не се вечни и непроменливи. Тие се менуваат, усовршуваат

во зависност од динамиката со која се развиваат научните дисциплини, образованата технологија, но се релативно стабилни во подолг временски период.

## *2.2. Хипотетичка рамка на истражувањето*

### *2.2.1 Општа хипотеза*

Екстерните испити во рамките на државната матура, кои учениците ги полагаат на крајот на четиригодишното средно образование, влијаат во насока на создавање на поквалитетно средно образование.

### *2.2.2 Посебни хипотези*

- Државната матура влијае во насока на подобрување на училишната култура (подобра организација, комуникација, соработка, професионална етика, толерантност, совесност, донесување на правилни одлуки);
- Екстерните испити влијаат врз зголемувањето на мотивираноста и ангажираноста на учениците во наставата;
- Екстерните испити влијаат врз промената на начинот на учење кај учениците кое пак создава услови за стекнување на поквалитетни и потрајни знаења;
- Резултатите од матурата влијаат врз наставниците тие да ги осовременат методите на наставна работа;
- Екстерните испити влијаат врз квалитетот на реализацијата на наставните програми;
- Екстерното проверување позитивно влијае врз односите меѓу наставниците и учениците и врз училишната клима воопшто;
- Екстерниот дел од матурата влијае врз подобрување на работната клима во училиштата;

- Екстерниот дел од матурата влијае врз зголемување на степенот на објективност при оценувањето;
- Селекцијата за на факултет во голема мера зависи од резултатите кои ги постигнале учениците на екстерните испити.
- Воведувањето на екстерните испити во голема мера влијае врз подобрување на квалитетот на наставата и стекнување на повисоки образовни резултати;
- Образовните постигања во високото образование во голема мера зависат од постигањата на учениците на државната матура;
- Резултатите од екстерната проверка влијаат врз создавање на нови стратегии и концепции во образованието.

### *2.2.3 Поединечни хипотези*

- Од резултатите на учениците на екстерните испити зависи оценувањето на наставниците;
- Екстерното проверување влијае на создавањето на конкуренција меѓу наставниците и училиштата.

### *2.2.4 Варијабли во истражувањето*

Во рамките на ова истражување се издвојуваат следните варијабли:

Ектерните испити како независни варијабли:

- стандардизирани тестови (исти прашања за сите ученици);
- поддеднакви услови за реализација на испитите (однапред утврдени тернмини за полагање на испвреметраење, простор, времетраење на испитите, човечки ресурси);
- испитни процедури за организација и реализација на екстерните испити;
- критериуми за оценување и оспособеноста на независните оценувачи за оценување.

За целите на ова истражување, како зависни варијабли ќе се издвојат:

- условите во кои се изведува наставата во училиштата;
- квалитетот на испитниот материјал;

- стручна и методско-дидактичка подготвеност на наставниот кадар;
- степен на подготвеност и оспособеност на училиштата за реализација на екстерни испити;
- начинот на интерното оценување;
- мотивираност и подготвеност на училиштата за промени;
- свест, совест, одговорност и стручна подготвеност на сите учесници во реализацијата на екстерните испити.

## 2.3. *Методолошка поставеност на истражувањето*

За да се утврдат промените, односно влијанието на екстерното проверување врз наставата, учењето, наставата, наставните програми, училишната клима, во ова истражување беше применета комбинирана истражувачка стратегија.

Од квантитативните методолошки постапки за собирање податоци се примени анкетата. Беа подготвени неколку прашалници:

- прашалник за наставници кои предаваат во завршната година во јавните средни училишта;
- прашалник за ученици-матуранти кои се пријавија да полгаат државна матура во јунскиот испитен рок во учебната 2011/2012 година;
- прашалник за ученици (сегашни студенти) кои ја положиле државната матура во изминатите 4 години;
- прашалник за директори на средни училишта.

Прашалниците содржеа затворен и отворен тип на прашања. Секој прашалник се состоеше од три групи на прашања. Првата група ја сочинуваа прашања од општ карактер преку кои се добија податоци за полот, возраста, степенот и видот на образование на испитаниците, ангажираноста и улогата која ја извршуваат во училиштето и сл. Со втората група на прашања се добија сознанија за степенот на информираноста на испитаниците за државната матура. Се согледа

колку се тие упатени во Концепцијата за државна матура и завршен испит во Р. Македонија, колку им се познати целите, процедурите, начинот на полагање на испитите, барањата во испитните задачи, критериумите за оценување на задачите и сл. Исто така, со оваа група на прашања се осознаа и мислењата, ставовите на испитаниците за тоа какви се ефектите од државната матура. Какви промени таа предизвикала во методологијата и организацијата на наставата, ангажираноста, одговорноста на учесниците и наставниците во образовниот процес, видовите на интеракции, улогите, промените во училишната клима и сл.

Со помош на третата група на прашања во прашалниците се направи сондажа на мислењата на испитаниците во врска со недостатоците, на државната матура како модел на завршен испит. Оваа група на прашања обезбеди информации, предлози, сугестии од испитаниците врз кои се базираат заклучните согледувања во истражувањето. Одговорите на оваа група прашања се во функција на подобрување на Концепцијата и моделот на завршни испити во Р. Македонија.

Валидноста на прашалниците како инструмент за прибирање на податоци беше проверена преку пилот истражување спроведено во неколку средни училишта во Скопје избрани по случаен избор.

Освен анкетата, од постапките за прибирање на податоци, во истражувањето се примени набљудување, полуструктуирано интервју, анализа на документи.

Со цел да се препознаат промените предизвикани од екстерните испити во наставниот процес и училишната клима, беше применето партиципативно набљудување. Беа реализирани непосредни увиди во наставата во СОУ "Владо Тасевски, и гимназијата "Никола Карев" во Скопје и во СОУ " "Методија Митевски Брицо" во Делчево. Се следеше методско-дидактичката артикулација на часовите кај наставници кои реализираат настава по македонски јазик, англиски јазик, социологија (овие наставници беа избрани како подпримерок на примерокот за анкетното истражување). Се согледуваа и бележеа активностите, формите и методите кои наставниците ги употребуваа во процесот на

поучување, се анализираше процесот на оценување на постигањата на учениците. Непосредниот увид во наставата беше добра можност да се оцени успешноста, ефикасноста на наставаниот процес, да се идентификува интелектуалниот потенцијал во училиштето, мотивираноста и посветеноста на учесниците во образовниот процес, застапеноста на тимската работа, квалитетот на комуникациите како и нивното чувство за припадност кон училишната заедница.

Полуструктурирано интервју беше применето на популација просветни инспектори.

## 2.4. Примерок на истражувањето

Со ова истражување беа опфатени неколку популациони категории: *ученици* кои се пријавиле да полагаат државна матура во учебната 2011/2012 година, *студенти* кои во изминатите неколку години полагале државна матура, *наставници* кои реализираат настава во четврта година во јавните средните училишта во Р.Македонија *и директори* на тие училишта. Важна популациона категорија на истражувањето беа *вработените во Министерството за образование и наука на Р.Македонија, поточно Државниот просветен инспекторат* кои се задолжени (преку посебен систем за следење и евалвација) да ја следат наставата и да обезбедат контрола на квалитетот во образованието.

Рамката на примерокот во истражувањето ја сочинуваат 90 средни училишта во Р. Македонија, а беше применет повеќестепен примерок. Првиот чекор при утврдувањето на примерокот беше изборот на општини. Р.Македонија е поделена на осум региони: вардарски, источен, југозападен, југоисточен, пелагониски, полошки, североисточен и скопски. Во примерокот, по случаен избор беа вклучени по две општини од секој регион или вкупно 16 општини и тоа: од вардарскиот регион, општините Велес и Кавадарци, од источниот регион општините

Берово и Делчево, од југозападниот регион општините Македонски Брод и Охрид, од југоисточниот регион општините Валандово и Гевгелија, од пелагонискиот регион општините Прилеп и Ресен, од полошкиот регион општините Тетово и Гостивар, од североисточниот регион општините Куманово и Крива Паланка и од скопскиот регион општините Центар и Карпош.

Вториот чекор се состоеше од составување на список на училишта кои се наоѓаат во избраните 16 општини. Од вкупно 46 училишта кои се наоѓаат на територијата на овие општини (види табела бр.1), со помош на таблица на случајни броеви беа избрани 10 училишта. Во примерокот беше вклучено по едно училиште од општините Велес, Берово, Делчево, Виница, Прилеп, Ресен, Куманово, Валандово, Штип и Скопје. Имињата на училиштата можат да се најдат во еден од дополнителните документи на ова истражување.

Табела бр. 1 Список на училишта во избраните 16 општини

| Ред. број | Име на училиште | Општина |
|---|---|---|
| 1. | "Димитрија Чуповски" | Велес |
| 2. | Кочо Рацин | Велес |
| 3. | Коле Неделковски | Велес |
| 4. | Јовче Тесличков | Велес |
| 5. | Кочо Рацин | Св. Николе |
| 6. | Ацо Русковски | Берово |
| 7. | М.Митевски Брицо | Делчево |
| 8. | Св. Наум Охридски | М.Брод |
| 9. | Климент Охридски | Охрид |
| 10. | Наум Охридски | Охрид |
| 11. | Ванчо Питошевски | Охрид |
| 12. | Мирче Ацев | Прилеп |
| 13. | Орде Чопела | Прилеп |
| 14. | Ѓорче Петров | Прилеп |
| 15. | К.Јосифовски Питу | Прилеп |
| 16. | Р.Ричковски Ричко | Прилеп |
| 17. | Цар Самоил | Ресен |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | Никола Штејн | Тетово |
| 19. | Ѓоце Стојчевски | Тетово |
| 20. | Кирил Пејчиновиќ | Тетово |
| 21. | Моша Пијаде | Тетово |
| 22. | 8-ми Септември | Тетово |
| 23. | Тодор Скаловски Тетоец | Тетово |
| 24. | Злате Малаковски | Гостивар |
| 25. | Панче Поповски | Гостивар |
| 26. | Чеде Филиповски | Гостивар |
| 27. | Гоце Делчев | Куманово |
| 28. | Сами Фрашери | Куманово |
| 29. | Киро Бурназ | Куманово |
| 30. | Наце Буѓони | Куманово |
| 31. | Перо Наков | Куманово |
| 32. | Ѓорче Петров | Кр. Паланка |
| 33. | Гоце Делчев | Валандово |
| 34. | Јосиф Јосифовски | Гевгелија |
| 35. | Ј.Б.Тито | Центар/Скопје |
| 36. | Р.Јовчевски Корчагин | Центар/Скопје |
| 37. | Панче Караѓозов | Центар/Скопје |
| 38. | Димитар Влахов | Центар/Скопје |
| 39. | М.Митевски Брицо | Центар/Скопје |
| 40. | Лазар Личеновски | Центар/Скопје |
| 41. | Илија Николовски Луј | Центар/Скопје |
| 42. | Никола Карев | Карпош/Скопје |
| 43. | Ѓорги Димитров | Карпош/Скопје |
| 44. | Орце Николов | Карпош/Скопје |
| 45. | Здравко Цветковски | Карпош/Скопје |
| 46. | Лазар Танев | Карпош/Скопје |

Следниот чекор беше определување на примерокот на популационата категорија – ученици матуранти. Од вкупно 2003 матуранти распоредени во педесетина паралелки во четврта година, во избраните десет училишта, примерокот на оваа популациона категорија го сочинуваат 150 матуранти, односно по 15 ученици од секое училиште

определени по случаен избор. Примерокот од популационата категорија наставници броеше 70 наставници кои реализираат настава во четврта година, односно оние наставници кои им предаваат на матурантите.

Од популационата категорија – студенти, примерокот брои 80 студенти, исто така избрани по случаен пат. Тие во моментов студираат на универзитетите ширум земјава, а услов за запишување во високото образование им била положена државна матура.

Примерокот на директори ќе го сочинуваат директорите на избраните 10 училишта и директорите на останатите средни училишта кои се наоѓаат во избраните општини.

Полуструктуираното интервју како постапка за собирање квалитативни податоци беше спроведено врз 3 (три) подпримероци. Првиот подпримерок го сочинуват 20% од учениците вклучени во главниот примерок или околу 40 ученици. Вториот подпримерок го сочинуваат 20% од студентите вклучени во главниот примерок или околу 40 студенти. Третиот подпримерок го сочинуваат 20% од вкупниот број на наставници вклучени во главниот примерок или вкупно 20 наставници.

## 2.5. Методолошки постапки за анализа на податоците

### 2.5.1. Методолошки постапки за анализа на квантитативните податоци

Анкетирањата (пополнувањето на прашалниците за четирите категории испитаници) се реализираше во училиштата кои го сочинуват примерокот на ова истражување. Прашалникот за студенти се реализираше на неколку локации: во студенсткиот дом Пелагонија,во општина Кисела Вода и на неколку факултети во рамките на државниот универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје. Оваа категорија испитаници ја сочинуваат студенти по социологија, дефектологија, економија, правни науки, технички науки и сл.

По спроведувањето на анкетата се пристапи кон мултиваријантна анализа и интерпретација на добиените податоци. Тоа се направи со помош на најпознатата и најчесто употребуваната статистичка програма при општествените истражувања - SPSS (Stastistical Package for Social Science), бидејќи оваа програма овозможува анализа и “манипулација” со комплексни податоци на едноставен начин.

### *2.5.2. Методолошки постапки за анализа на квалитативните податоци*

Обработката и анализата на податоците добиени преку полуструктуираното интервју се изврши со помош на неколку постапки: кодирање, групирање, категоризација и интерпретација.

Првата фаза во анализата на квалитативните податоци беше концептуализацијата која започнува уште во текот на прибирање на податоци. Следната постапка беше кодирањето. Се воспостави систем на кодирање (дефинирање на кратенки/ симболи) што се применуваа врз одредена категорија на зборови со цел полесно да се изврши квалитативната класификација на податоците. Тие се во согласност со истражувачкото прашање, поставените хипотези.

# 3. ЕВАЛУАЦИЈА НА ОБРАЗОВНИ ПОСТИГАЊА И НЕЈЗИНИТЕ ФУНКЦИИ

## *3.1. Потреба од евалуација и видови*

Евалуацијата (вреднувањето) во образованието има долга историја. Првите истражувања на програмите за евалуација се случиле во Америка уште во почетокот на 19 век и подоцна биле испорачувани во останатите делови од светот. Евалуацијата на почетокот се сведувала на оценување на постигањата на учениците како дел од процесот на учење и подучување, а подоцна се применувала и во процесот на развивање на наставни планови и програми.

Евалуацијата подразбира следење, проверување и оценување на образовните постигања и претставува составен дел на секој воспитно образовен процес. Преку евалуацијата, особено екстерната, се контролира наставата и се зголемува мобилноста на наставниците и учениците кон постигање подобри резултати. Резултатите од евалуацијата се всушност повратни информации за тоа колку наставниците ефикасно ја реализираат наставата и колку учениците успеваат да научат. Секоја евалуација треба да биде добронамерна. Таа треба да биде во функција на навремено откривање и дијагностицирање на слабостите, проблемите, и тешкотиите во наставниот процес со цел преземање соодветни мерки за нивно надминување. Резултатите од евалуацијата не треба да се злоупотребуват. Тие не треба да бидат повод за етикетирање, исмејување, омаловажување, причина некој да го изгуби стекнатиот углед, туку напротив треба да мотивираат кон постигање на повисоки резултати во работењето.

Проверувањето е активност (постапка) со чија помош се утврдува на кое ниво учениците го совладале наставното градиво, односно што знаат и умеат да направат. Проверката може да биде усмена или писмена, во форма на тест, писмена работа, изработка на предмети и сл. Се реализира на тој начин што на учениците им се поставуваат

прашања, им се задаваат задачи на кои тие треба да одговорат. Ученикот во зависност од видот на задачата што му е дадена подготвува одговор (решение). "Проверувањето опфаќа и ситуации кога наставникот не прашува, ниту дава задачи, туку следи и набљудува како се однесуваат учениците во одредени ситуации". (Поповски, 1996: 71). Врз основа на резултатите од проверувањето се проценува степенот на реализираност на поставените цели во наставата, односно се утврдуваат отстапувањата (што од планираното не е реализирано во наставата).

Во зависност од целта заради која се изведува, вреднувањето односно проверувањето и оценувањето може да биде дијагностичко, формативно и сумативно. Дијагностичкото проверување е еден вид контрола и се заснива на принципот на превентивност. Наставниците го користат со цел да утврдат што учениците "не знаат", односно помалку знаат. Врз основа на резултатите од проверката, наставниците ја планираат и организираат наставата во наредниот период, проценуваат дали учениците се во состојба да усвојуваат нови знаења или е неопходно да се вратат чекор назад и повторно да ги обработат содржините кои учениците недоволно ги совладале.

Формативното проверување е во функција на унапредување и развој на лични компетенции и наставни програми и сл. По правило се реализира континуирано во текот на наставниот процес и вообичаено не завршува со оценување. Со формативното проверување наставникот го утврдува напредокот на учениците во учењето, а врз таа основа тој поефикасно ја планира, реализира и вреднува својата работа. Но, за формативното проверување многу е важно резултатите од него да стигнат и до самите ученици. "Постигањата на учениците имаат формативен карактер само тогаш кога постојат оптимални услови за учење, кога на учениците им е јасна целта на учењето и кога тие постојано добиваат повратна информација за постигнатиот напредок" (Grupa avtori, 1989:32).

Сумативното пак проверување се користи за вреднување, сертификација и селекција. Целта на ова проверување е исцрпно и целосно согледување на образовните постигања на учениците стекнати

во подолг временски период. Обично се спроведува на крај на полугодие, на крај на учебна година, на крај од средното образование, во форма на завршен испит. За завршните испити се определува и праг на положеност кој учениците треба да го постигнат за да можат да добијат соодветна диплома. Но пред да се спроведе ова сумативно проверување, неопходно е учениците добро да се подготват. Во повеќе земји во светот се реализира преку стандардизирани тестови на знаење преку кои се проверуваат постигањата на учениците на обемни наставни содржини.

Усовршени се и други форми на вреднување во образованиeто кои имаат за цел мотивирање на учениците, посакувано однесување и сл.
Во зависност од тоа кој го врши проверувањето, вреднувањето тоа може да биде интерно, екстерно и самопроверување. Интерното го врши наставникот или некој друг во училиштето. Екстерното проверување го вршат субјекти надвор од училиштето надлежни за тоа. Преку нив се добиваат податоци за тоа какви се способностите на секој ученик како поединец во однос на целокупната ученичка популација на национално или регионално ниво.

Евалуацијата (вреднувањето) во образованието може да служи за различни цели, но секое вреднување најчесто е во функција за донесување на соодветни одлуки, усовршување. Се користи како критериум за градење на одговорност, професионализам, но е и во функција на сертификација.

*Донесувањето на одлуки* во образованието е многу важна задача. Освен образовната администрација, одлуки донесуваат учениците, наставниците, родителите, а какви ќе бидат тие во голема мера зависи од резултатите добиени преку вреднувањето. Ако вреднувањето обезбедува релевантни информации на тој што одлучува (информациите и фактите се сметаат за бенифиција, предност при одлучувањето), тогаш голема е веројатноста тој да донесе вистинска одлука. Вреднувањето не ја исклучува неизвесноста при одлучувањето, но го зголемува степенот на рационалност и совесност во процесот на одлучување. Некои информации од вреднувањето можат да бидат причина за донесување на погрешни одлуки, но вообичаено тие помагаат

полесно да се разбере природата на проблемот со цел побрзо да се изнајдат алтернативи за негово решавање.

Така на пример, во развиените земји, резултатите од матурата би биле разгледувани во функција на изведување заклучоци за високото образование, би се користеле за креирање на образовни платформи за создавање врски помеѓу високообразовните институции, средните училишта и пазарот на трудот.

И *усовршувањето во образованието* е во корелација со вреднувањето. Всушност усовршувањето е реакција, иницијатива предизвикана од вреднувањето, оценувањето. Така на пример, преку екстерното проверување се дознава за квалитетот на стекнатите знаења и способности на матурантите. Ако вреднувањето покажува пониски резултати, тогаш тие би требало да го интензивираат учењето во оние образовни содржини каде се послаби, а да се усовршуваат во оние образовни области за кои покажуваат особен интерес и надареност. Со помош на екстерното вреднување, наставниците дознаваат кои наставнички вештини треба да ги усовршат, а образовните власти заклучуваат какви промени треба да направат во наставните планови и програми со цел наставата да се осовремени.

Училиштата, исто така, имаат потреба од усовршување. За да бидат конкурентни и да можат да одговорат на процесите на иновација и модернизација тие ги користат резултатите од екстерното проверување. Тие им покажуваат во која насока да се усовршуваат. Преку екстерното вреднување образовните власти дознаваат кои се потребите на учениците, каква е корисноста и ефикасноста на наставните програми и многу други состојби во процесот на учење. Со други зборови преку екстерното вреднување се следи и се контолира квалитетот во образовниот процес.

Обезбедување на одговорност во образованието е тема со која се преокупирани образовните власти во целиот свет. Тие се обидуваат јасно да ги дефинираат улогите и одговорностите на непосредните учесници во воспитно-образовниот процес, а за таа цел ги користат резултатите од екстерното вреднување. Всушност преку резултатите од екстерното вреднување тие дознаваат:

- Колку директорите одговорно ја извршуваат менаџерската улога (дали обезбедиле соодветни услови за организација и реализација на воспитно образовниот процес)?;
- Колку наставниците редовно и квалитетно ја реализираат наставата?;
- Дали учениците редовно ја посетувале наставата и колку одговорно ги извршувале задачите во процесот на учење?;
- Каква била соработката на родителите со училиштето и колку активно се вклучувале во решавањето на прашања поврзани со образованието на нивните деца?

Секое училиште има потреба од одговорни и професионални работници зошто само тие можат да обезбедат квалитетни образовни услуги. Еден од начините со кои училиштата ги откриваат квалитетните наставници е екстерното вреднување, а тоа е мошне тешка задача. Всушност преку резултатите од екстерното проверување тие дознаваат колку наставниците одговорно си ја извршиле својата работа. Така на пример, ако постигањата на учениците на екстерното проверување се задоволителни тоа значи дека тие добиле квалитетни образовни услуги од своите наставници (наставниците максимално ги употребиле своите професионални вештини, совесно ја планирале и реализирале наставата). Само добри учители нудат добри услуги на учениците. Затоа секое училиште кое верува во професионализмот, мора да им обезбеди на своите наставници услови за задоволување на професионалните потреби. Оваа констатација не им оди во прилог на голем број наставници и затоа даваат голем отпор кон екстерното проверување.

Преку евалуацијата се утврдуваат и потребите на учениците, се проверува во која мера се реализирани целите на училиштето, се прави проценка на ресурсите и можностите, се проверува избраната стратегија, а сето тоа влијае врз квалитетот на работата.

Вреднување (евалвација) се користи и за сертификација на наставници, училишна администрација, образовни програми или за акредитација на образовни институции. На училишно ниво, вреднувањето е во функција на сертифицирање на учениците. Преку екстерното проверување и вреднување кое завршува со издавање на

сертификат се дознава за квалитетот на образовните постигања на учениците на разбирлив и документиран јазик. Со тој сертификат тие или го продолжуваат своето образование во повисок степен или се вработуваат. Резултатите од екстерното проверување се потврда за подготвеноста на младата генерација за преземање на нови општествени улоги.

Но, од екстерното вреднување зависи и дали едно училиште ќе добие акредитација (верификација за вршење на воспитно- образовна работа). Училиштата го користат екстерното вреднување како налог (потврда) дека тие нудат квалитетни услуги потврдени со сертифицирана одговорност.

## *3.2. За и против следењето и оценувањето*

Системот на следење и оценување сè повеќе станува главна тема на современото образование. Но, луѓето имаат различен став по ова прашање. Едни сметаат дека следењето и оценувањето треба што повеќе да се применува, а други дека тоа треба да се напушти. За вторите оценувањето е трка за повисоки оценки при што се запоставува главната цел на образованието. Тие се согласни дека преку следењето и оценувањето се откриваат мудрите ученици, но се сомневаат во квалитетот на знаењата кои се стекнуваат на овој начин. Според нив основната цел на формалното обазование е да ги оспособи учениците како да живеат, работат и како да бидат успешни граѓани во својата заедница, но целта не може да се провери веднаш и затоа следењето и оценување според нив е непотребно. Противниците на проверувањето и оценувањето наведуваат уште неколку причини зошто овие постапки треба да се избегнуваат. Прво. Според нив сознанието дека ќе бидат проверувани и оценувани предизвикува кај учениците стресна состојба, а стравот од добивање пониска оценка влијае тие веднаш по испрашувањето да заборават што учеле. Второ. Во желбата да добијат

што повисоки оценки, учениците се подготвени и на измами. Тие ги мамат наставниците, родителите, а и себе. Измамничките намери, пак, им ги уништуваат моралните норми и се чини дека системот за следење и оценување ги оспособува да бидат успешни во мамење во училиште, а подоцна и како граѓани на пошироката заедница. Трето. Училиштата немаат развиено стандардизирани мерни инструменти за објективно мерење на знаењата и способностите на учениците. Постојниот систем на следење и оценување единствено го мери количеството на меморирани факти кои учениците ги осознале преку учебниците. Според тоа, најуспешни се оние ученици кои поседуваат фактографска меморија. Останатите кои немаат добра меморија, наученото не ќе можат никогаш да го применат во практиката. Четврто. Оценувањето исклучиво преку тестови на знаења има ограничен домен, бидејќи не можат да се проверат способностите на учениците. На овој начин се фаворизираат само учениците со добра меморија и добра испитна техника. Петто. Стресната состојба што ја предизвикуваат проверувањето и оценувањето ги прави учениците помалку иницијативни и креативни. Тие не мислат на ништо друго освен што размислуваат како да ги положат тестовите на знаење. Шесто. Оценувањето преку тестирање може да се спроведе само ако оние кои се тестираат се наоѓаат на иста возраст и на исто ниво од психофизички развој , а тоа е невозможно, бидејќи се знае дека девојчињата, за разлика од момчињата порано ментално созреваат. Седмо. Испитувањето охрабрува натпреварувачки дух и ги фаворизира академски надарените ученици, а останатите се чувствуваат запоставено. Осмо. Истражувањата докажуваат дека различни испитувачи подготвуваат тестови (испитен материјал) со различен квалитет. Дури се случува еден испитувач ист тест да оцени на различен начин. Девето. Секое тестирање се изведува според однапред утврдени стандарди и испитни процедури кои добар дел од училиштата не ги задоволуваат. Од тие причини и добиените резултати не се валидни.

Дека следењето и оценувањето не се гаранција за успех противниците на следењето и оценувањето докажуваат преку животниот пат на научниците Томас Едисон и Марија Кири. Според нив овие двајца

научници никогаш не биле проверувани и оценувани низ формалниот систем на образование, а сепак успеале да постигнат големи успеси во науката. Томас Едисон одел на училиште само три месеци, но тоа не била пречка да конструира повеќе од 2000 пронајдоци. Марија Кири се образувала во Париз само додека била мала. Преку самообразование успеала да дипломира на физика, а веднаш потоа ги пронашла радиумот и полониумот. Добила и две нобелови награди за одлучност и посветеност. Овие примери наведуваат на заклучок дека луѓето стануваат успешни и без да бидат следени и оценувани. Денешните педагози, психолози, докимолози веројатно не би се сложиле со овој заклучок од причина што сите луѓе не поседуваат интелект, совест, начин на размислување како Томас Едисон и Марика Кири.

Противниците на следењето и оценувањето на постигањата на учениците сметаат дека овие постапки содржат нешто непродуктивно, нешто неповолно за младите луѓе и затоа во иднина треба да се преиспита системот на следење и оценување. Според нив идните генарации треба да учат без притисокот дека ќе бидат испитувани и оценувани и на тој начин ќе можат да си ги остварат своите идеали.

Поддржувачите на идејата дека учениците треба почесто да се проверуваат и оценуваат преку тестирање, исто така, имаат свои аргументи. Според нив, постоењето на систем за следење и оценување е од непроценлива вредност. Следењето и оценувањето го сметаат како причина за големи промени во образованието, особено во наставата. Според нив учениците кои се оценуваат со тестирање се оспособуваат полесно да разрешуваат проблеми и полесно да воспоставуваат комуникација. А ова се значајни вештини кои ќе им бидат потребни успешно да ги извршуваат работните задачи на работните места.

За поддржувачите на проверувањето и оценувањето овие две постапки се дел од еден систем кој овозможува откривање на менталниот развој на учениците и поголем број на способности. Тие тврдат дека во процесот на проверување и оценување нема оштетени. Со нивна помош се утврдува прогресот кој го направиле учесниците во образовниот процес. Според нив модерните испитувачи располагаат со софистицирани мерни инструменти со кои полесно можат да се проверат

и оценат дури и практичните вештини на учениците, па затоа тврдат дека е неопходно постоењето на проверувањето и оценувањето на образовните постигања.

И во Р.Македонија следењето и оценувањето на образовните постигања на учениците е прашање за кое постојано се расправа во и надвор од училиштата, но никогаш досега не било доведено во прашање. Педесет години наназад на учениците од основните и средните училишта во Р.Македонија им се проверуваат знаењата и способностите според некакви модели за следење и оценување, што значи дека меѓу педагозите нема дилеми дека таквата практика не треба да престане. Следењето и оценувањето е составен дел на воспитно образовниот процес во нашите училишта, а тоа практично значи дека постои законска обврска да се провери и оцени квалитетот на знаењата и способностите на учениците стекнати низ наставата, независно дали некому му се допаѓа тоа или не.

### *3.3. Екстерните испити од државната матура како механизам за следење на контрола на квалитетот во образованието*

Во најголем број светски образовни системи, секој што сака да го продолжи своето образование на повисока образовна институција или на универзитет, треба да помине низ процес на испитување, оценување на претходно стекнатите знаења (евалвација), односно да полага завршен, краен испит. Значи, треба да му бидат вреднувани резултатите од претходно вложениот труд. Од тие причини, во поголем број земји во светот, оценување преку завршни испити е составен дел на средното образование.

Државната матура е испит кој учениците го полагаат на крајот на четиригодишното средно образование како завршница на еден подолготраен образовен циклус и еден вид потврда за способноста на

ученикот за самостојно продолжување на својот личен и професионален живот. Во најголем број земји во светот, државната матура се совпаѓа со полнолетството- период од животот кога младите луѓе треба да одлучат дали да се вклучат на пазарот на трудот или да го продолжат своето образование на повисоко ниво. Овој испит е комплексен, но нема обврзувачки карактер. Го полагаат само оние ученици кои сакаат да студираат. Само учениците кои ќе ги положат испитите од државната матура можат да се запишат на факултет, а тоа значи дека државната матура е влезница за факултет. Затоа уште се нерекува групно свидетелство.

Ако се проследи историскиот развој на државната матура во Р. Словенија, ќе се забележи дека причина за нејзино воведување е негрижата за квалитетот во средното образование која предизвика најголеми последици во високото образование. Всушност во Република Словенија, државната матура е воведена со цел да се подобри квалитетот на средното општо образование и да се обезбеди на учениците сертифициран пристап до различни факултети. Имено, поради слабиот квалитет на постигањата на учениците во средните училишта, словенечките универзитети страдаа од крајно високи стапки на осипување на студентите. Во еден период, на универзитетите во Словенија, “само 46% од студентите успевале да ги положат испитите на крајот на првата година, 68% од студентите ги положувале испитите на крајот од втората година, а на крајот од третата година 62%. Вкупната стапка на незавршени студенти (со дозвола и да ја повторат годината) изнесувала 55%.” (Габршчек, Бетел, 1996:5).

Образовните власти на Словенија сметаа дека со екстерното оценување ќе се подобри квалитетот на средното образование и ќе им овозможи на универзиотетите да селектираат подобри кандидати, а овие пак два фактори ќе придонесат да се намали стапката на осипување на студентите и да се зголеми ефикасноста на системот на универзитетското образование. Со воведувањето на централизираните испити и стандардизираните тестови на знаење се развија наставни програми по европски стандарди, се проверија национални стандарди за квалитет во средните училишта, се овозможи објективна селекција на

учениците во различни образовни групи; им се обезбеди на учениците сертификат за завршено средно образование и влезница во високото образование. На родителите и на пошироката јавност им се овозможи пристап до информации за успехот на учениците. Директорите на средните училишта резултатите од екстерните испити ги ставија во функција на контрола на квалитетот на работата на наставниците и во функција на подобрување на менаџерската функција. Наставниците пак станаа помотивирани за сопствено стручно и методско- дидактичко усовршување.

И моделите на државна матура во полската и чешката република се проектирани од иста причина. Министерството за образование на Р.Чешка сеуште ја воведува државната матура со голема претпазливост. Одлуката да се воведе државната матура дојде "одозгора" во периодот кога земјата започна да се подготвува за влез во Европската унија. Уште во 1995 година чешкото Министертвото започна со реформирање на училишната клима во средните училишта, а во 1996 година започна долгогодишен проект наречен "Матурант 2001". Целта на проектот беше изнаоѓање на најдобар модел на екстерни завршни испити. Од квалитетот на оваа образовна реформа во голема мера зависеше целокупната општествена трансформација и затоа таа беше и сеуште е раководена со голема претпазливост. Проектот заврши откако чешкото министерство за образование се убеди дека се обезбедени сите услови за реализација на новиот модел на завршни испити. Новиот модел на државна матура треба да им обезбеди на чешките ученици меѓународна прифатливост, односно напуштање на средното образование според европски стандарди, а на чешката држава да и овозможи континуирано следење на квалитетот во образованието.

Во поголем број земји, некогашни членки на Советскиот Сојуз, освен деполитизација на образованието, клучна цел на образовните реформи е осовременување на оценувањето во училиштата што подрзбира, внесување на промени во завршните испити во средното образование, развој на образовни стандарди и механизми за следење и контрола на квалитетот во образованието, промени во формативното оценување и сл. Пред повеќе од 20 години, речиси во сите поранешни

руски држави беа формирани посебни институции, обучени за администрирање и оценување на завршните испити. Денес тие се дел од така наречената “испитна индустрија”,која денес постојано се шири и осовременува.

Во Литванија, на пример, приоритет во образованието е да се продолжи со започнатите реформи во завршните испити на крајот од средното образование. Образовните власти на Литванија сметаат дека воспоставувањето на систем за објективно оценување и усовршување на испитните процедури се елементи од кои зависи иднината на системот за следење на квалитетот во образованието. Ваквиот систем треба да и овозможи на државата да го измери квалитетот во образованието и да го спореди со интернационалните стандарди. Од тие причини во рамките на системот за следење и контрола на квалитетот егзистира и така наречениот “backwash” ефект, кој подразбира запознавање на училиштата со резултатите од спроведените завршни испити. Имено, Националниот испитен центар подготвува квантитативни и квалитативни извештаи за постигањата на учениците и им ги доставува на училиштата. Врз основа на тие информации наставниците планираат соодветни стратегии на подучување, директорите модели на менаџирање со наставниот процес, се спроведуваат самоевалуации и сл.

Воведувањето на државна матура во хрватскиот образовен систем е проект во кој се вложени огромни материјални средства и човечки потенцијал. Екстерните испити требаше да послужат за јасно дефинирање на целите во гимназиското и средното стручно образование. Тие требаше да бидат моќен инструмент кој ќе ги придвижува потребните промени во образованието: повратно да влијаат врз усовршувањето на наставните програми, да иницираат нови стратегии на учење и подучување во наставата, да го унапредат процесот на следење и оценување на постигањата на учениците, односно да создадат нова култура за оценување на квалитетот во училиштата.

Во Р. Црна Гора со Законот за гимназиското образование од 2002 година, предвидено е учениците на крајот од гимназиското образование да полагаат матурски испит. Испитот се полага екстерно, а учениците

што ќе го положат стекнуваат диплома за завршено општо средно образование. Испитот е воведен како инструмент за пообјективно вреднување на индивидуалните постигања на секој ученик засновано на мерливи стандарди на знаење.

Во Р. Албанија, повеќе причини доведоа до промени во системот на оценување и завршните испити: нискиот квалитет на образовните постигања, непостоење на систем за следење и контрола на квалитетот во средните училишта; високиот степен на корупција при упис на факултет; невалиденоста и необјективноста на резултатите од постојните завршни испити во средното образование; неопостоење на релијабилна, валидна и објективна база на податоци за постигањата на учениците; непостоење на врска помеѓу средното и високото образование; постоење на двојни испити (матурски и приемен испит) кои учениците ги полагаа во краток временски период; желбата за приближување на албанскиот образовен систем до европските обазовни системи. Со воведувањето на државната матура, албанските образовни власти очекуваат да се постигнат неколку цели: сертификација на учениците по завршување на средното образование, селекција на учениците при упис на факултет, обезбедување на контрола на квалитетот во образованието како и транспарентност на образовните постигања.

Австриската влада во овој момент подготвува модел на матура што би требало да започне да се имплементира во учебната 2013-2014 година. Според новиот концепт за матурата, испитите треба да бидат стандардизирани, резултатите од учениците во државата треба да бидат мерливи, споредливи и да претставуваат влезница во високото образование. Но, за да се имплементира успешно моделот на матура, австриската влада смета дека се потребни долгорочни кадровски подготовки.

Со новиот модел на матурски испит, полското министерство очекуваше да се постигнат три основни цели: 1. да се мобилизираат младите луѓе амбициозно да ги прифатат образовните предизвици, 2. да се усоврши процесот на селекција (регрутирање) на учениците за влез во високото образование и 3. да се создаде успешно средство (алатка)

за контрола на квалитетот во образованието. Резултатите од матурата, полското Министерство ги користи развојно, за редефинирање на целите во наставните планови и програми. Тие се основа за развој на нови наставни програми и други образовни документи со кои се постигнува поголема релијабилност на постојниот образовен систем. А еве од кои причини беа потребни промени во системот за проверување и оценување во Р. Македнија.

## *3.4 Зошто беа потребни реформи во системот на проверување и оценување во Р. Македонија (краток осврт)*

Долги години наназад, образованието во Р.Македонија беше посматрано како дел на една идеологизирана стварност и од тие причини никогаш не стана предмет на објективна социолошка анализа. Образованието се третираше како подрачје кое исклучиво им припаѓа на педагозите, наставниците, директорите и на Министерството за образование и наука. Македонското образование долги години беше идеологизирано, целта му беше утопистичка, а судбината крајно неизвесна. Во таквото образование младите луѓе се учеа да пливаат на суво. Тие стекнуваа многу знаења за пливањето, ама најмалку научуваа да пливаат.

Промените во опкружувањето кои се случуваа помеѓу последната деценија на минатиот и почетокот на овој век, предизвикаа тектонски поместувања во сите области на општествениот живот во Р.Македонија. Се менуваа општествени уредувања, а техничко - технолошкиот развој постојано доживуваше експанзија. Од науката секојдневно се бараа нови решенија. Употребната вредност на знаењето во некои области брзо се менуваше. Брзината на пренесување на информации од ден на ден растеше. Постојано се менуваше квалитетот на живот, а старите вредности се заменија со нови. Всушност започна процесот на

транзиција во Р. Македонија. Веднаш се постави прашањето дали и колку граѓаните на Македонија се подготвени да ги прифатат ваквите промени. Се наметна потребата од еден нов вид на социјализација која ќе ги оспособи младите луѓе за живот во граѓанско општество, која ќе ги оформи граѓански (ќе им помогне да станат конкурентни и функционални во пазарната економија). Како најсоодветен вид беше избрано граѓанското образование.

Општествените промени длабоко го нагризаа ткивото на образованието, неговата вредност, ја изместија неговата функционалност, логичност до степен на потполна ентропија. Нејасно дефинираните сопственички односи во тогашното македонско општество предизвикаа апсурдни образовно-финансиски состојби. Пазарната економија во својата најпримитивна форма во образованието се претвори во процес на собирање на пари, образовни привилегии и профити. Се основаа приватни училишта, специјализирани курсеви кои за својата образовна услуга наплатуваа партиципација. Се создадоа можности за школување надвор од земјата, а тоа беше знак дека општественото раслојување ќе го зафати и образованието. Евидентна стана потребата на младите за поголема слобода, индивидуалност и самостојност. Сѐ повеќе се зголемуваше кај нив желбата за запознавање на светот и авантуризмот. Идеалот на егалитарно образование во Р. Македонија кое во изминатите децении се сметаше за една од најголемите придобивки се урна, а не беше најдена негова соодвета замена. Образованието за сите под еднакви можности беше занемарено, а со тоа беа зголемени можностите за појава на образовна стратификациска структура.

И ова не беше единствениот образовен парадокс во транзицискиот период на Македонија. Во овој период образованието многу често се јавуваше како полигон за остварување на политички цели. Многу често се случуваше определена политички создадена идеја проектно да се имплементира низ образованието како образовна реформа. Таков беше случајот со веведувањето на веронауката во образовниот процес, граѓанското образование и сл. Партиските лидери покажуваа кон образованието најголема грижа секогаш кога требаше да

се покрене некое етничко, религиозно, општествено прашање. Напоредно со ова се зголемуваше и процентот на негативните појави (некултурно и недолично однесување на младите на јавни места, полиберален однос во училиште, за време на часови). Се појави криза на вредностите и моралот. Започна да се промовира процесот на глобализација во македонското општество. Во вакви околности училиштата не се снаоѓаа најсоодветно. Застарениот начин на образование и воспитание доведе до продуцирање на кадри несоодветно подготвени за потребите на пазарот на трудот. Неопходни беа промени во насока на институционализирање на нов систем на образование и воспитание кој ќе ги оспособува младите луѓе за живот во глобализиран свет. Неминовни беа нови тектонски поместувања кои образовните власти во тоа време ги нарекуваа образовни реформи.

"Реформите во средното образование во Република Македонија започнаа со донесувањето на новиот Закон за средно образование во 1995 година. Во октомври 1996 година беа усвоени два важни документи: Програмска структура на средното образование и Образовни профили во средното стручно образование. Во 1997 година беше подготвена ФАРЕ – програмата за реформа на средното стручно образование и обука во Република Македонија, која започна да се реализира од учебната 1999/2000 година во определен број средни стручни училишта. Основна цел на реформата беше да се развие систем на средно стручно образование и обука насочен кон барањата на пазарот на трудот".[5]

Во гимназиското образование, во учебната 2001/2002 година почнаа да се применуваат новиот Наставен план и наставни програми. Целта беше да се подигне квалитетот на гимназиското образование со што ќе се овозможи подобра подготовка на учениците за продолжување на образованието. Целите во програмите примарно упатуваа кон организирање на наставен процес и учење во функција на развој на повисоките когнитивни способности, примена на знаења и оспособување за доживотно учење. Согласно ваквите концепциски и содржински промени во средното образование, беа потребни и промени во испитите

---

[5] Концепција за матура и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Р.Македонија (2009) Скопје: Државен испитен центар, стр.5

на крајот од средното образование. Постојните испити на крајот од средното образование немаа повратно влијание на квалитетот на образовниот процес и не беа доволно добра основа за селекција при упис во високото образование.

Воведувањето на централизирани испити на крајот од средното образование во Р.Македонија (екстерното проверување) беа во функција на легитимна контрола и подобрување на квалитетот на средното образование. Со други зборови образовните власти ја "сервираа" Државната матура во средното образование како спасоносно средство кое ќе воведе некаков ред, кое ќе ги стави работите на свое место.

## *3.5 Државна матура во Р. Македонија*

Во голем број земји во светот, по завршувањето на средното образование младите луѓе или го продолжуваат своето образование на високообразовните институции, или се вклучуваат на пазарот на трудот. Но, и за едната и за другата опција потребен им е некој вид гаранција, потврда дека се оспособени да го прават тоа што ќе го изберат. Затоа средното образование најчесто завршува со некаков завршен испит. Ова е случај и со младите во Р.Македонија. Со Концепцијата за матура и за завршен испит во средното бразование со четиригодишно траење, на младите им е дадена можност да стекнуваат неколку видови дипломи (сертификати) и тоа: диплома за завршена државна и училишна матура во гимназиско образование, диплома за завршена државна матура и завршен испит во средното стручно образование, диплома за државна и училишна матура во средното уметничко образование. Само дипломата за завршена државна матура е потврда дека учениците се подготвени за студии.

Државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование се реализира според однапред подготвени испитни програми кои се базираат на наставните програми за соодветните

наставни предмети вкучени во листата за државна матура. Државната матура како краен испит опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача. Задолжителен за сите ученици е мајчиниот јазик (македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература), во зависност од јазикот на кој учениците ја следат наставата. Изборниот дел од матурата го сочинуваат три наставни предмети кои ученикот ги бира од листата по сопствена желба. Во гимназиско образование ученикот избира три од листата на општообразовните предмети, а во стручното образовование избира два општообразовни и еден стручен наставен предмет. Третиот дел од државната матура е изработка на проектна задача која е задолжителна за сите ученици. Преку проектната задача се проверуваат способностите на учениците за самостојно истражување, проучување на конкретни проблеми, изведување на експерименти и сл. Проверувањето на знаењата и способностите на учениците од задолжителниот дел и од два наставни предмети од изборниот дел (математика или странски јазик) се врши екстерно преку писмени испити (стандардизирани тестови на знаења). Испитот по математика може да се полага на две тежински нивоа (основно и напредно). За оценување на овие тестови задолжени се независни оценувачи избрани на јавен оглас. Проверката и оценувањето на проектните задачи се врши интерно (во училиштата), а за тоа се задолжени училишни комисии составени од предметни наставници и социјални партнери (претставници од стопански комори, синдикати, занаетчиски комори, универзитетски професори и сл.).

Диплома за државна матура добива секој ученик кој успеал да положи еден од мајчините јазици (македонски јазик и литература или албански јазик и литература, или турски јазик илитература), еден од двата изборни екстерни испити (математикиа или странски јазик), два изборни испити кои се полагаат интерно ниво и проектната задача и има право да се запише на факултет. Со екстерните испити од државната матура објективно се вреднуваат постигањата на учениците.

## *3.6 Државна матура во некои европски земји*

**Државна матура во Р. Италија**

Во Италија државна матура полагаат учениците на крајот на повисокото средно образование и претставува предуслов за запишување на факултет. Се состои од три писмени испити (два испити од есејски тип и еден мултидисциплинарен) и еден устен испит. Со првиот писмен испит се проверува знаењето на учениците по италијански јазик, а со другиот писмен испит се проверува знаењето кое го постигнуваат учениците по некој предмет кој за училиштето има приоритетно значење (најчесто математика).Третиот (мултидисциплинарниот) го проверува знаењето на учениците од повеќе наставни предмети кои ги изучуваат во текот на завршната година од средното образование. За првите два испити е задолжено Министертвото за образование, а оценувањето на учениците го врши испитен одбор составен од универзитетски професор, директор на училиште или наставник од средно училиште. Третиот испит го спроведува испитувачки одбор. Секој ученик кој успешно ќе ја положи матурата има право да се запише на факултет. Некои факултети повремено спроведуваат приемни испити и оставаат впечаток дека не ја почитуваат матурата (техничкиот и медицинскиот факултет), а всушност тоа ги прават за да го ограничат бројот на студенти. Тестовите кои ги користат на приемните испити имаат за цел да ги информираат учениците за нивната пдготвеност да студираат.

**Државна матура во Р. Германија**

Во Р. Германија моментно само во неколку покраини, како што е на пример Баварска, Северна Рајна Весвалија, Баден-Вритенберг е воведена државна матура. Таа опфаќа полагање на најмалку четири испити (усно и писмено), од кои два по сопствен избор на ученикот од областите: јазична писменот, уметност, книжевност, општествени науки, математика, природни науки и технологија и два испити задолжителни за секој ученик (германски и странски јазици). За учениците од средните стручни училишта не е предвидена државна матура. Тие ги положуваат

стручните испити и се вработуваат во дејностите од струката. Успешно положена државна матура за учениците значи директен упис на факултет, но не на сите универзитети. На некои универзитети успеваат да се запишат само ученици кои постигнале највисоки резултати на матурските испити.

**Државна матура во Р. Словенија**

Во Словенија постојат два вида државна матура: сплошна- општа матура која ја полагаат учениците во гимназиското образование и поклицна, наменета за учениците од средните стручни училишта. Општата матура содржи задолжителни и изборни наставни предемети. Задолжителни се словенскиот јазик и странскиот јазик, а изборни се други два (може и три) испити кои ученикот ги избира од листата на понудени наставни предмети. Во средните стручни училишта, државната матура опфаќа четири испити. Учениците од овие училишта задолжително мора да го полагаат словенечкиот јазик и еден стручен предмет, третиот го избираат од листата на понудени наставни предемети, а четвртиот е испит е од практична природа. Испитите по математика и странски јазик учениците можат да го полагаат на две тежински нивоа, додека словенечкиот јазик го полагаат само на повисокото тежинско ниво и се оценува според посебни критериуми за оценување.

**Државна матура во Р. Хрватска**

Државна матура во Хрватска е наменета за учениците од гимназиско и средно стручно образование со четиригодишно траење. Ја полагаат учениците кои имаат желба да го продолжат своето образование на високообразовните институции. Задолжителниот дел од матурата го сочинуваат испитите по хрватски јазик, математика и странски јазик, а изборниот дел го сочинуваат испитите кои учениците ги избираат во зависност од барањата на студиската програма за која се определиле на факултет. Всушност државната матура е прилагодена на повеќе од 10 студиски програми и содржински и според тежински нивоа. Така на прмер, ако ученикот избрал студиска програма за која е потребно

испитите да се положени на основно тежинско ниво (Б),на ученикот ќе му се понуди можност да ги полага испитите и на повисоко тежинско ниво (А). Учениците избираат и кој странски јазик ќе го полагаат како матурски испит. За учениците, припадници на етничките заедници задолжителен е и испитот по мајчиниот јазик.

**Државна матура во Р. Црна Гора**

Со полагањето на матурскиот испит во Р.Црна гора, учениците стекнуваат диплома за завршено општо средно образование. Право да полагаат матура имаат само учениците кои завршиле четврта година гимназија и оние со завршен матурски курс. Матурата се полага екстерно, а тоа значи дека сите ученици ги полагаат испитите во ист ден,во исто време, според исти испитни процедури, на иста испитна содржина. За реализација на матурските испити е задолжен Државниот испитен центар, а оценувањето го вршат независни оценувачи според мерливи стандарди на знаење. Матурскиот испит се состои од задолжителен и изборен дел. Задолжителниот дел го сочинуваат црногорскиот јазик и литература и математика или еден од странските јазици (англиски, француски, италијански, руски). Изборниот дел од матурата го сочинуваат два наставни предмети кои ученикот ги бира по сопствена желба (историја, географија, биологија, социологија и сл.) За сите наставни предмети вклучени во матурата, Државниот испитен центар има изработени испитни каталози. Во нив се објаснети целите, структурата, содржината на испитите, критериумите за оценување, како и литературата потребна за подготовка на испитите.

## *3.7 Обезбедување на квалитет на образованието во Република Македонија*

И во Македонија, обезбедувањето на механизми за контрола на квалитетот во образованието (Quality Assurance) е системско и со закон регулирано прашање за кое се грижат неколку државни и јавни институции: Државниот просветен инспекторат, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Центар за стручно образование. Овие институции, во своите законски и подзаконски акти, јасно ги дефинирале своите задачи и обврски и со право може да се заклучи дека нивна основна грижа е да постојано да го подобруваат квалитетот на македонското образование.

Една од причините за донесувањето на Законот за просветната инспекција во Р. Македонија е “да се измени улогата на просветната инспекција, со цел таа да се грижи за унапредувањето на образованието, да се насочи кон подигнување на стандардите, квалитетот и постигнувањето во образованието со цел развојот на образованието да се усогласи со потребите на општеството и економијата на Р. Македонија. Просветната инспекција вклучува надворешна и внатрешна контрола на квалитетот во образованието и објавување на извештаи за спроведените активности, согледаните состојби и очекуваните резултати.

Бирото за развој на образованието е државна институција која во своите законски утврдени надлежности ја има грижата за развојот на образованието во Р.Македонија, односно обезбедување на механизми за подобрување на квалитетот во образованието. Со членот 6 од Законот, Бирото е задолжено : да му предлага на министерот за образованието и наука концепти за развој на образовниот систем, наставни планови и програми за средното образование, да врши советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот во воспитно-образовните установи, да изработува образовни стандарди, да спроведува активности за формативно вреднување на постигањата на учениците, да изработува анализи за постигањата на учениците во совладувањето на

наставата, како и за резултатите од спроведување на испитите на крајот на четиригодишното образование, да организира обуки на наставниците за начините и техниките за следење, проверување и оценување на учениците во образованието и да дава информации до училиштата, установите и други институции за констатираните вреднувања на постигањата на учениците.

Центарот за стручно образование и обука е основан со Одлука на Владата на Република Македонија како јавна установа во која треба да се усогласуваат и интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Републиката. Во таа смисла, Центарот врши стручни работи од областа на следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука, а тоа го прави преку: анализа и проучување на образовните системи, особено системите за стручно образование; анализа и проучување на структурата на нашиот систем за стручно образование и неговите поднивоа; проектирање на нови системски и концепциски решенија за одделни нивоа и видови на стручно образование; иновирање на постојните и предлагање на нови решенија во одредени програмски, процесни, организациски, технолошки, кадровски, нормативни компоненти и сл.; истражување на развојните трендови во стручното образование; развој на образовни стандарди (образовни профили, наставни планови и програми), следење на реализацијата на наставните планови и програми; обука на наставниците по стручните предмети; советување, инструирање и менторирање на наставниците и сл.

Државниот испитен центар е институција од јавен карактер. Таа е надлежна за организација и спроведување на екстерното оценување на постигањата на учениците во основното и средното образование во Р.Македонија. Нејзина задача е: да изготви национални програми за евалуација (особено за екстерната) на основното и средното образование согласно европските стндарди, да подготви испитни програми и стандардизирани тестови на знаења за екстерна проверка на знаењата на учениците, да создава банка на испитни задачи. Задолжена е да ги прибира, обработува и анализира резултатите од екстерните

проверки и во облик на годишни и национални извештаи да ги доставува до Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование. Овие пак, институции, согласно извештаите, треба да градат стратегии во насока на подобрување на квалитетот на образованието во Р.Македонија.

Постојат индикации дека овие институции иако имаат иста цел (да обезбедуваат квалитет во образованието), недоволно меѓусебно соработуваат, не ги разменуваат меѓусебно сознанијата и информациите кои ги поседуваат, не ги координираат своите активност, самостојно донесуваат одлуки во образованието и од тие причини не делуваат системски. Затоа во иднина треба соработката помеѓу овие институции треба да се интензивира.

# 4. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## *4.1. Анализа на резултатите од прашалникот за ученици-матуранти*

За потребите на истражувањето беа подготвени четири прашалници. Еден од нив беше прашалникот наменет за примерокот на овогодишни матуранти. Пополнувањето на прашалниците беше спроведено во период кога тие се подготвуваа за полагање на екстерните испити од државната матура,

Од анализата на податоците добиени преку општата група на прашања се дознава дека, од вкупно 150 анкетирани матуранти, 104 (69%) се припадници на женскиот, а 46 (31%) припадници на машкиот пол. Најголем број од оваа категорија испитаници се ученици од гимназиско образование 112 (75%), а 38 или (25%) од примерокот го сочинуваат ученици од средното стручно образование. Од аспект на постигнатиот успех на учениците во завршната година на средното образование, примерокот го сочинуваат 15 ученици со добар успех (9%), 31 ученик со многу добар успех (21%) и 104 ученици (70%) со одличен успех.

Со првата група на прашања требаше да се добијат информации за тоа колку испитаниците-матуранти се информирани за начинот на полагање на државната матура и колку ги познаваат испитните процедури. Од нив се бараше да го определат времето потребно да се подготват матурските испити и да ги искажат своите очекувања од државната матура и сл. Прашањата беа со повеќечлен избор, односно на испитаниците им беа понудени неколку алтеративи од кои требаше да изберат една.

Од дадените одговори може да се заклучи следното: 80 % од анкетираните матуранти се добро информирани што претставува државната матура и која е нејзината цел. Тие се запознаени со испитните програми и процедури за државната матура, со структурата на прашањата, со барањата во тест книшките и со начинот на оценување на

прашањата. Останатите 20% анкетирани матуранти не се чувствуваат доволно информирани за државната матура што се должи на нивниот несовесен однос кон неа. Недоволната информираност на овие ученици веројатно негативно влијаела врз нивниот успех на матурата.

Радува податокот дека повеќе од 60% од матурантите знаат да ги користат сите расположиви извори на информации за државната матура. Тие за матурата дознале од своите наставници, директорот на училиштето, од своите повозрасни другари - претходни генерации матуранти, но најмногу дознале за матурата од официјалната веб страницата на Државниот испитен центар (www.matura.gov.mk), бидејќи таа, според нив, нуди најкорисни информации.

На прашањето колку време е потребно да се подготват екстерните испити од матурата, матурантите (иако најголем дел од нив се одлични ученици) имаат поделено мислење. 31% од нив сметаат дека е потребна континуирана подготовка во текот на средно образование, за 27% испитаници се доволни едномесечни или двомесечни подготовки пред почеток на полагањето, а 29% испитаници сметаат дека за подготовка на матурските испити доволни се само две недели.

Разликите во времетраењето на подготовките за испитите се оправдани, ако се земат пред вид разликите во психофизичките способности на учениците. Некои ученици учат побрзо од други.

Но, од исказите на испитаниците може да се заклучи, исто така, дека матурантите не и придаваат на матурата подднеднаква важност. Ако 55,4% од испитаниците (пред сè одлични и многу добри ученици) изјавуваат дека за подготовка на екстерните испити од матурата им се потребни само две недели, односно месец или два пред почеток на полагањето, повеќе од јасно е дека тие ги омаловажуваат екстерните испити, а на матурата не и придаваат посебно значење.

Табела бр.2. Колку време е потребно да се подготват екстерните испити?




Мошне збунувачки се изјавите на испитаниците во врска со седмото прашање од анкетниот прашалник. Имено, од испитаниците се бараше да го прогнозираат успехот на овогодинешните матуранти на екстерните испити. Согласно изјавите, 84% од матурантите- испитаници се убедени дека повеќе од 50% од пријавените кандидати оваа година ќе успеат да ги положат екстерните испити уште во јунскиот испитен рок.

Табела бр.3 Колкав процент на матуранти ќе ги положат екстерните испити од матурата во јунскиот испитен рок?



Се поставува прашањето: што ги прави матурантите толку сигурни и самоуверени во сопствениот успех на матурата кога се знае колку е неизвесен успехот при секое екстерно полагање на испити. Одговорот на ова прашање се пронајде во изјавите на студентите-испитаници на ова истражување, кои сметаат дека државната матура во голема мера е девалвирана од измамите кои ги практикуваат матурантите за време на полагањето на испитите. Според нив и на екстерните и на интерните испити од матурата, учениците препишуваат едни од други, групно ги решаваат тестовите, преку мобилен телефон ги дознаваат точните одговори и со тоа во голема мера ги зголемуваат шансите за постигање на повисоки резултати на испитите. Тоа значи дека со државната матура не се мерат објективните знаења на матурантите, што е нејзина основна цел. Наша претпоставка е дека сознанието за можностите од препишување е присутно во свеста на учениците и затоа секоја наредна генерација матуранти понеодговорно се однесува кон матурата. Тие сè помалку учат, а сè повеќе развиваат стратегии како да ги остварат своите измамнички намери.

Според Концепцијата за матура и завршен испит во Р. Македонија секој што сака да се запише на факултет мора да положи државна матура, бидејќи таа е влезница во високото образование. За да се провери функционалноста на оваа матурска цел, во анкетата од испитаниците се бараше да проценат во која мера резултатите од државната матура ќе влијаат врз нивното запишување на факултет. Одговорите упатуваат на заклучок дека 73% од испитаниците очекуваат резултатите од матурата да имаат пресудно влијание при запишувањето на факултет. Но, 27% од испитаниците се убедени дека би можеле да се запишат на факултет и без положена државна матура. Со вакво убедување се и студентите –испитаници. 23 % од нив тврдат дека ќе можеле да се запишат на посакуваниот факултет и без положена државна матура (види табела бр.6).

Ваквото убедување не изненадува бидејќи и Законот за високо образование го дозволува тоа. Тој е директно во колизија со Концепцијата за државна матура и завршен испит. Во Членот 108 од овој закон се вели: ,,Ако на конкурсот за запишување на студенти на прв циклус на универзитетски и стручни студии во првиот уписен рок не се јават доволен број кандидати со положена државна матура, право на упис имаат кандидати со положена училишна матура или завршен испит".[6] Компетентните задолжени за организација и реализација на државната матура ќе мораат да ја проверат и наклонетоста на државата кон државната матура. Точно е дека матурата во Р. Македонија беше целосно поддржана од државата, но има индикатори според кои таа преку уписната политика, ги слабее функциите на државната матура во Р. Македонија. Така на пример, со отворањето на дисперзираните студии државата сакаше да ја зголеми опфатеноста на матурантите, но од друга страна таа ја оневозможи селективната функција на државната матура. Штом на универзитетите има повеќе слободни места за студирање од пријавени матуранти- (потенцијални студенти), тогаш нема потреба за селекција на студенти.

**Што мислат матурантите за екстерното проверување во матурата**

Со втората група на прашања во анкетата требаше да се добијат податоци за тоа какви се ставовите на матурантите во однос на екстерните испити од државната матура. Со серија од 23 прашања од испитаниците се бараше да проценат какво е влијанието на екстерните испити врз образовниот процес: дали се тие причина да се подобри квалитетот на наставата во средното образование и училишната клима, дали заради нив се зголемила мотивираноста и ангажираноста на учениците и дали тие предизвикале промени во процесот на поучување, и учење.

Прашањата од ова група беа поставени во форма на тврдења, а од испитаниците се бараше (на тристепена скала) да искажат до кој степен се сложуваат со секое од нив. Во табелата бр.3 прикажани се

[6] Закон за високо образование, Службен весник на Република Македонија број 35 од 14.03.2008 година,член 108.

тврдењата и степенот на согласување на испитаниците искажани со средна вредност. Ќе бидат коментирани само оние вредности кои се значајни за проверка на поставените хипотези.

Табела бр. 4 Влијанието на екстерните испити врз средното образование

| | |
|---|---|
| Сите матуранти во училиштето се добро информирани за начинот на кој се полагаат екстерните испити од државната матура. | 1,78 |
| Сите ученици знаат дека државната матура е услов за упис на факултет. | 1,47 |
| Учениците се убедени дека на екстерните испити од матурата оценувањето е објективно. | 1,75 |
| Државната матура ги натера учениците повеќе да учат за да стекнат поквалитетни знаења. | 2,17 |
| Заради државната матура учениците помалку бегаат од часови). | 2,57 |
| Откако се воведоа екстерните испити од државната матура, наставниците се поангажирани и подобро предаваат. | 2,15 |
| Одреден број ученици се уште не знаат дека постојат испитни програми според кои треба да ги подготвуваат испитите за државната матура. | 2,03 |
| На учениците им се поважни екстерните од интерните испити и затоа за нив подолго време се подготвуваат. | 1,62 |
| Учениците од скопските средни училишта имаат подобри услови да се подготват за матурските испити од учениците во останатите градови. | 2,01 |
| Матурантите кои учат континуирано во текот на средното образование, испитите од матурата можат да ги положат уште во јунскиот испитен рок. | 1,40 |
| Наставниците кои ги предаваат мајчините јазици, странските јазици и математика имаат построги критериуми за оценување од другите наставници. | 1,91 |
| Наставниците во четврта година го предаваат само материјалот кој е потребен да се положи државната матура. | 2,41 |
| Со воведувањето на екстерната матура, наставниците многу повеќе соработуваат со учениците. | 2,05 |
| Наставниците во четврта година многу често ги оценуваат учениците преку тестови слични на тестовите на екстерните испити. | 1,86 |
| Во училиштето се создаде поголема работна клима откако се воведе државната матура. | 2,25 |
| Државната матура им овозможи на голем број матуранти – ваши другари, да студираат надвор од земјата. | 2,10 |
| Поголем дел од наставниците држат дополнителна настава со матурантите за да ги подготват полесно да ја положат државната матура. | 1,79 |
| Резултатите од екстрните испити се објективни, бидејќи тестовите се шифрирани. | 1,67 |
| Матурата ги натера учениците повеќе меѓусебно да соработуваат, да си помагаат, да другаруваат. | 1,99 |
| Голем број ученици пстигнуваат послаби резултати на матурските испити затоа што се навикнати на усмено испрашување. | 1,94 |
| Дисциплината на часовите е поголема бидејќи учениците сакаат што подобро да научат за матурските испити. | 2,38 |
| Учениците не учат во текот на наставата како се пишуваат текстови и затоа на екстерните испити губат многу бодови. | 1,83 |
| Родителите сфатија дека нивните деца треба да учат за да ја положат матурата и не бараат врски за повисоки оценки во текот на школувањето. | 2,13 |

Од просечните вредности на исказите на испитаниците, сместени на тристепена скала може да се заклучи следното: испитаниците се сосема согласни дека на матурантите, кои се пријавија да полагаат оваа година државната матура добро им се познати испитните процедури што е резултат на добрата информираност. Тие се убедени дека матурантите знаат од кои причини е воведена државната матура. Овој податок не изненадува бидејќи Државниот испитен центар, во чија надлежност е државната матура спроведе низа активности (презентации во училиштата, трибини со родители, реклами во медиумите) за нејзина промоција.

Но, испитаниците не се сосема убедени дека со воведувањето на државната матура се случиле некои поголеми промени во наставата и во процесот на учење. Според нив државната матура не влијаеле наставниците да ги подобрат своите предавања и повеќе да се ангажираат во наставата. Видливо ја подобриле наставата, според нив, наставниците по мајчините јазици, математика и странските јазици, односно наставниците кои ги предаваат екстерните испити од државната матурата во средните училишта. Екстерната природа на испитите по овие наставни предмети и долгогодишното практично искуство што го имаат овие наставници со државната матура, според испитаниците, é причина овие наставници да се однесуваат поодговорно кон наставата и поучувањето. Тврдењата на испитаниците се оправдани од причина што овие наставници веќе 5 години активно се вклучени во реализацијата на матурата и успешно ги користат резултатите од екстерните испити во насока на подобрување на квалитетот на сопствената настава. Најголем број од овие наставници се стручни соработници на Државниот испитен центар. Биле ангажирани за изготвување на испитни задачи, како оценувачи на тест книшки, учествувале во обуки за оценување. Вклученоста во сите овие активности во рамките на државната матура е причина тие да станат свесни дека за да ги положат матурантите екстерните испити, потребни им се трајни и квалитетни знаења, кои можат да се стекнат единствено преку квалитетна настава. Од тие причини тие постојано го подобруваат квалитетот на сопствената настава. Добар дел од овие наставници (особено наставниците по

македонски јазик и литература) издвојуваат одреден број часови од редовната настава за подготовка на матурантите за матурските испити. На овие часови тие им ги даваат на учениците потребните информации поврзани со испитите, испитните процедури, начинот на решавање на тестот, им ги толкуваат барањата во испитните програми, разрешуваат дилеми, им го проверуваат знаењето преку пробни тестови и сл. Освен редовна, овие наставници организираат и дополнителна настава, која е во функција на успешна подготовка на матурантите за екстерниот дел од матурата.

Остава впечаток тврдењето на испитаниците дека наставниците чии наставни предмети се екстерни испити во државната матура подстрого ги оценуваат знаењата на учениците во текот настава. Наше убедување е дека не станува збор за строгост во оценувањето, туку за примена на стандарди во оценувањето. Всушност, овие наставници ги оценуваат учениците според стандардите за оценување на матурските испити и на тој начин ги оспособуваат матурантите за самооценување, кое е во функција на постигање на поквалитетни знаења на матурските испити.

Една од претпоставките на истражувањето беше тврдењето дека со воведувањето на државната матура се подобрила комуникацијата на релација наставник-ученик. Испитаниците-матуранти делумно се сложуваат со ова тврдење. Не се убедени дека со воведување на државната матура се создале форми на интеракција помеѓу наставниците и учениците кои претходно не постоеле. Се сложуваат дека соработката помеѓу наставниците и учениците во последно време е̓ евидентно подобрена, но не се убедени дека причина за тоа е државната матура. Наша претпоставка е дека причината треба да се бара и во воведувањето на екстерното оценување во училиштата преку кое всушност ќе се оценува работата на наставниците.

Испитаниците–матуранти се согласни со тврдењето дека оценувањето на постигањата на учениците на екстерните испити е објективно и непристрасно. Тие веруваат во објективноста на оценувањето од причина што тоа се изведува на стандардизиран начин. Изборот на оценувачи на тест книшките од екстерните испити се прави

на јавен конкурс, а конкурираат оние наставници кои претходно посетувале обуки за оценување организирани од Државниот испитен центар. Тест-книшките се баркодирани и секоја од нив е оценувана од двајца независни оценувачи. Доколку постои несогласување во оценувањето, тестот го прегледува и трет оценувач. Оваа процедура обезбедува тајност и објективност при оценувањето. Од тие причини на матурантите им е важно каков ќе им биде успехот на екстерните испити. Матурантите веруваат дека ќе бидат објективно оценети на екстерните испити од матурата, но тоа не ги мотивира повеќе да учат и подолго време да се подготвуваат за испитите.

Екстерните испити од државната матура, според испитаниците, не се причина учениците да го променат односот кон наставата и учењето. Помислата дека треба да полагаат екстерни испити воопшто не влијаела тие да бидат подисциплинирани и поредовни на часовите. Според испитаниците- матуранти редовноста и дисциплината на часовите ќе се подобри само доколку наставниците им понудат квалитетна настава. Но, бидејќи тоа не е случај со нивните наставници, сосема е нормално учениците да се незаинтересирани и недисциплинирани на настава и често да изостануваат. Од друга страна, учениците се свесни дека постојат можности за препишување на матурските испити и станува сосема јасно зошто на повеќе од 50% матуранти им се доволни две недели, максимум еден месец да се подготват за екстерните испити од државната матура.

Значи екстерното проверување како форма на оценување во државната матура не извршило позитивно влијание кај учениците во насока на стекнување на поквалитетни знаења, не се подобрил квалитетот на наставата, а тоа значи дека не настанале евидентни промени ниту во училишната клима.

Една од очекуваните придобивки од воведувањето на екстерните испити во државната матура беше зголемување на објективноста во оценувањето. Се очекуваше и родителите да престанат со ургенции за повисоки оценки зошто ќе сфатат дека нивните деца мора да научат за да положат државна матура. Според изјавите на испитаниците тоа не се случило. Значи не може да се прифати за точна тезата дека со

воведувањето на државната матура родителите станале посвесни за значењето на квалитетното образование во животот на нивните деца и дека престанале да “бркаат врски”.

Со третата група на прашања во анкетниот прашалник за матуранти се добија податоци за тоа што не чини во државната матура и кои интервенции, промени треба да се направат за да се подобри нејзиниот квалитет. Од исказите на испитаниците може да се заклучи дека на учениците им недостасуваат добри подготовки за државната матура. Освен наставниците по мајчините, странските јазици и математика, сите други наставници не се во состојба да ги подготват учениците за државната матура бидејќи не се доволно обучени за тоа.

Испитаниците сметаат дека државната матура кај добрите ученици предизвикува психичка напнатост. Тие освен што треба да го совладаат наставниот материјал од завршната година, треба и да се подготвуваат за испитите од државната матура. Со цел да се намали напнатоста и стресот кај овие ученици, испитаниците предлагаат конкретни решенија:

- редовната настава во второто полугодие од завршната година на средното образование да биде во функција на подготовка на учениците за државна матура;
- полагањето на испитите да се реализира во подолг временски период (некои способности кај учениците да се проверуваат и во текот на четвртата година). На тој начин учениците ќе бидат порастеретени од обврските и ќе бидат ослободени од стресни состојби;
- за наставниците да се организираат обуки на кои ќе научат како да ги подготвуваат учениците успешно да ги положат матурските испити;
- наставниците почесто да организираат дополнителна настава за подготовка на матурантите за испитите од државната матура независно дали тие се полагаат на интерно или на екстерно ниво;
- Државниот испитен ценатар да подготви прирачници за учениците како да се подготвуваат за испитите од државната матура, со

препораки, примери на добри задачи, критериуми за оценување и сл.

**Што мислат учениците за матурата –заклучни согледувања**

Со воведувањето на државната матура не се случиле некои поголеми промени во наставата и во процесот на учење како што се предвидуваше во Концепцијата за матура и завршен испит во јавното средно образование во Р.Македонија. Квалитетот на наставата значително се подобрил кај наставниците чии наставни предмети се полагаат екстерно во државната матура. Тие во наставата применуваат стандарди за оценување (истите критериуми според кои се врши оценувањето на екстерните испити), организираат дополнителна настава за учениците се со цел тие да стекнат трајни и квалитетни знаења. Тие сфатиле дека преку успехот на учениците на екстерните испити, всушност се оценува и квалитетот на нивната работа и затоа станале помотивирани, поангажирани, поодговорни во наставата.

Значи екстерната природа на испитите по мајчините јазици, математика и странските јазици влијаела значително да се подобри и квалитетот на поучувањето по овие наставни предмети. Затоа може да се очекува дека со зголемувањето на бројот на екстерните испити во државната матура, значително ќе се подобрува и квалитетот на наставата во средното образование.

Но, државната матура не влијаела во насока на подобрување на квалитетот на учењето. Таа не ги мотивира учениците да учат повеќе, ниту пак да бидат поредовни на настава. Напротив, таа поттикнува кај учениците измамнички намери, кои можат негативно да влијаат врз формирањето на нивната личност. Најголем дел од учениците државната матура ја доживуваат како обврска која треба да се заврши на полесен начин.

Државната матура нема селективен карактер. Таа функција ја изгуби откако државата ги дозволи дисперзираните студии, бидејќи на тој начин таа им овозможи на сите ученици да студираат. Во овој момент на факултетите низ Македонија има повеќе слободни места отколку што има кандидати за упис на факултет. Државната матура само го

ограничува изборот на кандидатите во првиот уписен рок, бидејќи во Законот за високо образование, кандидатите со положена училишна матура можат да се запишат на факултет дури откако ќе се запишат оние со положена државна матура. Ваквите постапки на државата не се во согласност со постојните стратешки и концепциски документи според кои се спроведува државната матура и затоа, доколку се продолжи со оваа практика, државната матура ќе ја изгуби целосно смислата за своето постоење.

## *4.2 Анализа на резултатите од анкетниот прашалник за студенти*

Категорија испитаници во ова истражување се и студенти кои, преку анкетен прашалник, требаше да ги искажат сопствените мислења и ставови во врска со државната матура, базирани на лично искуство. Наша претпоставка беше, дека овие млади луѓе, пред да се запишат на факултет морале да ја положат државната матура, па од лично искуство, најдобро можат да проценат какви промени таа предизвикала во процесот на учење и поучување и дали тие промени се во функција на подобрување на квалитетот на средното образование во Р.Македонија.

Оваа група испитаници ја сочинуваа 77 студенти (претежно од втора и трета година) кои студираат на ФИНКИ, ФЕИТ, машински, медицински, филозофски, филолошки факултет, студенти од институтот за социологија, дефектологија, труд и социјална политика.

Од аспект на половата структура, примерокот на студентите го сочинуваат 49 испитаници од женски пол и 28 од машки пол. Според образовната структура, најголем број од испитаниците–студенти (речиси 80%) имаат завршено гимназиско образование, а останатите 22%, средно стручно образование. Сите испитаници пред да се запишат на факултет полагале државна матура, што значи дека дипломата за положена државна матура им била влезница во високото образование. Само еден испитаник успеал да се запише на факултет со положена

училишна матура и тоа во првиот уписен рок, што е доказ дека некои факултети не го почитуваат членот 108 од Законот за високо образование. Повеќе од 50% испитаници положиле државна матура во учебната 2008/09, односно 2009/10 година. Овој податок е значаен бидејќи овие студенти во моментов се при крај на своите студиии и можат најдобро да проценат какви се придобивките од државната матура.

Од изјавите на испитаниците може да се заклучи следното: Генерациите матуранти во годините 2008/09/10 (сегашни студенти), биле исто така добро информирани за државната матура како и овогодишните матуранти. Тие за државната матура дознале од различни извори: официјалната веб страница на Државниот испитен центар, од наставниците и директорите, од претходните генерации матуранти, но за разлика од нив, студентите (речиси 60%) информациите претежно ги добивале од своите наставници и од директорите на училиштата.

Табела бр. 5 Степен на информираност на студенти и матуранти




Овој податок актуелизира едно етичко прашање, а тоа е прашањето за односот на наставниците и директорите кон државната матурата од нејзиното воведување до денес. Податокот дека повеќе од половината студенти информациите околу државната матура ги добиле од своите наставници и директорите, јасно упатува на заклучокот дека наставниците и директорите во првите години од имплементацијата на државната матура биле поодговорни, поиницијативни, повеќе

соработувале со учениците и организирале голем број активности со цел подобро да ги подготват учениците за полагање на матурата. Ваквиот однос на наставниците кон државната матура во тоа време се должи на добрата соработка помеѓу наставниците и советниците од Државниот испитен центар. Центарот многу често организираше презентации за ученици и родители, обуки за наставници и директори. Организираше и средби на кои се разрешуваа проблеми и дилеми поврзани со организацијата и реализацијата на матурските испити. Овие средби беа доказ дека сите поддеднакво се заинтересирани државната матура како концепт да заживее и успешно да се имплементира во средните училишта низ Македонија.

Во последно време, соработката на Државниот испитен центар со училиштата е намалена, а тоа е причина односот на наставниот кадар кон државната матура да стане инертен. Ова докажува дека Државниот испитен центар треба да продолжи со старата пракса, почесто да е присутен во училиштата. Спротивно, државната матура сѐ повеќе ќе се формализира.

Причините за инертниот однос на наставниците кон матурските испити треба да се бара и во промените и дополнувањата на Концепцијата за државна матура и завршен испит кои беа резултат на субјективни проценки на поединци сервирани како политичка одлука. Ако се спореди првичната Концепцијата изработена во 2005 година, со онаа изменетата, во 2009 година, според која денес се имплементира државната матура, ќе се забележат големи разлики. Првичната верзија на Концепцијата предвидуваше динамика според која требаше од година во година да се проширува листата на изборни предмети во државната матура, а до 2011 година сите испити да станат екстерни. На тој начин, државната матура, денес, ќе беше вистински инструмент за контрола на квалитетот во средното образование. За жал, државната матура 5 години не постигна никаков развој од едноставна причина што не се дозволи да се реализира според предвидената динамика во Концепцијата. Изборноста во екстерниот дел од матурата сѐ уште е ограничен на два испити (математика и странски јазик) кои не се во функција на професионалната ориентација на учениците. За

матурантите кои сакаат да студираат општествено –хуманистички науки сосема е сеедно кои два испити ќе ги полагаат екстерно, бидејќи ниту еден од нив не е значаен за овој вид студии. Многу често се случува на електротехничките и машинските факултети да се запишат кандидати со положен испит по англиски јазик, наместо испит по математика кој е неопходен за ваков тип на студии и обратно кандидати со положен испит по математика да се запишат на филозофски факултет. Ваквата состојба ги оневозможува факултетите да направат вистинскиот избор на кандидати при уписите и затоа со право може да се каже дека државната матура нема селективна функција. Ваквите нелогичности во државната матура како завршен испит ги демотивира наставниците и учениците кон постигање на повисоки резултати.

Повеќе од 50% испитаници-студенти сметаат дека со воведувањето на државната матура не се случиле никакви позитивни промени во образованието. Воопшто не се сложуваат со тврдењето дека учениците со положена државна матура се подобри студенти од оние кои не ја положиле. Напротив, тврдат дека токму студентите со положена државна матура најчесто не успеваат да ја завршат студиската година во определениот рок и го пролонгираат времето за студии. Доказ дека ова тврдење на испитаниците е точно се најновите податоци на Државниот завод за статистика според кои ниту половина од студентите во Македонија не дипломираат во предвидениот рок. Статистиката говори дека на факултетите и на високите стручни школи во Р.Македонија помалку студенти дипломирале лани во споредба со годината пред тоа. "Во споредба со 2010 година, во 2011 година бројот на дипломирани студенти е намален за 1,4%. Од вкупниот број, дипломирале 81,5% од редовните и 18,5% од вонредните студенти. 56,5%. од нив се жени. Поголем дел од студентите не успеале да дипломираат во предвидениот рок. Само 42,8% од студентите дипломирале во предвидениот рок, а 57,2% дипломирале после рокот".[7] Ако се земе предвид дека овие податоци се однесуваат токму на генерациите студенти со положена државна матура, од кои е составен и примерокот на ова истражување,

---

[7] Државен завод за статистика, Соопштение, Број на дипломирани студенти во 2011 година, 18.06.2012, Година/Year L, Број/No: 2.1.12.19, стр.1

тогаш со право може да заклучиме дека државната матура не влијае врз успехот на студии. Наша претпоставка беше дека студентите со положена државна матура се поуспешни студенти за разлика од оние кои не ја положиле, бидејќи тие гаранции матуранти стекнале способности и компетенции потребни со успех да го продолжат образованието на повисоко ниво. Се очекуваше наставните предмети кои се наоѓаат на листата за државна матура добро да го прогнизираат успехот на учениците во текот на студиите и да им го олеснат студирањето. Согласно горенаведените аргументи нашите претпоставки (хипотези) се отфрлаат како невистинити.

За испитаниците/студенти државната матура нема мотивирачки карактер и таа не е причина поради која учениците ќе го променат односот кон учењето. Постоењето на државната матура за нив не е предизвик за квалитетно учење и постигање на повисоки резултати. Иако нашите претпоставки беа дека државната матура ќе влијае врз свеста на учениците, односно дека ќе ја сфатат потребата од квалитетно образование како единствен предуслов за квалитетен живот, тие не се потврдија. За нив положена државна матура не е гаранција дека ученикот поседува квалитетни знаења и способности, бидејќи, таа, онака како што се спроведува не мери објективни знаења. Најголем број студенти испитаници сметаат дека таа ги јакне манипулациските способности кај учениците, а најмалку е мотивирачки фактор за стекнување на квалитетни знаења. Државната матура според нив е шанса за успех на послабите ученици. Тие тврдат дека последниве неколку години, добар дел од матурантите наместо да се подготвуваат за екстерните испити од матурата, подготвуваат стратегии за мамење. За време на испитите, голем број матуранти се однесуваат недолично (препишуваат едни од други, разменуваат информации, недисциплинирани се, користат недозволени електронски направи, често ги напуштаат испитните простории) и на тој начин ги нарушуваат испитните процедури.

Иако во Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците постигнати на матурските испити, предвидени

се санкции за прекршителите на испитните процедури, тие не се докрај правно дефинирани и од тие причини се злоупотребуваат.

Така на пример, во членот 47 од овој Правилник превидени се санкции против сите оние кои ќе ги прекршат правилата за полагање на екстерните испити. Во зависност од тежината на прекршокот на кандидатот може да му се изрече опомена, но и отстранување од испитот или поништување на сите екстерни испити од државната матура, па дури и забрана за полагање во наредните испитни рокови. Но, овој член недоследно се спроведува и затоа бројот на прекршители на испитните процедури од година во година се зголемува. Сосема е логично дека во вакви околности државната матура не може да ги измери реално стекнатите знаења и способности на учениците, освен на оние кои самостојно ги решаваат задачите од тестовите. Од овие причини студентите не се убедени дека екстерната проверка е објективен начин на проверување на знаењата на учениците и дека за да се положи државната матура се потребни квалитетни знаења.

Студентите испитаници велат дека државната матура е нешто што им е наметнато "одозгора" и од кое сакаат што побргу да се ослободат. Дури и добрите ученици учат само за да ги положат испитите од матурата, да добијат позитивни оценки, за да можат да се запишат на факултет, а набргу потоа го заборавaат наученото. Значи екстерниот дел од матурата поттикнува учење за испит (кампањско учење) со одредена цел и не придонесува за стекнување на трајни знаења. Корисниците на образовни услуги ја доживуваат како обврска, како нешто изнудено и таквата реформа не дава резултати. Во многу европски земји државната матура е најчесто политичка одлука како и кај нас, но постојат разлики во начинот на кој таа се имплементира во образовниот систем. Така на пример државната матура во Словенија е исто така државен проект, но се воведуваше етапно и траеше цели десет години. Како модел на завршен испит таа беше концепирана во летото 1991/92 година, а нејзината конечна верзија се имплементираше дури во февруари 2001 година. Овој десетгодишен период од идеја до реализација беше исполнет со голем број проучувања, расправи, дебати, критики, самокритики. Словенечките образовни власти сфатија дека државната

матура не е настан кој треба да се случи и да заврши, туку дека é долготраен реформски процес кој бара напорна работа, коренити промени во свеста и кај оние за кои е таа наменета и кај оние кои треба да ја спроведат. Од тие причини тие се определија државната матура како образовна реформа да ја спроведуваат од долу - нагоре. Стратегијата од долу–нагоре значеше интензивирање на соработката помеѓу креаторите на концептот на државната матура и училиштата. Таа имаше за цел да им помогне на училиштата и вработените да ја почувствуваат потребата од воведување на државната матура во средното образование. Дел од стратегијата беа и јавните расправи и дебати кои им овозможија на наставниците, учениците, родителите и словенечката јавност да сфатат колку за една држава е важно да има квалитетно образование и кои се општествените, националните, културните придобивки од него. Стратегијата од долу-нагоре ги поттикнуваше наставниците постојано да ја истражуваат и осовременуваат наставата. Ваквата стратегија ги убеди дека тие постојано треба стручно и професионално да се усовршуваат, да ги менуваат своите стари навики и да ја прифатат државната матура како предизвик. Сето ова допринесе да се изгради култура насочена кон промени која овозможи успешна имплементација на државната матура во средните училишта во Словенија. Дел од стратегијата беше и одлуката на тогашната власт да не се меша политиката во образованието се додека трае оваа образовна реформа. Како резултат на ваквата одлука, мандатот на тогашниот министер за образование беше продолжен, а имплементацијата на државната матура успешно завршена.

И Концепцијата за државната матура и за завршен испит во јавното средно образование во Р.Македонија започна да се иплементира на сличен начин. Креаторите на Концепцијата, имајќи предвид колку “реформите во средното образование се невралгична точка за целиот образовен систем” (Георгиевски,1999:105), започнаа фазна имплементација на државната матура. Прв чекор беше информирање на училиштата за целите, мисијата, визијата, очекуваните придобивки од државната матура, начинот на оценување на испитните задачи,

испитните процедури, и сл. За таа цел Државниот испитен центар организираше училишни презентации, обуки за наставници, директори,тестатори, оценувачи. Потоа се спроведоа и неколку пробни тестирања. Нивната цел беше да се провери функционалноста на испитните процедури. Во учебната 2007/08 година учениците од средните четиригодишни средни училишта во Македонија за прв пат полагаа државна матура согласно новата Концепција за матура и завршен испит. Според проценките на образовните експерти таа беше успешно реализирана, а резултатите од екстерните испити ги отсликуваа реалните состојби во средното образование. Успехот на учениците, кој беше понизок од очекуваниот, беше показател дека образованието во средните училишта е со низок квалитет и дека треба да се преземат мерки за негово подобрување. Резултатите од екстерните испити беа индикатор дека наставата во средното образование и недостасуваат развојни цели, современи техники на поучување и учење, поголема одговорност на субјектите вклучени во образовниот процес. Но, за жал, одговорните за образованието не преземаа мерки за надминување на овие недостатоци.

Исказите на испитаниците –студенти упатуваат на заклучокот дека сите досегашни генерации матуранти, вклучувајќи ги овогодишните не изградиле свест кон државната матура. Тие не ги сфатиле целта, мисијата и визијата што таа ги има и затоа не и придаваат особено значење. Таа за нив е обврска од формален карактер која треба да се заврши на полесен начин и со помалку труд, зошто преку неа се доаѓа диплома за завршено средно образование и до влезницата на факултет.

Дека државната матура во Р.Македонија е крајно формализирана потврдува и фактот што секоја година се зголемува бројот кандидати кои вонредно се пријавуваат за полагање на државна матура. Тие веќе се запишани на некои од факултетите, а дипломата за положена државна матура им е потребна за да се оправдаат пред законот. Во учебната 2011/2012 година државна матура вонредно полагаа околу 500 кандидати.

Резултатите од државната матура (независно колку се тие објективни) влијаат при уписот на факултет. Од исказите на

испитаниците студенти дознаваме дека 75% од нив се запишале на факултет благодарение на резултатите од матурата. Положената државна матура им била влезница за посакуваниот факултет. Тоа значи дека најголем број факултети во Р.Македонија ја почитуваат законската обврска и во првиот уписен рок запишуваат најчесто кандидати со положена државна матура. Тие имаат приоритет при уписите, поголема можност за избор за разлика од кандидатите без положена државна матура, кои можат да конкурираат дури на вториот или на третиот уписен рок. На овој начин државната матура како форма на завршен испит делумно ја извршува својата селективна функција.

Но, 25% од испитаниците тврдат дека резултатите од државната матура не им биле пресудни за запишување на факултет. Тие можеле да се запишат на ФИНКИ, ФЕИТ, машински, медицински и филозофски факултет и без положена државна матура што е доказ дека некои факултети спроведуваат уписна политика спротивна на Законот.

Табела бр.6 Државната матура не е секогаш влезница за факултет




Прашалникот за студенти-испитаници, исто како и прашалникот за ученици, содржеше серија на прашања со чија помош требаше да се идентификуваат нивните ставови во врска со екстерните испити на државната матура. Прашањата беа поставени во форма на тврдења, а од испитаниците се бараше (на тристепена скала) да искажат до кој степен се сложуваат со секое од нив. Всушност и од студентите се

бараше да проценат дали екстерните испити од државната матура предизвикале позитивни промени во наставата и учењето во средното образование. Во долната табела прикажани се тврдењата и степенот на согласување на испитаниците-студенти искажани со средна вредност. Табелата ги содржи степените на согласување и на учениците-испитаници. Целта на овој табеларен приказ е да се воочат евентуалните разлики во мислењата и ставовите на двете групи испитаници (студенти и ученици) за прашања поврзани со државната матура, имајќи ги предвид возраста и периодот во кои тие ја полагале државната матура.

Табела бр.7 Што мислат за државната матура студентите, а што учениците

| Искази | Студенти-испитаници | Ученици-испитаници |
|---|---|---|
| Сите матуранти бевме добро информирани како се полгаат екстерните испити од државната матура. | 1,48 | 1,78 |
| Сите матуранти сфативме дека државната матура е услов за упис на факултет и моравме повеќе да учиме. | 1,47 | 1,47 |
| Екстерните испити од матурата се вистински начин објективно да се оценат знаењата на учениците. | 2,21 | 1,75 |
| Во јунската испитна сесија, екстерните испити од матурата ги положуваат само учениците кои стекнале квалитетни знаења. | 2,18 | 1,40 Над 50% ќе завршат во јуни |
| Со помош на резултатите од екстерните испити се идентифукуваат најдобрите студенти за на факултет. | 2,32 | |
| И проблематичните ученици сфатија дека треба да учат за да ја положат матурата. | 2,03 | |
| Учениците од скопските средни училишта имаа подобри услови да се подготват за екстерните испити од учениците во останатите градови. | 2,49 | 2,01 |
| Учениците повеќе се подготвуваа за екстерните отколку за интерните испити. | 1,52 | 1,62 |
| Учениците кои ја положија државната матура со високи поени, постигнуваат повисоки резултати во текот на студирањето. | 2,38 | 2,01 |
| Од страв дека нема да ја положат матурата учениците помалку бегаа од часови. | 2,78 | 2,57 |
| Државната матура им овозможи на голем број ученици да студираат надвор од земјата. | 2,25 | 2,10 |
| Работната атмосфера во училиштето се подобри откако се воведе државната матура. | 2,47 | 2,25 |
| Дисциплината на часовите се подобри откако се воведе државната матура. | 2,58 | 2,38 |
| Откако се воведе државната матура, поголем број наставници ги подобрија своите предавања и бараа повеќе знаења од учениците. | 2,12 | 2,15 |
| Резултатите од екстерните испити се објективни, бидејќи тестовите се шифрирани. | 2,01 | |
| Наставниците кои предаваа македонски јазик, албански, странски јазици, математика, држеа поквалитетна | 2,30 | |

| | | |
|---|---|---|
| настава од другите наставници чии предмети се полагаа интерно. | | |
| Задачите во тестовите за екстерните испити беа јасно поставени, недвосмислени и можеа да ги решат најголем број матуранти. | 1,87 | |
| Наставниците во четврта година многу често ве оценуваа преку тестови за да ве подготват за полагање на екстерните испити. | 1,88 | 1,86 |
| Учениците – матуранти многу често заеднички се подготвуваа за екстерните испити, меѓусебно си помагаа, соработуваа. | 2,03 | 1,99 |
| Со воведувањето на екстерната матура, наставниците во секое време беа достапни за вас учениците. | 2,01 | 2,05 |
| Поголем дел од наставниците држеа дополнителна настава со вас матурантите за да ве подготват полесно да ја положите државната матура. | 1,88 | 1,79 |
| Прашањата во тестовите за екстерните испити се потешки од прашањата во тестовите за интерните испити. | 1,84 | |
| Бидејќи родителите знаеја дека ќе полагаме екстерна матура не се осмелуваа да бараат врски за да ни се поправат послабите оценки. | 2,36 | 2,13 |
| Голем број ученици пстигнуваат послаби резултати на матурските испити затоа што се навикнати на усмено испрашување. | 2,30 | 1,94 |
| Екстерните испити предизвикуваат психичка напнатост кај голем број ученици и затоа постигнуваат послаби резултати. | 2,04 | |

Согласно исказите на студентите- испитаници може да се заклучи следното:

Екстерните испити од матурата како постапка за следење и вреднување на постигањата на учениците на крајот од четиригодишното средно образование во Р. Македонија не предизвикале значителни промени во средното образование. Студените сметаат дека екстерните испити не се причина да се подобри квалитетот на наставата и учењето. За нив резултатите од екстерните испити не се објективни и не можат да се земат како критериум за проценување на квалитет на знаењата на учениците од причина што за време на испитите мамат. Од тие причини државната матура не може да има ниту селективен карактер. Ако учениците препишуваат едни од други, ако групно ги решаваат тестовите, тогаш е невозможно да се идентификуваат (реално) добрите ученици за упис на факултет, а уште помалку може да се прогнозира успехот на учениците на факултет.

Студентите- испитаници се на мислење дека екстерните испити од матурата не се причина да се подобри работната атмосфера во

училиштата. Сознанието дека треба да полагаат екстерни матурски испити не ги натерало учениците поодговорно да се однесуваат кон учењето и да се однесуваат подисциплинирано на часовите. Причините за немотивираноста на учениците ја бараат во стереотипната настава, преобемноста на наставните програми, во крутиот и нефлексибилен однос на наставниците кон учениците. Тие се на мислење дека во Р.Македонија, сите досегашни реформи се правени без да се земе пред вид мислењето на учениците (што е случај и со државната матура) и од тие причини промените не ги задоволуваат нивните образовни потреби. Учениците би биле помотивирани за учење доколку наставниците реализираат настава која пред учениците поставува високи, но реално остварливи барања и доколку им се даде можност ефективно да учествуваат во реализацијата на часовите и самостојно да ја оценуваат својата работа. Тие се убедени дека на овој начин би се зголемила кај учениците самодовербата, мотивираноста и квалитетот на учењето, а со тоа и желбата за постигање на повисоки резултатите на матурските испити.

Од исказите на студентите дознаваме, исто така, дека со воведувањето на државната матура не престанале врските и притисоците во училиштата. Тие тврдат дека родителите нема да престанат да влијаат кај наставниците за повисоки оценки сè додека резултатите од државната матура не станат пресудни за успис на факултет. Сегашната формула според која се распределуваат поените за запишување на учениците на факултет не е најсоодветна. Учениците се запишуваат на факултет и со минимум освоени поени на државната матура, затоа што најголемиот број поени (60) ги безбедуваат преку училишниот успех кој најчесто е нереален, обезбеден преку врски и притисоци.

Според изјавите на студентите, државната матура нема да може во целост успешно да се имплементира сè додека не се заострат казнените мерки против сите оние кои се обидуваат на секаков начин да ги прекршат испитните процедури. Во таа насока предлагаат:

1. Одговорните за матурата да внимаваат кои наставници ги избираат за дежурни наставници (тестатори) за време на

одржувањето на екстерните испити, бидејќи голем број од нив им дозволуваат на учениците да мамат. Сметаат дека овие наставници треба да бидат соодветно санкционирани;

2. Полагањето на екстерните испити да се спроведува во големи простории опремени со технички помагала кои ќе го детектираат секој обид за мамење од страна на учениците (инсталирање на видео камери, блокатори на телефонски сигнал и сл.) и да се зголеми бројот на набљудувачите;
3. Да се измени членот 108 од Законот за високо образование со кој ќе им се одземе правото на учениците без положена државна матура да се запишуваат на факултет. На тој начин ќе се оневозможат секаков вид манипулации во уписната политка, а матурантите ќе мораат повеќе да учат за да постигнат повисоки резултати на матурските испити;
4. Образовната инспекција да ги зачести увидите во наставата која ја реализираат наставниците во четврта година со цел да го оцени нејзиниот квалитет. Доколку се утврди дека не реализираат квалитетна настава и не умеат соодветно да ги менторираат матурантите за полагање на државна матура, да се заменат со квалитетни наставници.
5. Директорите на средните училишта да преземат активности во насока на подобрување на информираност на учениците во врска со државната матура
6. Да се зголеми екстерноста во државната матура, односно да се зголеми бројот на наставни предмети од кои учениците ќе можат да ги изберат оние за кои имаат интерес и кои се клучни за влез во високото образование.

Студентите/испитаници се убедени дека доколку не се направат овие промени, државната матура нема да може да ја извршува соодветно својата функција, а образованиeто во Македонија никогаш нема да биде соодветно општествено вреднувано.

Ако се споредат мислењата и ставовите на студентите и учениците може да се забележи дека и двете категории испитаници ја доживуваат државната матура приближно на идентичен начин. И за

едните и за другите државната матура е завршен испит кој може да го положи секој ученик без да вложува дополнителен труд. Но, за разлика од некогашните, сегашните матуранти многу повеќе ја формализираат државната матура. Тие сфатија дека со отворањето на дисперзираните студии дадена им е можност да се запишат на факултетит и без положена државна матура и затоа не се подготвуваат сериозно за матурските испити. Најголем број од матурантите за време на испитите препишуваат и на сите можни начини ги нарушуваат испитните процедури. Тоа им дава за право да бидат сигурни дека ќе ги положат матурските испити уште во јунскиот испитен рок.

И двете категории испитаници се на мислење дека со воведувањето на државната матура се случиле негативни квалитативни промени во средното образование. Наместо матурата да влијае да се подобри квалитетот на наставата и учењето, таа предизвикува негативни ефекти. Поттикнува кампањско учење (учење со одредена цел), преку кое не се стекнуваат трајни и квалитетни знаења. Не ги мотивира учениците и наставниците на поголема одговорност, дисциплина при извршувањето на работните обврски. Исклучок се мал број наставници по македонски јазик и литература и англиски јазик кои го подобриле квалитетот на своите предавања. Не се убедени дека државната матура влијаела да се подобри работната клима во училиштата. А штом не се подобрила дисциплината, редовноста, одговорноста и ангажираноста на образовните субјекти, логично е дека не се подобрил ниту квалитетот на наставата во средното образование.

## *4.3 Анализа на резултатите од анкетниот прашалник за наставници*

Целна група на ова истражување беа средношколски наставници. Беа анкетирани 69 наставници кои предаваат во четврта година во избраните средни училишта опфатени со примерокот. Определбата да се анкетираат овие наставници произлезе од претпоставката дека тие се

најинформирани за концептот на државната матура бидејќи, најголем број од нив реализираат настава по наставни предмети кои се вклучени на листата за државна матура. Се претпостави дека овие наставници најнепосредно се вклучени во процесот на подготовка на матурантите за матурските испити, дека најдобро ги познаваат испитните програми и процедури според кои се реализира државната матура, па според тоа најдобро можат да го проценат нивниот квалитет и ефектите од нив во наставниот процес.

Прашалникот за наставници содржи педесетина прашања распоредени во три групи. Со првата група на прашања се добија општи податоци за испитаниците, за нивниот пол, возраст, степен и вид на образование, години на работен стаж, вид на ангажираност во училиштето и сл. Втората група на прашања беше во функција на осознавање на ставовите на наставниците кон екстерните испити од државната матура, односно во функција на откривање на ефектите од државната матура врз наставата во средното образование. Третата група на прашања беа во функција на детектирање на слабостите на државната матура како завршен испит од кои ќе произлезат препораки за нивно надминување.

Примерокот наставници на ова истражување има прилично хетерогена структура. Го сочинуваат наставници кои реализираат настава во различен вид на средно образование (гимназиско,стручно), и чии наставни предмети имаат различна природа и третман во државната матура. Евидентни се разликите во возраста и работниот стаж на наставниците. Тргнувајќи од претпоставката дека овие разлики, како и разликите во старосната, стручната, етничка структура на испитаниците ќе влијаат врз ставовите и мислења на испитаниците во врска со предметот на ова истражување, пред да се започне со обработка на податоците се пристапи кон категоризација на примерокот. Всушност од примерокот на наставници се формираа три подпримероци.

Првиот подпримерок го сочинуваа наставници од гимназиско образование кои реализираат настава по општообразовни предмети кои во државната матура се полагаат екстерно. Вториот подпримерок беше составен од наставници, исто така, од гимназиско образование, кои

реализираат настава по општообразовни предмети, но кои во државната матура се полагаат на интерно ниво. Третиот подпримерок го сочинуваа наставниците кои предаваат стручни наставни предмети во средното стручно образование.

Согласно општите податоци за испитаниците, примерокот наставници го сочинуваат 49 жени и 20 мажи. Повеќе од 50% испитаници се на возраст помеѓу 41 и 50 години и со работен стаж поголем од 10 години. Сите испитаници воглавном биле вклучени во активностите поврзани со државната матура. Речиси секој од нив барем еднаш бил ангажиран како тестатор, член на матурска комисија за изготвување на испитни прашања, оценувач на тест книшки и сл. Значи, станува збор за испитаници чии мислења и ставови во анкетата се базираат на сопственото искуство.

Од вкупно 47 наставници по општообразовни наставни предмети , 29 наставници реализираат настава по предмети кои учениците ги полагаат екстерно во државната матура (македонски јазик и литература, англиски јазик, германски јазик, француски јазик и математика), а 18 наставници предаваат општообразовни предмети кои во државната матура имаат интерен карактер (биологија, хемија, физика, социологија, филозофија). Останатите 22 наставници реализираат настава по стручни предмети во економска, правна, трговска, земјоделско-ветеринарна, текстилна и кожарска струка (бизнис, менаџмент, винарство, конструкција и моделирање на облека и сл).

Анализата на податоците покажува дека најголем број наставници, независно од тоа кој предмет во кое училиште го предаваат, независно од возраста, полот, работниот стаж, се незадоволни од државната матура како модел на завршен испит. Тие не се убедени дека државната матура е добро подготвен и осмислен концепт. За нив со воведувањето на државната матура не се случиле големи промени во средното образование. Во табелата бр.8 прикажан е степенот на согласување на наставниците со поедините тврдења поврзани со државната матура, искажани со средна вредност.

Табела бр. 8 Што мислат наставниците за државната матура

| Исказ | Средна вредност |
|---|---|
| Државната матура е добро подготвен и осмислен концепт. | 1,81 |
| Со воведувањето на екстерните испити на државната матура, се случија позитивни промени во средното образование. | 1,90 |
| Испитните процедури за екстерните испити се добро осмислени. | 1,78 |
| Училишните матурски комисии доследно ги спроведуваат испитните процедури за екстерните испити од државната матура. | 1,54 |
| Преку резултатите од екстерните испити на државната матура се откриваат слабите страни во наставата. | 2,04 |
| Дисциплината на часовите по предметите кои екстерно се полагаат е поголема за разлика од оние кои се полагаат интерно. | 2,30 |
| Матурантите од гимназиите се привилигирани во однос на матурантите од средните стручни училишта бидејќи имаат поголем фонд на часови за екстерните испити. | 1,88 |
| Учениците со положена државна матура постигнуваат повисоки резултати на факултет од оние кои не ја полагале. | 1,90 |
| За учениците најважни се резултатите од екстерните испити и затоа за нив повеќе се подготвуваат. | 1,84 |
| Со воведувањето на екстерната матура поголем дел од учениците се помотивирани за учење. | 2,00 |
| Со воведувањето на екстерната матура учениците се поредовни на настава. | 2,12 |
| Голем број од матурантите земаат приватни часови за подготовка на екстерните испити од државната матура. | 1,94 |
| Поголем број ученици имаат несериозен однос кон изработката на проектната задача за државната матура. | 2,10 |
| Учениците покажуваат послаби резултати на екстерните испити од матурата затоа што прашањата се многу потешки од прашањата на интерните испити. | 2,14 |
| Наставниците од четврта година најголем дел од наставата ја користат за подготовка на учениците за екстерните испити од државната матура. | 1,96 |
| Поголем број на наставници имаат потреба од обуки од областа на оценувањето за да можат успешно да ги подготват учениците за матура. | 1,84 |
| Поголем број наставници имаат потреба од обука како да ги менторират учениците при изработката на проектната задача. | 1,91 |
| Наставниците по мајчините јазици, математика, странските јазици, естетика, филозофија многу повеќе се ангажираат во наставата во однос на останатите наставници. | 2,19 |
| Државната матура им наметна на наставниците дополнителни ангажмани (обврски) за кои не се соодветно наградени. | 1,80 |
| Наставниците сметаат дека преку екстерните испити објективно се оценува знаењето на учениците. | 1,99 |
| Наставниците од средните училишта во Скопје се поупатени за државната матура отколку наставниците во другите градови низ Републиката. | 2,06 |

| | |
|---|---|
| Со воведувањето на државната матура, особено екстерните испити, наставниците станаа поодговорни, поангажирани во наставата. | 2,00 |
| Најголем број од наставниците резултатите од матурските испити ги користат како начин за самооценување и се мотивирани постојано да ја подобруваат наставата. | 1,87 |
| Бојот на екстерните испити од државната матура е мал и поради тоа факултетите не можат да направат вистинска селекција на матурантите при уписите. | 1,84 |
| Екстерните испити предизвикуваат стресни состојби кај поголем дел од учениците. | 1,74 |
| Воведувањето на екстерните испити побуди натпревар помеѓу училиштата за постигање на повисоки резулати. | 1,75 |
| Директорот во Вашето училиште ги користи резултатите од матурските испити како показател каде треба да се подобри наставата. | 1,91 |
| Постојат наставници кои не се информирани дека постојат испитни програми според кои треба да се подготвуваат учениците за државната матура . | 2,14 |
| Преку екстерните испити се проверува дали наставниците објективно ги оценуваат учениците во текот на наставата. | 2,03 |

Наставниците се на мислење дека државната матура како модел на завршен испит во средното образование содржи голем број недостатоци. Според нив, Државниот испитен центар има подготвено доволно стручни материјали за начинот на организирање и спроведување на испитите од државната матура (испитни програми, испитни процедури, критериуми за оценување, упатство за тестатори, прирачници за наставници, процедури за доставување на испитниот материјал, правилници и сл.), но му недостасуваат правни процедури за превенирање и санкционирање на матурата од злоупотреби. Тоа е причина заради која државната матура не може да се спроведе регуларно.

Од одговорите кои испитаниците ги дале на втората група прашања може да се заклучи следното:

84% од наставниците се задоволни од резултатите кои учениците ги постигнуваат по нивните наставни предмети на матурата, 10% од анкетираните наставници не се задоволни, а 6% немаат мислење по ова прашање. Со други зборови, од вкупно 66 наставници кои искажале некакво мислење, 58 се задоволни од успехот што го постигнуваат учениците по нивниот предмет на матурата, независно дали тој е општообразовен или стручен, екстерен или интерен. Објаснување зошто

наставниците по мајчините јазици (македонски, албански и турски јазик), странските јазици и математика се задоволни од успехот на нивните ученици (такви во примерокот се 29) има. Предметите кои тие ги предаваат се екстерни испити во матурата и екстерноста влијаела овие наставници да го подобрат квалитетот на својата настава кој пак, резултирал со повисоки образовни постигања кај учениците. Но, се поставува прашањето: Која е причината да се подобри квалитетот на наставата и по стручните и општообразовни предмети кои имаат интерен карактер? Што ги мотивирало учениците кон постигање на подобри резултати и на овие испити?

Овој податок ја доведува во прашање функцијата на екстерното проверување во нашата државна матура. Одговорните за неа треба да се запрашаат: колку екстерните испити од државната матура се навистина инструмент кој придвижува кон позитивни промени; колку тие повратно влијаат врз усовршување на наставните програми, колку тие иницираат нови стратегии на учење и подучување и колку влијаат врз унапредување на наставата, кога истите промени ги предизвикуваат и интерните испити. Ако 22 наставници од стручното образование и 18 наставници од гимназиското образование (толку испитаници во примерокот предаваат интерни матурски предмети) успеале да ги постигнат истите ефекти како и наставниците чии предмети во матурата се екстерни, тогаш се поставува прашањето: Која е потребата од постоење на државната матура, а која е функцијата на екстерното проверување?

Одговорите на овие прашања ги даваат самите наставници кога велат дека ниту интерните, ниту екстерните испити од нашата државна матура не мерат објективни знаења, од причина што и во двата случаи учениците многу препишуваат. Добар дел од анкетираните наставници тврдат дека голем број тестатори несовесно си ја вршат својата задача. Тие им помагаат на учениците во решавањето на тестовите, им дозволуваат да препишуваат едни од други, преку електронски уреди да доаѓаат до точните одговори. Според нивни проценки, во помалите општини во Републиката, проблемот со тестаторите е уште поголем. Поради недостиг на тестатори од редовите на средношколскиот

наставен кадар, за обавување на оваа задача се ангажираат наставници од основните училишта. Под влијание на роднински, пријателски, локалпатриотски чувства и од желбата нивните матуранти да бидат најуспешни на регионално ниво по секоја цена, тие целосно ги прекршуваат испитните процедури и им дозволуваат на матурантите да препишуваат едни од други. Ваквите состојби, според наставниците, уште повеќе ја девалвираат државната матура.

Анкетираните наставници се убедени дека оценувањето на постигањата на учениците, исклучиво преку тестови, не е форма на објективно оценување бидејќи има ограничен домен. Повеќе од 52% од анкетирните се убедени дека преку тестови на знаења е невозможно да се проверат сите способности кај учениците и затоа оценките од матурските испити ги сметаат за необјективни. Како пример ги наведуваат вештините слушање и говорење, кои иако се важни за мајчините и странските јазици во рамките на матурските испити, не се проверуваат и оценуваат бидејќи е невозможно да се направи тоа преку тестови на знаење. Според наставниците –јазичари ова е голем недостаток на државната матура и затоа одговорните за државната матура ќе треба да изнајдат решение како да се проверуваат и оценуваат и овие вештини кај учениците. Овие вештини се дел од ипитните програми по наведените наставни предмети, но за жал тие сé уште не се дел од практичната реализација на матурата.

Причината за необјективно оценување на постигањата на учениците на матурските испити според наставниците –испитаници претставува и различниот квалитет на тестовите на знаења. Така на пример тест-книшките за екстерните испити од државната матура ги изработуваат државни предметни матурски комисии (обучени советници во Државниот испитен центар, наставници-практичари и универзитетски професори) според стандардизирани постапки. Испитните задачи се со висок квалитет и освен знаења, можат да измерат и поголем број способности кај учениците. По правило ваквите тестови на знаење содржат прашања со повисоки барања. Тоа е причина заради која учениците постигнуваат послаби резултати отколку на интерните испити. Тест–книшките за интерните испити ги изработуваат предметни

наставници кои не посетувале обуки за изработка на тестови на знаење. Задачите во нив се со низок квалитет и мерат само фактографски знаења. Згора на тоа, резултатите кои ги постигнуваат учениците на интерните испити се неспоредливи бидејќи тие не се добиени под еднакви услови. Најдобар пример за тоа е испитот по социологија. Тој е интерен испит, се реализира преку тестови на знаења изработени од наставници по социологија. Поради различниот квалитет на испитните задачи, различните тежински нивоа на барања во нив, не е возможно објективно да се вреднуваат знаењата и способностите на учениците, а уште помалку да се споредуваат.

Се поставува прашањето: ,,Која е функцијата на интерните испити кога се знае дека се реализираат според крајно нестандардизирани постапки кои не мерат објективни знаења? Дали тоа значи дека со интерните испити им се дава можност на матурантите да освојат на полесен начин 20, од вкупно 40 бодови на државната матура (крајниот успех на матурантите се добива како збир од успехот постигнат во четврта година и успехот на државната матура и тоа во сооднос 60: 40). Дали е коректно интерните испити, кои не мерат објективни знаења, да се вреднуваат речиси подеднакво како и екстерните испити (еден положен интерен испит се вреднува со 8 бодови, а еден положен екстерен испит 10 бодови). Ова е доказ дека Концепцијата за државна матура и завршен испит во средното образование треба да претрпе посериозни измени.

Наставниците-испитаници не се убедени дека екстерните испити од матурата значително влијаеле врз начинот на наставата во средните училишта. Тие тврдат дека одреден број наставници ги употребуваат резултатите од матурските испити за откривање на слабости, но за жал не слабостите од сопствената работа, туку слабостите кај учениците. Најголем број наставници, наместо да се трудат да го подобрат квалитетот на сопствената настава и да го подобрат начинот на поучување, тие наставата целосно ја ставаат во функција на успешно полагање на испитите од матурата. За нив најбитно е учениците да ги положат испитите и затоа за време на редовната настава разработуваат техники и стратегии како учениците полесно да ги решат задачите во

тестовите. Сета своја енергија ја насочуваат за организирање на настава во согласност со барањата во испитните програми (за секој наставен предмет, вклучен во државната матура, постои испитна програма во која се дефинирани знаењата и способностите, кои ќе се проверуваат кај учениците во текот на матурските испити). Точно е дека испитните програми се документи изготвени врз основа на наставните програми, но тоа не значи дека имаат иста цел и функција. Наставните програми се документи според кои се планира, организира и реализира редовната настава, а испитните програми документи според кои се организираат и реализираат матурските испити. Секоја испитна програма содржи општа цел и содржина на испитот, испитни барања, опис на испитот, начинот на кој се оценуваат постигањата на учениците и сл. Според тоа редовната настава не може и не смее да се реализира според испитните програми.

Загрижува податокот што голем број наставници сè уште не прават разлика помеѓу наставни и испитни програми што може да предизвика целосен хаос во наставата.

Но, од тврдењата на испитаниците може да се заклучи дека голем број наставници во четврта го практикуваат токму ова. Редовната наставата ја прилагодуваат на испитните барања; по сопствена проценка ги редуцираат содржините од наставната програма; во текот на годината постојано ги оценуваат учениците преку тестови на знаење и на тој начин го намалуваат квалитет на редовната настава. Наместо да ја осовременуваат, тие редовната настава ја претвораат во настава за меморирање на факти. Според тоа сè повеќе се намалува бројот на наставници кои организираат настава за стекнување на трајни и квалитетни знаења.

Наставниците испитаници, исто така, не се убедени дека со воведувањето на екстерните испити од матурата се подобрила училишната клима во средното образование. Сознанието дека екстерно ќе биде проверувано нивното знаење стекнато во текот на четиригодишното средно образование на матурските испити не влијаело учениците да го променат односот кон наставата и учењето. Заради екстерните испити учениците не станале подисциплинирани и поредовни на настава, ниту пак се однесуваат поодговорно и поангажирано кон

учењето. На тоа упатуваат исказите на наставниците под реден број 6, 10, 11 во табела бр. 8

Со други зборови, екстерната евалуација, како форма на проверување и оценување на образовните постигања не ги мотивирала учениците кон стекнување на поквалитетни знаења ниту ја зголемила нивната одговорност кон извршување на училишните обврски. А штом во училиштата учениците не стекнуваат поквалитетни знаења и способности и кога не е зголемена митивацијата на образовните субјекти кон постигање на повисоки резултати, тогаш и училишната клима не може да биде на задоволително ниво.

Една од претпоставките на ова истражување беше сознанието дека полагањето на екстерните испити од матурата предизвикува кај учениците стресни состојби поради кои се намалува успехот на учениците и дека, за да го надминат тоа, родителите ангажираат приватни тутори за своите деца. Логично беше дека ваквата иницијатива на родителите го оптоварува семејниот буџет.

Од исказите на наставниците може да се заклучи дека оваа претпоставка е неоснована. Ученците не им придаваат поголемо значење на екстерните испити, па според тоа нема ни потреба од ангажирање на тутори.

**Што според наставниците треба да се направи за да се подобри квалитетот на државната матура**

Според мислењето на анкетираните наставници, квалитетот на државната матура нема да се подобри сè додека не се направат суштински промени во Концепцијата за матура и завршен испит. Во таа смисла тие предлагаат:

- Веднаш да се извршат промени во постојните испитни процедури, односно постојните да се заменат со пософистицирани. Според нив неопходно е тестирањето на учениците да се реализира во големи простории (фискултурни сали, училиши холови, сали за свечености и сл.) опремени со видео камери, блокатори на телефонски сигнал, со што би се оневозможиле манипулациите во текот на тестирањето;

- Изборот на дежурни наставници (тестатори) да не го прават директорите на средните училишта, туку Државниот испитен центар преку јавен конкурс. Со тоа ќе се намали притисокот на родителите врз директорите и наставниците и ќе се оневозможат манипулациите;
- Државниот испитен центар да изготви правилник според кој ќе ги санкционира сите тестатори кои не си ја извршуваат совесно задачата за која се ангажирани;
- Испитниот материјал да се дистрибуира до училиштата на денот на испитот и на тој начин да се заштити неговата тајност;
- Државниот испитен центар да ги дистрибуира резултатите од екстерните испити до училиштата во облик на анлитички извештаи кои наставниците и директорите би ги користеле во насока на подобрување на квалитетот на наставата во средното образвание;
- Државниот испитен центар редовно и континуирано да организира и реализира обуки за наставници како да ги користат испитните програми и резултатите од државната матура.

**Заклучни согледувања кои произлегуваат од анкетата со наставници**

Наставниците се прилично воздржани во однос на државната матура. Во нивните искази недостасува самодоверба, самокритичност, мислењата и ставовите им се контрадикторни што зборува за нивната неподготвеност за прифаќање на државната матура како образовна промена. Сето тоа во голема мера ја отежна фазата на толкување и изведување на заклучни согледувања во истражувањето. Повеќе од јасно е дека мал број наставници знаат зошто точно е воведена државната матура и какви промени се очекуваат од неа. Поголем дел од нив не сфатиле дека екстерното проверување е најдобар начин за самоевалуација на сопствената работа и затоа тие не се убедени дека треба да се зголеми бројот на екстерните испити во матурата. За голем број наставници екстерните испити од матурата се инструмент со кој Министерството за образование ја следи и санкционира нивната работа. Од тие причини тие не се самокритични, не се мотивирани кон

истражување на сопствените недостатоци и проблеми во наставата, туку настојуваат да ги прикажат состојбите во најдобро светло.

Податокот дека повеќе од 50% испитаници во примерокот се на возраст помеѓу 41 и 50 години и со работен стаж поголем од 10 години, упатува на заклучокот дека проценките на ефектите од матурата на оваа возрасна категорија наставници ќе биде многу поразлична од проценката на помладата генерација наставници. А тоа е така бидејќи секоја од овие категории наставници имаат различен однос кон реформите и поседуваат различно ниво на култура за промени. Од тие причини логично е во училиштата во кои наставничкиот кадар е од повозрасна старосна структура да манифестира поголем отпор кон промените. Тие не се подготвени за прифаќање и извршување на нови улоги, а уште повеќе за преземање ризици и предизвици. Помладите пак наставници, полесно ги прифаќаат новите улоги, но поради недоволното познавање на наставничката работа и недостиг на искуство не можат квалитетно да одговорат на новите барања во наставата.

Од исказите на наставниците –испитаници може да се заклучи, исто така, дека наставниците, независно од полот, возраста, работниот стаж, стручност, не ја сфатиле потребата од воведувањето на централизираните испити на крајот од средното образование, а тоа значи дека не можат да претпостават што се очекува од нив. Голем број наставници сè уште не се свесни дека успешноста на матурата најмногу зависи од нивниот професионален однос кон работата. Тие не сфатиле дека квалитетот на наставата не зависи само од примателите на образовните услуги (учениците), туку и од давателите на тие услуги (наставниците) и затоа не се во состојба објективно да ја вреднуваат сопствената работа. Државната матура е за нив наметната образовна промена од горе, а таквите промени не даваат добри резултати.

Радува податокот дека на наставниците по мајчините јазици, странските јазици, математика, сосема им се јасни целта и мисијата на државната матура. Според нив екстерните испити од матурата се механизам за контрола на квалитетот на наставата, само доколку се оневозможи препишувањето. Убедени се дека со проширувањето на бројот на екстерните испити би се зголемила кај наставниците желбата

за организирање на квалитетна настава, а кај учениците желбата за стекнување на квалитетни знаења.

### 4.4 Анализа на резултатите од анкетата за директори

Примерокот на директори го сочинуваа директори на 25 јавни средни училишта во Македонија (од вкупно 94 ), од општините Кичево, Гостивар, Тетово, Делчево, Берово, Виница, Кочани, Штип, Струмица, Велес, Радовиш, Куманово, Валандово и Скопје. Определбата целна група на ова истражување да бидат и директори на средни училишта беше сознанието дека тие во рамките на државната матура извршуваат мошне одговорни задачи. Тие се претседатели на Училишните матурски комисии кои се задолжени за организација и реализација на матурските испити во училиштата и затоа би можеле најдобро да го оценат нивниот квалитет. Секој директор во своето училиште:

- формира Училишна матурска комисија која ќе се грижи за организација и рализација на матурските испити во училиштето;
- ги информира учениците и родителите за целта, значењето и правилата за спроведување на државната матура;
- врши верификација на списоците со кандидатите доставени од Државниот испитен центар;
- доставува пополнети пријави од тестаторите од неговото училиште, кои ќе бидат ангажирани во други училишта до ДИЦ;
- обезбедува просторни и технички услови за спороведување на испитите;
- врши нумерирање на места за седење на кандидатите во испитните простории;
- го прима и проверува испитниот материјал и се грижи за неговата безбедност;
- ги идентификува и распоредува тестаторите по испитни простории (според списоци доставени од ДИЦ);

- го предава на тестаторите испитниот материјал;
- го прима испитниот материјал по завршување на испитот од тестаторите и ги пополнува сите потребни формулари;
- го проверува испитниот материјал при пакувањето и по завршувањето на испитот го предава на одговорно лице од Државниот испитен центар;
- се грижи за регуларноста на испитниот процес во училиштето за време на спроведување на испитите од државната матура;
- изготвува извештај за текот на спроведувањето на испитите и истиот го достави до ДИЦ и сл.

Несовесното извршување на овие задолженија од страна на директорите целосно би ја оневозможиле имплементацијата на моделите на завршни испити во средното образование во Р.Македонија.

Половата, старосната, образовната структура на примерокот директори е прилично хетерогена. Примерокот го сочинуваат 16 мажи и 9 жени. 11 од нив се на возраст помеѓу 41 и 50 години, 8 на возраст помеѓу 51 и 60 години, 2 директори помеѓу 31 и 40 години и четворица над 60 годишна возраст. Освен по возраста, директорите во примерокот се разликуваа и според директорскиот стаж. 10 директори во примерокот се со над петгодишно директорско искуство, од кои тројца и над 10 години, а останатите 15 директори се со работен стаж помал од 5 години. Иако примерокот го сочинуваат лица кои вршат иста функција и имаат исти задолженија, наша претпоставка беше дека разликите во возраста, директорскиот стаж, менаџерските способности повлијаеле овие лица да формираат различни ставови и мислења во врска со државната матура. Претпоставка беше дека дури и училишната средина во која тие директоруваат влијаела тие поразлично да ги почувствуваат ефектите од државната матура.

Со цел да се утврдат претпоставените разлики, во примерокот се издвоија три групи директири-менаџери. Според оваа категоризација, примерокот го сочинуваат двајца директори кои менаџираат во гимназиско образование, 9 директори во стручното образование и 14 директори во комбиниран тип на образование (гимназиско и средно стручно).

Анализата на податоците добиени со прашалникот за директори упатува на следните заклучоци:

За сите директори, државната матура во јавните средни училишта во Р.Македонија е добро осмислен модел на завршен испит со добро осмислени испитни процедури кој предизвикува позитивни промени во образовниот процес. Според нивното убедување, учениците станале поредовни и подисциплинирани на настава откако дознале дека ќе бидат екстерно проверувани. Желбата да постигнат што повисоки резултати на екстерните испити ги натерала да го сменат односот кон учењето, поодговорно да ги извршуваат училишните обврски (степен на согласување на директорите со исказ бр. 8 во табела бр. 8).

Директорите не се сосема убедени дека со воведувањето на екстерните испити се подобрила дисциплината и редовноста на учениците во наставата, но убедени се дека тие се причина наставниците да го подобрат начинот на поучување и оценување. Директорите тврдат дека за овие 5 години, откако е воведена државната матура, наставниците се помотивирани и поодговорни во наставата. Помислата дека преку екстерното оценување индиректно се оценува и квалитетот на нивната работа, побудила кај наставниците желба за стручно усовршување, кое пак придонело да се подобри квалитетот на наставата и оценувањето. Како аргумент дека екстерните испити предизвикале позитивни ефекти во наставата според директорите е успехот на учениците на екстерните испити. Тие велат дека нема причина за незадоволство бидејќи од 50% до 85% од учениците успеваат да ги положат екстерните испити од матурата уште во јунскиот испитен рок.

Директорите сосема се согласуваат со тврдењето дека со воведувањето на државната матура значително се подигнала свеста кај учениците и нивните родители за неопходноста од квалитетно образование.

Директорите се исто така задоволни од моделот на државната матура бидејќи тој им обезбедува на најголем број матуранти влез во високото образование. Тие тврдат дека во нивните училишта од 70% до 90% од матурантите успеваат да се запишат на посакуваните факултети

уште во првиот уписен рок и на тоа се многу горди. Овие тврдења на директорите се само уште една потврда дека државната матура не ја остварува својата селективна функција.

За најголем број директори соодносот 60 освоени поени од успехот постигнат во училиште и 40 освоени поени на државната матура е реална формула според која факултетите запишуваат студенти. Причината поради која овој сооднос е прифатлив за директорите е препознатлива. Тие се свесни дека кога овој сооднос би бил во корист на државната матура, тогаш голем број матуранти не би можеле да ги добијат потребните бодови за успис на факултет. Тие се согласни дека екстерните испити од матурата поттикнуваат измамнички намери подеднакво кај сите учесници во образовниот процес. Желбата да постигнат подобри резултати ги поттикнува учениците да мамат, а наставниците и директорите да соучествуваат во измамата. Измамничките намери, пак, им ги уништуваат моралните норми, а без нив никој не може да биде добар ученик, наставник, директор, а најмалку совесен граѓанин.

Според директорите, измамите треба да се оневозможат и решението го гледаат во воведување на построги санкции во постојните правилници за организација и реализација на матурските испити. Така на пример, ако на учениците кои препишуваат им се одземе правото да полагаат државна матура, а на несовесните тестатори им се изрекуваат парични казни или закани за губење на работното место, тогаш тие никогаш не би се користиле со измами.

Иако директорите се убедени дека на овој начин ќе се подобри квалитетот на испитите, наше убедување е дека тоа не е најсоодветно решение. Ако има вистина во изреката "забранетото овошје е најпосакувано", крајно е неизвесно дали со санкции може да се постигнат очекуваните ефекти, особено кога тие се од етичка природа. Крајно е нечовечно да се казнуваат поединци за неодговорно извршување на задолженијата, ако тие не се убедени дека треба да се однесуваат поинаку. Затоа наместо казни, сите компетентни образовни институции треба да предвидат стратегија која ќе има за цел подигање на свеста на образовните субјекти и пошироката јавност за потребата од квалитетно

образование и начинот како се обезбедува. Кога ќе сфатат дека екстерните испити од матурата се во таа функција, тогаш веројатно ќе немаат причина да се однесуваат неодговорно.

Во табелата бр. 9 прикажан е степенот на согласување на директорите со одредени тврдења поврзани со државната матура, изразени со средна вредност.

Табела бр.9 Како директорите ја доживуваат државната матура

| **Искази** | **Средна вредност** |
|---|---|
| Државната матура е добро подготвен и осмислен концепт кој предизвика позитивни промени во средното образование. | 1,56 |
| Испитните процедури за екстерните испити се добро осмислени и јасни. | 1,24 |
| Со воведувањето на државната матура се подигна свеста кај учениците и родителите за значењето на образованието. | 1,44 |
| Директорите на средните училишта знаат со која цел е воведена државната матура и целосно ја поддржуваат. | 1,28 |
| Директорите на средните училишта доследно ги спроведуваат испитните процедури за екстерните испити од државната матура. | 1,28 |
| Откако се воведе државната матура наставниците почнаа многу повеќе да водат грижа како ги оценуваат учениците. | 1,60 |
| Воведувањето на екстерните испити побуди натпревар помеѓу училиштата за постигање на повисоки резултати. | 1,60 |
| Со воведувањето на екстерната матура учениците имаат посериозен однос кон наставата. | 1,48 |
| Наставниците применуваат разни методи во наставата за да ги подготват подобро матурантите за матурските испити. | 1,32 |
| Со воведувањето на екстерната матура учениците се поредовни и помалку отсуствуваат од настава. | 2,00 |
| Со воведувањето на екстерната матура се подобри меѓусебната соработка на наставниците. | 1,60 |
| Наставниците сфатија дека мораат постојано стручно и педагошки да се усовршуваат, ако сакаат нивните ученици да постигнуваат повисоки резултати на екстерните испити. | 1,60 |
| Со воведувањето на екстерните испити наставниците станаа поодговорни, поангажирани во наставата. | 1,52 |
| Наставниците кои предаваат во четврта година, најголем дел од наставата ја користат за подготовка на учениците за екстерните испити од државната матура. | 1,84 |
| За да ги положат екстерните испити, голем број од матурантите земаат приватни часови, а тоа го оптоварува семејниот буџет. | 2,16 |
| Наставниците свесно ги прифаќаат резултатите од екстерните испити. Тие им се мерило за тоа дали реализираат квалитетна настава. | 1,44 |
| Во училиштата поголемо внимание се обрнува на екстерните, отколку на интерните испити од државната матура и затоа интерните треба да се укинат. | 2,40 |
| Резултатите од екстерните испити им покажуваат на директорите какви промени треба да направат и во која насока треба да ја менаџираат наставата за да биде поквалитетна. | 1,48 |

| | |
|---|---|
| Матурантите од скопските училишта се привилигирани, бидејќи имаат подобри услови за подготовка за матурата одколку учениците од другите градови низ Републиката. | 2,40 |
| Учениците од средните стручни училишта се дискриминирани во однос на гимназијалците. Полагаат исти екстерни испити (тестови), а наставата ја следат според наставни програми со помал фонд на часови. | 1,52 |
| Резултатите од матурата укажуваат на реалните состојби во наставата. | 1,64 |
| Резултатите на екстерните испити од матурата во голема мера зависат од тоа како директорот ја организирал наставата. | 2,28 |
| Резултатите на екстерните испити во голема мера зависат од квалитетот на учебниците од кои се подготвуваат матурантите за испитите. | 1,72 |
| Преку резултатите од екстерните испити индиректно може да се оцени и работата на наставниците. | 1,80 |
| Некои тестатори им дозволуваат на учениците меѓусебно да се договараат и да препишуваат во текот на екстерните испити, а тоа ја намалува објективноста во оценувањето. | 1,84 |
| Екстерните испити предизвикуваат стресни состојби кај поголем дел од учениците. | 1,60 |
| Резултатите од екстерните испити директорите ги користат за откривање на слабите страни во наставата. | 1,56 |

Директорите-испитаници тврдат дека најголем број од директорите во средните училишта доследно ги применуваат испитните процедури во рамките на државната матура. Но, нашите сознанија го потврдуваат спротивното. Некои директори ги злоупотребуваат своите овластувања како претседатели на Училишни матурски комисии, предвреме го отвараат испитниот материјал и го даваат на ученици, самоволно менуваат тестатори и сл. Од тие причини Државниот испитен центар, оваа година, внесе измени во испитните процедури и го дистрибуираше испитниот материјал до училиштата на денот на испитот.

Интересно е сознанието дека директорите не го поврзуваат успехот на учениците со своите менаџерски способности. Убедени се дека квалитетот на постигањата на учениците најмалку зависи од начинот на кој тие менаџираат со наставата, што е мошне анегдотско сфаќање.

Ваквите сфаќања се својствени за директори почетници, а бидејќи во примерокот 64% од анкетираните се токму такви, (15 директори имаат помалку од 5 години директорско искуство), овие сфаќања се оправдани. “Непознавањето на дејноста, за многу нови директори е хендикеп. Затоа тие на самиот почеток од својот мандат, треба добро да ја проучат

целокупната дејност на организацијата во која се директори"... (Петковски, Ламева, Миленковска, 2004: 56).

Но, ако се земе предвид податокот дека сите овие директори се лиценцирани (полагале директорски испит), тогаш не би требало да имаат ваков хендикеп. Ова докажува дека Државниот испитен центар, како надлежна институција за оспособување на кандидати за директори треба добро да ја преиспита програмата според која ги спроведува обуките и да внимава кому издава директорски уверенија. Спротивно ќе репродуцира неуспешни училишни менаџери кои ќе ги уназадуваат училиштата.

Загрижува сознанието дека директорите не им придаваат посебно значење на екстерните испити. Тие тврдат дека во нивните училишта поддеднакво се важни и интерните и екстерните испити.

Ова тврдење може да се протолкува на два начини.

Прво. Директорите и наставниците не ја сфатиле целта на екстерното проверување па затоа и се однесуваат несериозно кон екстерните испити.

Второ. Директорите многу добро ја сфатиле целта на екстерното проверување. Добро знаат дека оценувањето на овој начин е пообјективно и се плашат дека со зголемувањето на бројот на екстерните испити во матурата, учениците ќе постигнуваат пониски резултати. Затоа во интерните испити гледаат шанса за успех и за најслабите ученици. Ова е причина заради која директорите се противат на укинувањето на интерните испити во матурата и не ја поддржуваат идејата екстерните испити да се спроведуваат во големи простории под зголемен видео надзор (исказ бр. 17 од табела бр. 9).

Анализата на податоците добиени од прашалникот покажа, исто така, дека возраста на директорите и училишната средина во кои тие менаџираат се варијабли од кои во голема мера зависи како директорите ги доживуваат промените предизвикани од екстерните испити во средното образование.

Табела бр.10 Влијанието на возраста на директорите и средината во која менаџираат врз проценките за квалитет на промените

| Искази | Возраст | | | | Тип на образование | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31-40 | 41-50 | 51-60 | над 60 | Сред. стручно | гимназиско | комбинирано | |
| Државната матура е добро подготвен и осмислен концепт кој предизвика позитивни промени во средното образование. | 2,00 | 1,60 | 1,63 | 1,20 | 1,89 | 1,00 | 1,46 | 1,56 |
| Испитните процедури за екстерните испити се добро осмислени и јасни. | 1,50 | 1,20 | 1,38 | 1,00 | 1,22 | 1,00 | 1,31 | 1,24 |
| Со воведувањето на државната матура се подигна свеста кај учениците и родителите за значењето на образованието. | 1,00 | 1,40 | 1,63 | 1,40 | 1,56 | 1,33 | 1,38 | 1,44 |
| Директорите на средните училишта знаат со која цел е воведена државната матура и целосно ја поддржуваат. | 1,00 | 1,30 | 1,38 | 1,20 | 1,22 | 1,33 | 1,31 | 1,28 |
| Директорите на средните училишта доследно ги спроведуваат испитните процедури за екстерните испити од државната матура. | 1,00 | 1,20 | 1,50 | 1,20 | 1,33 | 1,00 | 1,31 | 1,28 |
| Откако се воведе државната матура наставниците почнаа многу повеќе да водат грижа како ги оценуваат учениците. | 2,00 | 1,70 | 1,50 | 1,40 | 2,00 | 1,00 | 1,46 | 1,60 |
| Воведувањето на екстерните испити побуди натпревар помеѓу училиштата за постигање на повисоки резултати. | 1,50 | 1,60 | 1,75 | 1,40 | 1,78 | 1,00 | 1,62 | 1,60 |
| Со воведувањето на екстерната матура учениците имаат посериозен однос кон наставата. | 1,50 | 1,60 | 1,50 | 1,20 | 1,67 | 1,00 | 1,46 | 1,48 |
| Наставниците применуваат разни методи во наставата за да ги подготват подобро матурантите за матурските испити. | 1,50 | 1,30 | 1,50 | 1,00 | 1,33 | 1,00 | 1,38 | 1,32 |
| Со воведувањето на екстерната матура учениците се поредовни и помалку отсуствуваат од настава. | 2,50 | 2,00 | 2,13 | 1,60 | 2,22 | 1,67 | 1,92 | 2,00 |
| Со воведувањето на екстерната матура се подобри меѓусебната соработка на наставниците. | 1,50 | 1,60 | 1,75 | 1,40 | 1,78 | 1,33 | 1,54 | 1,60 |
| Наставниците сфатија дека мораат постојано стручно и педагошки да се усовршуваат, ако сакаат нивните ученици да постигнуваат повисоки резултати на екстерните испити. | 1,50 | 1,60 | 1,88 | 1,20 | 1,78 | 1,33 | 1,54 | 1,60 |
| Со воведувањето на екстерните испити наставниците станаа поодговорни, поангажирани во | 2,50 | 1,60 | 1,38 | 1,20 | 1,67 | 1,00 | 1,54 | 1,52 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| наставата. | | | | | | | | |
| Наставниците кои предаваат во четврта година, најголем дел од наставата ја користат за подготовка на учениците за екстерните испити од државната матура. | 2,00 | 2,00 | 1,75 | 1,60 | 2,11 | 2,00 | 1,62 | 1,84 |
| За да ги положат екстерните испити, голем број од матурантите земаат приватни часови, а тоа го оптоварува семејниот буџет. | 2,50 | 2,20 | 1,88 | 2,40 | 2,11 | 2,00 | 2,23 | 2,16 |
| Наставниците свесно ги прифаќаат резултатите од екстерните испити. Тие им се мерило за тоа дали реализираат квалитетна настава. | 1,50 | 1,50 | 1,50 | 1,20 | 1,44 | 1,33 | 1,46 | 1,44 |
| Во училиштата поголемо внимание се обрнува на екстерните, отколку на интерните испити од државната матура и затоа интерните треба да се укинат. | 3,00 | 2,80 | 1,88 | 2,20 | 2,56 | 1,67 | 2,46 | 2,40 |
| Резултатите од екстерните испити им покажуваат на директорите какви промени треба да направат и во која насока треба да ја менаџираат наставата за да биде поквалитетна. | 2,00 | 1,60 | 1,38 | 1,20 | 1,33 | 1,00 | 1,69 | 1,48 |
| Матурантите од скопските училишта се привилигирани, бидејќи имаат подобри услови за подготовка за матурата одколку учениците од другите градови. | 3,00 | 2,30 | 2,25 | 2,60 | 2,67 | 2,00 | 2,31 | 2,40 |
| Учениците од средните стручни училишта се дискриминирани во однос на гимназијалците. Полагаат исти екстерни испити (тестови), а наставата ја следат според наставни програми со помал фонд на часови. | 1,00 | 1,40 | 1,50 | 2,00 | 1,44 | 2,00 | 1,46 | 1,52 |
| Резултатите од матурата укажуваат на реалните состојби во наставата. | 1,00 | 1,60 | 2,13 | 1,20 | 1,67 | 1,33 | 1,69 | 1,64 |
| Резултатите на екстерните испити од матурата во голема мера зависат од тоа како директорот ја организирал наставата. | 2,50 | 2,40 | 2,25 | 2,00 | 2,33 | 1,67 | 2,38 | 2,28 |
| Резултатите на екстерните испити во голема мера зависат од квалитетот на учебниците од кои се подготвуваат матурантите за испитите. | 1,50 | 1,90 | 1,75 | 1,40 | 1,67 | 1,33 | 1,85 | 1,72 |
| Преку резултатите од екстерните испити индиректно може да се оцени и работата на наставниците. | 2,00 | 1,90 | 1,75 | 1,60 | 2,00 | 1,00 | 1,85 | 1,80 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Некои тестатори им дозволуваат на учениците меѓусебно да се договараат и да препишуваат во текот на екстерните испити, а тоа ја намалува објективноста во оценувањето. | 2,00 | 2,10 | 1,63 | 1,60 | 2,11 | 2,33 | 1,54 | 1,84 |
| Екстерните испити предизвикуваат стресни состојби кај поголем дел од учениците. | 1,00 | 1,60 | 1,75 | 1,60 | 1,56 | 2,00 | 1,54 | 1,60 |
| Резултатите од екстерните испити директорите ги користат за откривање на слабите страни во наставата. | 1,50 | 1,60 | 1,50 | 1,60 | 1,44 | 1,33 | 1,69 | 1,56 |

Од исказите на директорите прикажани во табелата може да се заклучи дека екстерните испити од државната матура извршиле многу поголемо позитивно влијание во гимназиското, отколку во средното стручно образование. Директорите во гимназиите, за разлика од другите директори се далеку посвесни дека резултатите кои ги постигнуваат учениците на екстерните испити во голема мера зависат од начинот на кој менаџираат со наставата и затоа се трудат да ја организираат наставата колку што е можно подобро. Тие ја сфатиле улогата на екстерното проверување и резултатите од екстерните испити ги користат како индикатор за подобрување на квалитетот на наставата. Преку нив тие ги откриваат недостатоците во наставата и преземаат соодветни мерки за нивно надминување. Од тие причини тие поголемо внимание обрнуваат на екстерните отколку на интерните испити.

Директорите на средните стручни училишта не ја сфатиле функцијата на екстерното проверување или не сакаат да ја сфатат. Од тие причини не се убедени дека преку резултатите од екстерните испити може да се оцени работата на наставниците. Тие не се доволно оспособени да ги користат резултатите од екстерните како механизам за подобрување на квалитетот на образованието и затоа се против идејата за зголемување на бројот на екстерните испити во матурата.

И возраста на директорите влијаела врз нивните ставови во врска со државната матура. Се чини дека директорите на возраст помеѓу 31 и 40 години се најкритични кон моделот на државната матура и успеале најреално да ги согледаат неговите недостатоци. Свесни се дека за да бидат поквалитетни екстерните матурски испити треба да се направат

многу значајни промени како од содржински така и од организациски аспект. За нив неопходно е да се усогласат наставните програми и фондот на часовите според кои се реализира наставата во гимназиското и средното стручно образование, да се полагаат екстерните испити во големи простории и под зголемен видео надзор, а испитниот материјал да се дистрибуира до училиштата на денот на испитот. За нив е важно Државниот испитен центар постојано да организира обуки за оспособување на наставниците како да ги менторираат матурантите за матурските испити.

Оваа возрасна група директори е свесна дека успехот на учениците на матурските испити во голема мера зависи од нивните менаџерски способности, знаат како да ги искористат резултатите од матурата и затоа може да се очекува во најскоро време тие да го подобрат квалитетот на наставата во училишта во кои директоруваат. Тие се убедени дека со зголемувањето на бројот на екстерните испити во матурата ќе се овозможи следење и контрола на квалитетот во средното образование и ќе се овозможи правилна селекција на матурантите при упис на факултет.

**Заклучни согледувања за директорите**

Општ е впечатокот дека директорите во споредба со останатите испитаници (ученици, студенти, наставници) многу високо ги проценуваат ефектите од екстерните испити врз образованието, а тоа е причина да се посомневаме во нивната објективност. Се чини дека директорите се најкомформистичка група на испитаници и сакаат да ги прикажат состојбите во образованието во најдобро светло.

Од исказите на директорите-испитаници може да се заклучи дека повеќето директори во средните училишта се директори од типот административци, на кои, најважно им е да прикажат добри резултати пред своите претпоставени, независно од начинот како се тие постигнати. Наша проценка е дека овие директори, поради недостиг на критичност и самокритичност нема никогаш да бидат сигурни дали обезбедиле услови за успешна организација и реализација на воспитно

образовниот процес, ниту ќе можат реално да оценат колку наставниците и учениците квалитетно и одговорно ги извршуваат задачите во наставата. Но, какви и да се проценките и намерите на директорите, сепак од нивните искази може да се заклучи дека во матурата постои нешто непродуктивно.

Најголем број од директорите не ја разбираат функцијата на екстерното проверување во рамките на матурата и затоа неможат реално да ги проценат ефектите од него.

Со искучок на директорите во гимназиското образование сите други директори резултатите од матурските испити не ги користат за подобрување на квалитетот на наставата ниту за подобрување на образовниот менаџмент, бидејќи не знаат како да го направат тоа. Убедени се дека успехот на ученците не зависи од нивното менаџирање со наставата и затоа не се ни обидуваат да внесат промени. Поради тоа ефектите од екстерните испити во матурата се поголеми во гимназиското отколку во стручното образование.

## *4.5 Анализа на резултатите од интервјуто со просветните инспектори*

Со цел да се утврди како државните службеници ги проценуваат ефектите од екстерните испити на матурата, беше спроведено интервју со пет државни просветни инспектори од Државниот просветен инспекторат, институција во состав на Министерството за образование и наука. Се претпостави дека оваа категорија испитаници ќе може најдобро да ги идентификува промените предизвикани од државната матура во средното образование бидејќи нивна задача е да ја следат наставата и да преземаат мерки за нејзино подобрување. Непосредните увиди во наставата им овозможуваат да согледаат како наставниците ја планираат и организираат наставата, какви техники на учење

применуваат во процесот на поучување, како ја водат педагошката документација, каква е редовноста и дисциплината на часовите и сл.

Тројца од интервјуираните инспектори се мажи и две жени на возраст помеѓу 51 и 60 години и работен стаж како инспектори помал од 10 години. Интервјуто се водеше според десетина однапред подготвени прашања. Од исказите на инспекторите може да се заклучи следното: Државната матура во Р. Македонија, како и во голем број европски земји, е дел од системот за следење и контрола на квалитетот во образованието. Концепцијата е добро осмислена и овозможува поголема објективност во оценувањето на знаењата и способностите на учениците. Преку резултатите кои ги постигнуваат учениците на екстерните испити, според инспекторите, може индиректно да се оцени и квалитетот на работата на наставниците и училишната клима. Од тие причини резултатите од екстерните испити тие ги користат како стандардизиран индикатор при проценка на квалитетот на работата на училиштата. Значи за инспекторите екстерните матурски испити се во функција на следење и контрола на квалитетот на средното образование.

Инспекторите се убедени дека сè уште е рано да се почувствуваат ефектите од влијанието на матурските испити врз наставата и учењето, од причина што училиштата сè уште не се доволно подготвени за нови предизвици. Но, затоа, убедени се, дека матурските испити предизвикале позитивни промени на училишно ниво. Според нив државната матура (нејзиниот екстерен дел) влијаела да се промени училишната клима, односно да се промени амбиентот во кој се реализира наставата. Инспекторите тврдат дека во последно време директорите во средните училишта многу повеќе се ангажираат да создадат оптимални услови за работа на вработените, ред и дисциплина, многу повеќе се грижат за редовноста во наставата . Забележуваат дека наставниците се поодговорни и посовесни кон работата и покажуваат поголем интерес за меѓусебна соработка. Сето тоа според нив е резултат на влијанието на екстерните испити од матурата. Чувството дека некој друг однадвор ќе го оценува квалитетот

на работата во училиштето ги натерало вработените поодговорно и посовесно да ги извршуваат своите обврски.

Екстерните испити од матурата според инспекторите имаат мотивирачки карактер. Желбата учениците да постигнат подобри резултати на екстерните испити го зајакнува натпреварувачкиот карактер помеѓу училиштата. Накои училишта, пак, токму заради добрите резултати кои ги постигнале нивните ученици на екстерните испити успеале да си го подобрат углед во регионот, што се потврдува со зголемениот интерес за запишување на ученици во тие училишта.

Инспекторите се согласуваат со тврдењето дека државната матура најголемо влијание извршила врз наставниците кои ги предаваат мајчините јазици, математика, странските јазици, бидејќи овие наставни предмети се екстерни испити во државната матура. Значи екстерноста е причина тие да се однесуваат посовесно и поодговорно во наставата, да ја зголемат објективноста при оценувањето. Овие наставници според нивно мислење ги користат резултатите од екстерните испити како индикатори за самоевалуација на сопствената работа, што не е случај со останатите наставници.

Голем недостаток на Концепцијата за државна матура според инспекторите е постоењето на две испитни сесии за полагање на екстерните испити. Според нивно убедување втората испитна сесија треба да им се даде само на оние ученици кои од оправдани причини не успеале да полагаат во јунската испитна сесија.

Инспекторите се на мислење дека институциите на локалната самоуправа не се доволно вклучени во активностите околку организација и реализација на државната матура. И самите се сметаат за недоволно искористени за потребите на државната матура. Нивна проценка е дека успехот на матурските испити би бил далеку подобар кога тие би го интензивирале инспекторирањето, особено во училиштата кои континуирано покажуваат послаби резултати на екстерните испити. Според нив, матурските испити би биле поквалитетни доколку се интензивира соработката помеѓу сите образови институции кои на свој начин се грижат за квалитетот на образованието. Убедени се дека Министерството за обазование и наука и Бирото за развој на

образованието треба да ги користат рзултатите од екстерните испити и резултатите од инспекторирањето како индикатори при планирањето на образовните реформи.

# 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

По примерот на голем број европски земји и Република Македонија разви систем за следење и контрола на квалитет на образованието на сите нивоа (училишно, локално и државно). Дел од тој систем се и завршните испити на крајот од средното четиригодишно образование, особено државната матура со нејзиниот екстерен дел.

Екстерните испити во матурата беа замислени како инструмент за откривање на слабостите во средното образование и индикатор според кој ќе се преземаат логички решенија за подобрување на неговиот квалитет. Креаторите на концепцијата за државна матура претпоставија дека резултатите од екстерните испити ќе бидат причина да се зголеми одговорноста на образовните субјекти во извршувањето на своите обврски; дека наставниците поквалитетно ќе ги реализираат наставните програми; дека учениците ќе бидат поредовни и подисциплинирани во наставата; дека директорите ќе рзвиваат современи менаџерски стратегии; дека ќе се подобри училишната клима и соработката помеѓу образовните субјекти; дека ќе се подобри квалитетот на образовните услуги. Со други зборови се очекуваше да се подобри квалитетот на средното образование во Р. Македонија.

Подобрувањето на квалитетот во средното образование, пак, требаше да предизвика и позитивни квалитативни промени и во високото образование. Се очекуваше матурантите со положена државна матура да бидат поподготвени и поуспешни во студиите од студентите без положена државна матура. Се претпостави дека екстерните испити ќе им помогнат на матурантите поуспешно да ја определат својата професионална ориентација и подобро да го испланираат самообразованието за цел живот.

Резултатите од истражувањето покажаа дека различни образовни субјекти (ученици, наставници, директори, инспектори) имаат различни ставови и мислења во однос на одредени прашања поврзани со државната матура, што се должи на различното поимање на квалитетот како вредносна категорија, но и од различниот статус кој го заземаат во

образовниот систем. Така на пример, мислењата и ставовите на учениците и студентите за матурата се далеку построги, покритични, покатегорични, логички поточни, пореални, поемотивни за разлика од оние на другите, бидејќи тие се најзасеганати од матурата. Мислењата и ставовите пак на директорите и инспекторите во однос на матурата се конформистички, типични за претставници на државната и јавната администрација. Наставниците имаат неутрални ставови и мислења во однос на државната матура, а тоа е доказ дека тие не ги разбрале во целост целта и смислата за нејзиното постоење. Но, во суштина сите образовни субјекти се согласни дека државната матура не предизвикала значителни позитивни промени во средното образование. Според нив екстерните испити од државната матура се спроведуваат со голем број неправилности кои го попречуваат реалното оценување на нивните академски знаења. Сегашнава практика на реализација на испитите од државната матура не може да покаже дека ученикот поседува квалитетни знаења и способности кои ќе му овозможат успех во студирањето. Целта да се селектираат вистински добрите ученици кои ќе го продолжат своето академско образование, наспроти послабите за факултет, со сегашнава реализација не може да се исполни до крај.

Екстерните испити не ги поттикна очекуваните промени во:

- реализацијата на наставните програми во средното образование;
- подобрување на училишната клима и организацијата на наставата;
- квалитетот на стекнатите знаења кај учениците;
- зголемување на одговорноста, професионалната етика на наставниците.

Сознанието дека ќе бидат екстерно проверувани и оценувани не го зголемил кај учениците интересот за учење, ниту пак ги мотивирало кон постигање на поквалитетни знаења и способности. Иако нашите претпоставки беа дека државната матура ќе влијае врз свеста на учениците и ќе ги направи подисциплинирани и поредовни на настава, тие не се потврдија.

Минимални се ефектите од екстерните испити и врз квалитетот на наставата. Иако постојат докази дека со воведувањето на државната матура, особено екстерните испити,кај некои наставници (оние чии

наставни предмети се екстерни испити) значително го подобриле начинот на поучување, ја осовремениле својата настава, тоа не ни дава за право да донесеме генерален заклучок дека сега наставата во средното образование е поквалитетна. Точно е дека овие наставници се обидуваат да направат позитивни промени во наставата, но загрижува податокот што сета своја енергија ја насочуваат за организирање на настава во согласност со барањата во испитните програми. Помислата дека слабите резултати на учениците на екстерните испити можат да ја девалвираат нивната работа, ги натерало наставниците редовната настава да ја стават во функција на екстерните испити. Наместо да ја организираат и реализираат редовната настава согласно барањата во наставните програми, голем дел од овие наставници ја прилагодуваат на барањата во испитните програми и со тоа ја злоупотребуваат. Редовната настава ја искористуваат за развивање на стратегии како учениците полесно да ги решат задачите во тестовите,а не да се стекнат со трајни знаења. Оваа пракса не дозволува развој на поучувањето и учењето .

Екстерните испити не влијаеле да се подобри училишната култура во средното образование. Мал број директори ги користат резултатите од екстерните испити за донесување на правилни одлуки, за подобрување на соработката меѓу наставниците и учениците, за евалуација на сопствената работа и работата на вработените.

Сето ова ни дава за право да се посомневаме во ефикасноста на државната матура како модел на завршен испит, како и во нејзината филозофска, општествена и финансиска оправданост.

Резултатите од истражувањето не ги потврдија поставените хипотези, но потврдија дека креаторите на Концепцијата за државна матура и завршен испит, образовните власти, образовната и поширока јавност не се доволно сериозни во пристапот кон државната матура. Со истражувањето се потврди дека на државната матура во Р.Македонија не и се дозволува развојна визија,со тоа се стекнува впечаток дека целта е промашена и дека нема повратно позитивно влијание врз учењето и поучувањето.Ако не се дозволи вистински развој на државната матура и ако не се користат сознанијата на стручните лица кои го познаваат

одблиску предизвикот државна матура, сегашната реализација само може да му нанесе големи штети на образованието.

Од фактот дека државната матура веќе пет години се реализира според Концепција во која не се направени промени во насока на нејзино осовременување, може да се заклучи дека образовната власт не се грижи доволно за државната матура. Таа од година во година, наместо да го зголемува, го скусува годишниот буџет предвиден за државната матура и на тој начин ја оневозможува квалитетната реализација на матурските испити.

Истражувањето, исто така покажа дека е крајно време одговорните институции за образованието во Р.Македонија да отпочнат меѓусебен, отворен дијалог во кој јасно ќе ги дефинираат своите обврските во системот за обезбедување на квалитетот на образованието и доколку е потребно да започнат со ново преструктуирање. Тоа значи дека Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Просветниот инспекторат и Државниот испитен центар ќе мораат да изработат стратегија во која ќе се знае кој, што и со каква цел оценува.

За вработените во Државниот испитен центар ова истражување треба да биде поттик за нови размислувања во насока на зацврстување на институционален авторитет и на стручната автономија. Тие имаат сознанија дека моделот на државна матура, онака како што се спроведува во средните училишта, во целина не ги мери објективно знаењата и способностите на учениците бидејќи се свесни за одредени недоследности во реализацијата на испитите. Тие се свесни дека државната матура е цел сама за себе,ако сите не ја сфаќаат и не ја доживуваат како важен елемент на екстерната евалуација. Но, нивен голем хендикеп беше и сè уште é недостаток на авторитет кој ќе ги убеди образовните власти за неопходноста од усовршување на моделот за државната матура.

Резултатите од ова истражување не се за нив ексклузивитет, туку само потврда за оправданоста на нивните сомнежи во врска но ефектите од државната матура врз средното образование.

Резултатите од истражувањето се доказ дека Државниот испитен центар, како најодговорна институција за организација и реализација на државната матура, треба да започне веднаш со евалуативни истражувања. Преку нив ќе може да го утврди видот и квалитетот на промените предизвикани од државната матура, да ги отстрани негативните ефекти и да ги направи потребните промени во насока на нејзино усовршување. Ваквите истражувања треба да станат составен дел на дејноста на Државниот испитен центар.

Преку евалуативно истражување Државниот испитен центар треба да ја испита и ефикасноста, функционалноста, визијата, мисија на Концепцијата за државна матура и завршен испит во јавните средни училишта во Р.Македонија и согласно добиените резултати да предвиди мерки за нејзино подобрување. При тоа треба да ги земе предвид влијанието на културата, традицијата, вредностите, условите во кои се реализира наставата, стручната компетентност на наставниците и директорите за извршување на нови општествени улоги во променети услови предизвикани државната матура. Од големо значење е да утврди дали сите образовни институции кои се задолжени за следење и контрола на квалитетот во образованието на подеднаков начин го поимаат квалитетното образование. Она што веднаш треба да го направи Државниот испитен центар е:

- да утврди дали училиштата, наставниците, учениците, нивните родители се подготвени за реализација на државната матура ( да ги утврди нивните ставови, очекувања) со цел да ги избегне сите можни ризици;
- да утврди дали во училиштата постојат оптимални услови за реализација на матурските испити;
- да го провери квалитетот на испитниот материјал, валидноста на содржините опфатени со испитните програми, нивоата на барања во испитните задачи;
- да испита дали има корелација помеѓу резултатите од матурските испити и академските постигања;
- да внесе промени во испитните процедури со кои ќе се овозможи непречено одвивање на екстерните испити (на пример,

полагањето да се одвива во големи простории под засилен видео надзор и сл.);

- да обезбеди правна регулатива со која ќе се санкционира секоја неодговорна, несовесна постапка на лицата вклучени во реалзацијата на екстерните испити од матурата;
- да се зголеми бројот на екстерните испити за да им се овозможи на учениците поголема изборност која е важна при упис на факултет;
- резултатите од екстерните испити во матурата, во форма на извештаи да ги испраќа до сите државни образови институции (Министерство за образование и наука, Државен просфетен инспекторат, Биро за развој на образованието, Центарот за стручно образование), за да може секоја, во доменот на своите овластувања, да презeме соодветни активности во насока на подобрување на квалитетот на средното образование.

Со други зборови, Државниот испитен центар треба да отпочне интензивна соработка со сите горе наведени институции со цел координирање на активностите, меѓусебно информирање за резултатите од сопствената работа и заедничко донесување на одлуки. На тој начин сите горе наведени институции ќе станат функционален дел од системот за следење и контрола на квалитетот на образованието во Р.Македонија, а резултатите од екстерната проверка ќе бидат основа за градење на нови стратегии и концепции во образованието.

Идејата за државната матура во Р.Македонија не е сфатена како потреба, како нешто од кое треба да има полза целото општество, туку како наметната политичка одлука со која државата ќе има поголема контрола врз училиштата. Единствено вработените во Државниот испитен центар ја разбираат вистинската полза и значење на државната матура. Од тие причини тие треба да планираат и организираат активности во насока на подигање на свеста на образовните субјекти за неопходноста од екстерната евалуација. Да се убедат дека секој што работи, извршува општествена улога мора да биде и оценет зошто само на тој начин може да дознае колку квалитетно ја извршува работата, улогата која му е доделена. Да сфатат дека само граѓаните кои

поседуваат квалитетни знаења можат да си обезбедат успех во личниот и професионален развој и успешно да се интегрираат во заедницата.

Со други зборови, Државниот испитен центар својата енергија треба да ја насочи кон создавање на култура за промени која ќе им помогне на сите образовни субјекти да ја сфатат поребата од воведување на промени во образованието (во случајот воведувањето на екстерните испити) како сопствена потреба.

На овој начин можеме да очекуваме образовниeто во Р. Македонија во најскоро време да стане место за создавање на квалитетна работна сила со знаења и способности која ќе одговара на економскиот развој на земјата и ќе биде конкурентна на технолошкиот напредок и глобалната економија.

# Прилози



# П р а ш а л н и к

## за ученици - матуранти

Почитувани,

Овој анкетен прашалник е дел од истражувањето кое има за цел да утврди, дали со воведувањето на екстерните испити во рамките на државната матура, се предизвикани позитивни промени во средното четиригодишно образование.

За одговор на прашањата ќе ви бидат потребни околу 30 минути. Вашите одговори се анонимни.

Податоците од прашалникот ќе се искористат за подобрување на квалитетот на испитите и испитните процедури на државната матура и за подобрување на квалитетот на средното образование. Затоа Ве молиме, искрено одговорете на поставените прашања.

Ви благодариме за соработката.

## I. Со оваа група на прашања треба да се добијат податоци за Вас и за Вашето училиште.

(Заокружете еден од понудените одговори или запишете одговор на соодветно место).

1. Твојот пол

А. Женски Б. Машки

2. На кој вид средно образование си запишан?

А. Гимназиско образование
Б. Стручно образование
В. Музичко образование
Г. Уметничко образование

3. Со каков успех очекуваш да ја завршиш четврта година?

______________________________________________________

4. Дали се чувствуваш доволно информиран за тоа како се полага државната матура?

А. Да Б. Не

5. Како ги доби информациите за полагањето на државната матура?

А. Од веб страницата drzavna matura.gov.mk
Б. Од наставниците и директорот во училиштето.
В. Од ученици кои веќе полагале државна матура.
Г. Ги користев сите горе наведени извори.

5. Колку време е потребно за подготовка на екстерните испити од државната матура?

А. Две недели пред почеток на полагање на испитите.
Б. Еден- два месеци пред почеток на полагањето на испитите.
В. Во текот на цела четвртата година од средното образование.
Г. Континуирано во текот на целото средно образование.
Д. Не е потребна посебна подготовка.

7. Колкав процент на пријавени ученици од твојата генерација очекуваш да ги положат екстерните испити во јунската испитна сесија?

А. Околу 50% од пријавените ученици.

Б. Помалку од 50% од пријавените ученици.
В. Повеќе од 50% од пријавените ученици.

8. Кои наставници (по кои наставни предмети) според тебе најдобро ги подготвуваат матурантите да ги положат матурските испити и зошто?

________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________

9. Кои наставни предмети најчесто ги полагаат матурантите на интерно ниво во вашето училиште и зошто?

________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________

10. Дали си убеден дека ќе ги положиш екстерните испити од државната матура уште во јунската испитна сесија?

А. Да　　　　　　Б. Не

11. На кој факултет имаш желба да се запишеш?

________________________________________________________________

12. Дали сметаш дека резултатите од државната матура ќе имаат пресудно влијание за запишување на факултет?

Да　　　　　　Не

**II. Овие прашања се однесуваат на екстерните испити од државната матура.**

Ве молиме, прочитајте ги внимателно долунаведените тврдења, а потоа (со заокружување на еден број од еден до три) искажете до кој степен се сложувате со секое од тврдењата. При тоа користете еден од следните степени:

**1 - сосема се согласувам 2 - делумно се согласувам 3 - воопшто не се согласувам**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сите матуранти во училиштето се добро информирани за начинот на кој се полагаат екстерните испити од државната матура. | 1 | 2 | 3 |
| 2. | Сите ученици знаат дека државната матура е услов за упис на факултет. | 1 | 2 | 3 |
| 3. | Учениците се убедени дека на екстерните испити од матурата оценувањето е објективно. | 1 | 2 | 3 |
| 4. | Државната матура ги натера учениците повеќе да учат за да стекнат поквалитетни знаења. | 1 | 2 | 3 |
| 5. | Заради државната матура учениците помалку бегаат од часови). | 1 | 2 | 3 |
| 6. | Откако се воведоа екстерните испити од државната матура, наставниците се поангажирани и подобро предаваат. | 1 | 2 | 3 |
| 7. | Одреден број ученици се уште не знаат дека постојат испитни програми според кои треба да ги подготвуваат испитите за државната матура. | 1 | 2 | 3 |
| 8. | На учениците им се поважни екстерните од интерните испити и затоа за нив подолго време се подготвуваат. | 1 | 2 | 3 |
| 9. | Учениците од скопските средни училишта имаат подобри услови да се подготват за матурските испити од учениците во останатите градови. | 1 | 2 | 3 |
| 10. | Матурантите кои учат континуирано во текот на средното образование, испитите од матурата можат да ги положат уште во јунскиот испитен рок. | 1 | 2 | 3 |
| 11. | Наставниците кои ги предаваат мајчините јазици, странските јазици и математика имаат построги критериуми за оценување од другите наставници. | 1 | 2 | 3 |
| 12. | Наставниците во четврта година го предаваат само материјалот кој е потребен да се положи државната матура. | 1 | 2 | 3 |
| 13. | Со воведувањето на екстерната матура, наставниците многу повеќе соработуваат со учениците. | 1 | 2 | 3 |
| 14. | Наставниците во четврта година многу често ги оценуваат учениците преку тестови слични на тестовите на екстерните испити. | 1 | 2 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Во училиштето се создаде поголема работна клима откако се воведе државната матура. | 1 | 2 | 3 |
| 16. | Државната матура им овозможи на голем број матуранти – ваши другари, да студираат надвор од земјата. | 1 | 2 | 3 |
| 17. | Поголем дел од наставниците држат дополнителна настава со матурантите за да ги подготват полесно да ја положат државната матура. | 1 | 2 | 3 |
| 18. | Резултатите од екстрните испити се објективни, бидејќи тестовите се шифрирани. | 1 | 2 | 3 |
| 19. | Матурата ги натера учениците повеќе меѓусебно да соработуваат, да си помагаат, да другаруваат. | 1 | 2 | 3 |
| 20. | Голем број ученици пстигнуваат послаби резултати на матурските испити затоа што се навикнати на усмено испрашување. | 1 | 2 | 3 |
| 21. | Дисциплината на часовите е поголема бидејќи учениците сакаат што подобро да научат за матурските испити. | 1 | 2 | 3 |
| 22. | Учениците не учат во текот на наставата како се пишуваат текстови и затоа на екстерните испити губат многу бодови. | 1 | 2 | 3 |
| 23. | Родителите сфатија дека нивните деца треба да учат за да ја положат матурата и не бараат врски за повисоки оценки во текот на школувањето. | 1 | 2 | 3 |

Наведете ги забелешките кои сакате да им ги упатите на одговорните за државната матура.

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

